# С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А

2017-2019 година

**Врз основа на член 71 ,став 1 од Статутот на ООУ,, Аврам Писевски" с. Бардовци -Скопје , 02-77/1 од 15.4. 2019 година ,Училишниот одбор на ден 20.8.2019 ја донесе следната :**

# О Д Л У К А

**За разгледување и усвојување на самоевалуацијата**

**1.Училишниот одбор на седницата одржана 20.8.2019 година ја разгледа и усвои Самоевалуацијата на училиштето за периодот 2017-2019 година.**

**2.Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното усвојување .**

1. м-р Матилда Бајкова - директор,
2. м-р Елизабет Солтирова – психолог и координатор
3. Оливера Петрушевска – одделенски наставник,
4. Зорица Бебекоска Спиридонов– предметен наставник
5. Анета Симоновска-родител

Формирани се работни групи составени од одделенски и предметни наставници по одредени подрачја.

**Работни групи за подрачја:**

1. Наставни планови и програми
   - **Александра Гаврилоска - одделенски наставник, Ана Деспотовска – одделенски наставник и Зорица Бебекоска Спиридонов – предметен наставник**
2. Постигањата на учениците
   - **м-р Елизабет Солтирова - психолог, Оливера Петрушевска – одделенски наставник и Елена Мазни – предметен наставник**
3. Учење и настава
   - **Слаѓана Чекичевска- предметен наставник, м-р Наташа Весковски – одделенски наставник, Благојче Бошковски – предметен наставник и Зоран Бочваров – предметен наставник**
4. Поддршка на учениците
   - **Наташа Томшиќ - предметен наставник, Љубица Манов – предметен наставник и Ацо Христовски - предметен наставник**
5. Училишна клима
   - **Кристина Андриќ Стојановска - одделенски наставник и предметните наставници Ана Дионисиева, Марика Ракиќ и Стеван Боцевски -**
6. Ресурси
   - **м-р Александра Илиевска – предметен наставник, Драгана Горковска Гавриловска – одделенски наставник и Александра Смилковска – одделенски наставник**
7. Управување и раководење
   - **Слободанка Пешевска – одделенски наставник, Нада Блажевска – одделенски наставник и Маја Христовска – предметен наставник**

**Цели на самоевалуацијата**

Со самоевалуацијата, училиштето има за цел да обезбеди увид во состојбата и напредувањето на училиштето во временскиот период од 2017 година до 2019 година (опфат на учебните 2017/2018 и 2018/2019 година) во однос на организацијата и реализацијата на наставата и учењето, постигањата на учениците, професионалниот развој на раководниот и наставниот кадар и стручните соработници, постигањата на учениците во учењето, создавање на училишна клима и култура на взаемно почитување, безбедна и здрава средина, со меѓуетничката интеграција, недискриминација, а низ перспективата на наставниците, учениците и родителите.

Во таа смисла, самоевалуацијата е средство кое ќе овозможи на училиштето да направи анализа на досегашните постигања и напредокот во последните две години, да ги разгледа можностите за понатамошен развој и да ги постави приоритети за развој во следниот период преку непосредно и активно учество на наставниците, учениците и родителите во текот на целиот процес – од идентификување на состојбата, па сè до креирање на плановите за подобрување. Со оглед на тоа што подобрувањето на воспитно-образовниот процес вклучува активности што се реализираат со учениците и од страна на наставниците, на промени во атмосферата и опкружувањето во училиштето, како и на соработката на училиштето со родителите, со општината и со други училишта, од наставниците, учениците и родителите се очекува да ги вреднуваат состојбите и да го следат напредокот на училиштето во сите подрачја. Самоевалуацијата се базира на увиди во педагошката документација, годишните програми за работа на училиштето, полугодишни и годишни извештаи, претходнио извршена самоевалуација, записници од стручните органи на училиштето, интегрални увиди, анализа, синтеза, анализи на статистички податоци, задавање прашалници кои се подготвени така да на нив можат да одговараат сите три наведени групи учесници. Притоа, од нив се очекува да ја вреднуваат состојбата во училиштето во поглед на наведените подрачја онака како што се перцепира дека е и да ја проценат важноста и да ги искажат сопствените очекувања за во иднина.

## ПОДРАЧЈЕ 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

| |
|---|
| ***Во евалуацијата на ова подрачје работната група ги разгледа пишаните документи со кои располага училиштето и ги разгледа сите прашања кои се од значење на подрачјето.*** |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br>➢ Организација на наставните планови и програми<br>➢ Квалитет на наставните планови и програми<br>➢ Вон-наставни планови и програми |

| **Собирање на податоци** | |
|---|---|
| **Документи** | **Информации** |
| 1.1 Наставни планови и програми<br><br>1.2. Годишна програма за работа на основното училиште<br><br>1.3 Дневник за работа на паралелката<br><br>1.4 . Извештај од советник од БРО<br><br>1.5. Записници од Наставнички совет<br><br>1.6. Годишни и полугодишни | Во почетокот на учебна година наставниците предаваат наставни планови во согласност со наставните програми. Наставните планови се квалитетно изработени и со користење на ИКТ, МИО и ЕКО содржини. Истите се во согласност со наставните програми по соодветните предмети. Во учебните 2017/2018 и 2018/2019 формирани се по две паралелки во прво одделение. Наставата е во една смена. Во рамките на нашето училиште работи и продолжен престој во кој се опфатени учениците од прво до петто одделение.<br><br>Во наставните програми и планирање од учебната 2016/2017 год. во одделенска настава се вклучени акциски планови од Зедницата за учење, проект кој е поддржан од USAID и МОН и истите успешно се реализираат. Од учебната 2019/2020 година овие акциски планови ќе се реализираат како истражувачки активности. Наставните планови и програми се разгледуваат и усвојуваат на ниво на стручни активи, а потоа истите се разгледуваат на Наставнички совет.<br><br>Во извештаите што ги изготвуваат советниците од БРО при преглед на годишната програма за работа го утврдија истото т.е. дека во училиштето се работи и реализира наставна програма изработена од БРО, а одобрена од МОН.<br><br>Наставниците изготвуваат тематско интегрирано планирање, тематско – процесно планирање и дневни оперативни планирања кои даваат убава можност за добро реализирање на наставните планови и програми. Во планирањата се предвидени содржини од областа на екологијата, меѓуетничка интеграција и соджини кои предвидуваат користење на ИКТ. Планирањата содржат и начини на оценување, стандарди и критериуми на оценување, распоред на писмено проверување и натпревари, план и програма за додатна и дополнителна настава, соработка со родителите, општествено – корисна работа, здравствена заштита, слободни ученички активности, воннаставни активности, планирани посети, екскурзии и излети.<br><br>Во училиштето има 6 ученици со посебни образовни потреби(со медицинска белешка) вклучени во редовна настава.Тие се вклучени во наставниот процес со прилагодени наставни програми според |

| | |
|---|---|
| извештаи за работа училиштето<br><br>1.7. Годишни и тематски планови по наставни предмети<br><br>1.8 Дневни оперативни планирања по наставни предмети | нивните можности . Истите се идентификувани од страна на стручната служба. Овие ученици во текот на наставата имаат подршка од образовни или лични асистенти кои се ангажирани од страна на Општината и МОН . Во нашето училиште еднаш неделно доаѓа дефектолог кој работи со децата со посебни образовни потреби .<br><br>Наставните планови и програми во училиштето се реализираат со висок процент.<br><br>Наставата се реализира воглавно во опремени училници кои овозможуваат делумно квалитетен наставен процес и целосна реализација на наставните програми. Освен задолжителните предмети во редовната настава во нашето училиште се изучуваат и изборни предмети.<br><br>Во месец јуни на учениците им се нудат изборни предмети согласно предвидениот НПП за новата учебна година преку анкетни листови и беа избрани:<br><br>**2017/2018**<br><br>**III** одделение - Јазик и култура на ромскиот јазик<br><br>**IVa** одделение - Творештво и Јазик и култура на ромскиот јазик<br><br>**Va,б** одделение - Творештво<br><br>**VIa** одделение - Запознавање со религии<br><br>**VIIa** одделение - Проекти од информатика<br><br>**VIIб**одделение - Танци и ора<br><br>**VIIIa** одделение - Унапредување на здравјето и Вештини за живеење<br><br>**IXa** одделение - Истражување на родниот крај<br><br>**IXб** одделение - Изборен спорт |

| | |
|---|---|
| | **2018/2019**<br><br>**III** одделение - Јазик и култура на ромскиот јазик<br><br>**IV а,б** одделение - Творештво и Јазик и култура на ромскиот јазик<br><br>**V** одделение - Творештво<br><br>**VIа** одделение - Запознавање со религии<br><br>**VIб**одделение - Запознавање со религии<br><br>**VIIа** одделение - Проекти од информатика и Танци и ора<br><br>**VIIIа** одделение - Вештини за живеење и Проекти од информатика<br><br>**VIIIб** одделение - Вештини за живеење и Проекти од информатика<br><br>**IXа** одделение - Истражување на родниот крај и Изборен спорт<br><br>Учениците влијаат врз наставната програма преку проектни активности, еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди, учество во воннаставни активности, спортски активности и други слободно ученички активности.<br><br>Соработката со родителите во училиштето е зголемена. Дел од родителите активно учествуваат во активности кои се реализираат во училиштето, работилници, хепенинзи, посета на нивните работни места, но поголем дел од родителите сеуште не се вклучуваат во истите овие активности.<br><br>Во текот на месец мај се **реализира упис на првачиња**. Училиштето истакнува известување за упис и потребни документи. На родителите кога ќе ги донесат потребните документи им се закажува термин за интервју и набљудување на децата при упис во прво одделение. Во 2017/2018 година беа запишани 36 првачиња, а во 2018/2019 се 34 од кои двајца ученици се со посебни образовни потреби и истите имаат личен асистент. Вкупно ученици во 2017/2018 се 239, а во 2018/2019 се 238. Во текот на месец мај во |

| | |
|---|---|
| | учебната 2017/2018 и 2018/2019 година се организира **Саем на знаење** во кои секоја паралелка од одделенска настава се претставува со своите изработки и активности од тековната учебна година, а учениците од предметна настава се претставуваат преку природните, општествените и јазичните групи на предмети.<br><br>Наставниците преку примена на современи наставни методи, техники и форми на работа, преку интегрираните содржини по одредени предмети со примена на активна настава, имаат влијание за успешна реализацијата на наставната програма.<br><br>Во училиштето работи **продолжен престој** во кој се опфатени ученици од прво до петто одделение. За продолжен престој секој родител на почетокот на учебната година потпишува согласност за престој на неговото дете по редовната настава.<br><br>Покрај редовната настава во која се опфатени задолжителни и изборни предмети за сите редовни ученици, организирана е и дополнителна, додатна настава, воннаставни активности и слободни ученички активности.<br><br>**Дополнителна настава** се организира за оние ученици кои од оправдани причини заостануваат во совладувањето на програмските содржини по одделни предмети. Во зависност од постоечките потреби истата се организира и пред наведените термини.<br><br>**Додатна настава** организирана е за талентирани ученици и со посебни способности и интерес за продлабочување и проширување на знаењата во одделни области и дисциплини. Овде припаѓа и планирањето на работата со талентираните ученици кои го претставуваат училиштето на разни натпревари и други манифестации, кои пак придонесуваат за афирмирањето на училиштето.<br><br>**Слободни ученички активности** во училиштето се планираат и реализираат преку целата учебна година со ученици кои покажуваат поголем интерес за одредена област.<br><br>**Општествено културната дејност** на училиштето активно е вклучена во локалното живеење. Во соработка со организации и поединци од локалната сфера, па и пошироко се планираат предавања, советувања и работилници, настани и посети со што се влијае на подобрување на квалитетот на наставата, |

| | |
|---|---|
| | поголема соработка меѓу училиштето и локалната средина.<br><br>Културните и уметнички програми исто така се вклопуваат во **вон-наставните активности**.<br><br>Начинот на реализација на наставните планови и програми, училиштето ги приспособува преку соработка со локална средина, преку посети на музеи, театри, кина, современа опсерваторија, фабрики, аеродром, соработка со полицијата, спортски манифестации, заеднички акции по екологија, соработка со училишта со деца со посебни потреби, гериатријски домови, со хуманитарни организации, хуманитарни работилници, хепенинзи и др.<br><br>На почетокот на учебната година наставниците ги информираат за наставните програми за тековната учебна година и ги запознаваат родителите со целите од наставните планови по сите наставни предмети и истите се истакнуваат на видно место во училницата со што им се овозможува на родителите и учениците увид во истите.<br><br>На првата средба со членовите на Советот на родителите, родителите се запознаваат со наставните предмети и фондот на наставни часови по секој наставен предмет во секое одделение.<br><br>На почетокот на учебната година предметните наставници ги запознаваат учениците со нставните програми .<br><br>Кај наставниците и родителите се јавува незадовоство во однос на обемот на наставните планови .Исти така се јавува незадоволство за целите , обемот и содржините на наставните програми кај одредени предмети, но сеуште нема иницијатива за дополнување и измена на истите.<br><br>Учениците имаат можност да направат избор на изборни предмети предвидени според НПП од БРО, преку претходно запознавање на родителите и учениците со целите и задачите на предметите, а потоа со писмено анкетирање. Изборот го вршат сите ученици и родители без разлика на нивниот успех , верска, етичка и полова припадност. |

| | |
|---|---|
| 1.2<br><br>-Наставни планови и програми<br><br>-годишна програма<br><br>-Стручна литература-<br>библиотека,<br><br>-Писма од семинари и сертификати<br><br>-годишни планирања,<br><br>-записници од училишна заедница | За осовременување на наставните програми, наставниците посетуваат семинари обуки, советувања, проекти организирани од страна на: БРО,МОН, USAID и други акредитирани установи при што добиваат прирачници и стручна литература и истата се користи при реализацијата на наставата .<br><br>Интегративен пристап кон содржините дава големи можности за вклучување во одделенска настава, додека во предметна настава се интегрираат предметите со сродни содржини. Училиштето има разработено насоки за интегрирање на општите (меѓупредметни)цели во сите наставни програми (развивање на самодоверба ,иницијативност ,одговорност,почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста кај учениците за припадноста кон татковината како мултикултурно општество)<br><br>Наставните планови и програми го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различна етничка припадост.<br><br>Машки и женски ученици со различно етичко потекло подеднакво се вклучени во ученичката заедница и раководењето на паралелката, соработка, договарање, самодоверба и разрешување конфликти. Овие теми се обработуваат на часовите по граѓанско образование, часовите на одделенската заедница, општество и други наставни предмети во кои можат истите да се интегрираат.<br><br>Во училиштето редовно се организираат работилници и предавања за: здрава исхрана, односите помеѓу половите и нивните сексуални врски, репродуктивно здравје, болести, туберкулоза, ХИВ /СИДА и зависности од дроги, како и други актуелни болести во соработка на центарот за здравствена заштита, Црвен крст при општина Карпош и поликлиниката во Ѓорче Петров.<br><br>Од страна на стручни лица (или родители) се реализираат трибини. На овие трибини најчесто се вклучени претставници од Црвен крст,наставници по биологија и одделенски наставници , невладини организации .<br><br>Учество имаат и учениците преку проекти во вonнаставни активности и на редовните часови. |

| | |
|---|---|
| -одделенски книги идр | Учениците од предметна настава од учебната 2017/2018 се активно вкучени во работата на КЦ- Карпош со учество во поголем број работилници во зависност од нивниот интерес и афинитет.<br><br>Во училиштето се реализира образование за Животни вештини на одделенскиот час од II до IX одделение, а во прво одделение преку содржини од редовните наставни програми . |
| 1.3<br><br>-Годишен извештај<br><br>воннаставни активности<br><br>Одделенски дневници<br><br>-пофалници<br><br>-дипломи<br><br>албуми- фотографии,<br><br>пехари | Воннаставни активности континуирано се реализираат од I-IX одделение и во нив учествуваат сите ученици без разлика на нивните способности, полова и етничка припадност. Воннаставни активности кои се реализираат во училиштето се следниве: работа со талентирани ученици, работа со деца со посебни потреби (инклузија), натпревари, слободни активности, спорт, заштита на животната средин (Немаме резервна планета), општествено културни дејности, драмска, ликовна, сообраќајна, литературна, рецитаторска, новинарска, ритмичка, музичка, млади математичари физичари и хемичари, географска и историска секција и др.<br><br>Во воннастравните активности учествуваат сите ученици со различни способности талентирани, како и ученици со посебни потреби.<br><br>-Воннаставните активности имаат многу придобивки во однос на дружење, социјализација, стекнување повеќе знаења и вештини, подршка и развој на креативните способности на учениците, афирмација на училиштето преку учество на промоции на книги, доделувања на награди, натпревари и освоени награди, признанија,благодарници,пехари**.**<br><br>Учениците се анкетираат за вклучување во слободните ученички активност и додатната настава што ги избираат според сопствените афинитети и интерес. Учениците учествуваат во планирањето на воннаставните активност со давање на свои предлози за содржини и активности. |

| | |
|---|---|
| 1.4 .<br><br>Извештај од советник од БРО | Во извештаите што ги изготвува советникот од БРО при преглед на годишната програма за работа го утврдува истото т.е. дека во училиштето се работи и реализира наставна програма изработена во БРО, а одобрена од МОН. |

| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|---|
| **1.2.5 Анкетен лист за наставници** | **13 одделенски и предметни наставници** | Со анкетниот лист беа опфатени одделенски и предметни наставници.<br><br>На наставниците им беа поставени 13 прашања во врска со ова подрачје и има беа понудени следниве одговори:<br><br>1. Никогаш, воопшто не<br>2. Делумно не, ретко, понекогаш<br>3. Делумно да, често<br>4. Секогаш, потполно да<br>1. Ги применувам Стандардите за оценување по мојот предмет.<br><br>1-0%, 2- 0%, 3 – 15% и 4 –85%<br><br>2. Сметам дека наставните програми треба да претрпат промени.<br><br>1- 0%, 2 – 23%, 3 – 54% и 4 – 23%<br><br>3. Имам предлози за измена на некои делови во наставните програми по мојот предмет.<br><br>1- 0%, 2- 23%, 3- 54%, 4- 23%<br><br>4. Ми преставува предизвик да реализирам еко содржини во тематските планирања.<br><br>1 – 8%, 2 – 8%, 3 – 38%, 4 – 46%<br><br>5 Наставната програма ја поттикнува истражувачка активност кај учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1- 0%, 2 – 31%, 3 – 62%, 4 – 8%<br><br>6. Во целост ги реализирам наставните програми по моите предмети.<br><br>1 -0%, 2 – 0%, 3 – 0%, 4 – 100%<br><br>7. Мојот актив се состанува и разговара за наставните планови и програми.<br><br>1 -0%, 2 – 0%, 3 – 31%, 4 – 69%<br><br>8. Организирам вонннаставни активности.<br><br>1 – 0%, 2 – 0%, 3 – 38% и 4 – 62%<br><br>9. Реализирам додатна настава за учениците кои покажуваат посебен интерес за мојот наставен предмет.<br><br>1 – 0%, 2 – 0%, 3 – 23% и 4 – 77%<br><br>10. Задоволен/а сум од заинтересираноста на учениците да учествуваат во вонннаставните активности.<br><br>1- 0%, 2- 8%, 3- 62%, 4- 31%<br><br>11. Користам ИКТ во реализиција на наставната програма.<br><br>1- 0%, 2- 8%, 3 – 38% и 4 – 54%<br><br>12. Имам можност за интегративен пристап кон содржините (корелација) со други предмети.<br><br>1- 8%, 2 – 62%, 3 – 0% и 4 – 31%<br><br>13. Во училиштето имам поддршка за подобрување на моите |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставнички компетенции.<br><br>1- 0%, 2- 8%, 3- 38%, 4- 54%<br><br>**Анализа**<br><br>Со анкетниот лист беа опфатени 13 наставници од одделенска и предметна настава кои се изјасниле дека наставната програма во целост се реализира, при што истата делумно поттикнува истражувачка активност и еко содржините делумно претставуваат предизвик. Тие се запознаени со стандардите за оценување. Воннаставните активности се реализираат. ИКТ се применува во наставата. Голем дел од наставници реализираат дополнителна настава за учениците кои имаат послаби постигнувања, како и додатна настава за учениците кои покажуваат посебен интерес за одреден наставен предмет. Најголем дел од наставниците имаат предлози за измени во наставната програма, како и за начини на кои би можеле да добијат поддршка за подобрување на стручните способности. Наставниците имаат доста добра соработка кога се разговара за наставните планови и програми. |
| **1.2.6 Анкетен лист за родители** | **17 родители на ученици од различна возраст, етничка, верска и полова припадност** | Со анкетниот лист беа опфатени родители на ученици во различни одделенија и со различна етничка, верска и полова припадност.<br><br>На родителите им беа поставени 15 прашања во врска со ова подрачје и има беа понудени следниве одговори:<br><br>1. Никогаш, воопшто не<br>2. Делумно не, ретко, понекогаш<br>3. Делумно да, често<br>4. Секогаш, потполно да<br><br>1.На прашањето- дали имаат потреба од запознавање со наставната |

| | | |
|---|---|---|
| | | програма на почетокот на учебната година, тие одговориле<br><br>1- 0%, 2- 6%, 3- 29% и 4 – 65%<br><br>2.Дали сте запознати со наставната програма што ја изучува вашето дете? 1- 12%, 2- 0%, 3- 35% и 4 – 53%<br><br>3.Дали сте запознати со целите на настават, очекуваните резултати и начинот на оценување? 1-12%, 2- 12%, 3 – 35% и 4 – 41%<br><br>4.Дали вашето дете ве информира за реализацијата на наставната програма? 1- 6%, 2- 6%, 3 – 41% и 4 – 47%<br><br>5.Работите ли дополнително со вашето дете за совладување на наставната програма?<br><br>1- 0%, 2- 12%, 3 – 18% и 4 – 70%<br><br>6.Дали вашето дете често учествува во вон-наставни активности?<br><br>1- 6%, 2- 6%, 3 – 59% и 4 – 29%<br><br>7.Сметате ли дека наставните програми се современи и одговараат на потребите на учениците?<br><br>1- 0%, 2 – 24%, 3 – 53% и 4 – 24%<br><br>8.Дали вашето дете учествува во реализација на еколошките проекти?<br><br>1- 6%, 2- 12%, 3 – 35% и 4 – 47%<br><br>9.Сметате ли дека обемот на наставната програма соодветствува на возраста на вашето дете? |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1 – 6%, 2- 29%, 3 – 41% и 4- 24%<br><br>10.Дали наставните програми се прилагодени според способностите на учениците?<br><br>1 – 23%, 2 – 12%, 3 – 41% и 4 – 24%<br><br>11.Вие како родител дали би направиле промени во тоа што го учи вашето дете?<br><br>1 – 18%, 2- 18%, 3 – 46% и 4 – 18%<br><br>12.Дали сте запознаени со вон-наставните активности што се реализираат во училиштето?<br><br>1- 12%, 2 – 12%, 3 – 41% и 4 – 35%<br><br>13.Сметате ли дека вашето дете има потреба од вон-наставни активности?<br><br>1- 0%, 2 – 0% , 3- 53%и 4 – 47%<br><br>14.Дали сте информирани за реализацијата на еколошките проекти и точки на акција од воспоставените еко стандарди?<br><br>1-12%, 2- 0%, 3 – 35% и 4 – 53%<br><br>15. Дали како родител сте информирани за проектите кои се реализираат во училиштето?<br><br>1- 12%, 2- 12%, 3- 29% и 4- 47%<br><br>16.Дали како родител можете да влијаете врз начинот на реализација |

| | | |
|---|---|---|
| | | на наставната програма?<br><br>1-35%, 2 – 12%, 3 – 24% и 4- 29%<br><br>**Анализа**<br><br>Врз основ на оваа анкета може да се заклучи дека родителите имаат потреба да бидат запознаени со наставната програма, целите и очекуваните резултати, проектни активности и поголемиот дел од анкетираните се изјасниле дека се информирани и запознаени. Родителите со голем процент се изјасниле и дека се запознаени со вон-наставните активности и еколошките стандарди и дека нивните деца се вклучени и имаат потреба да бидат вклучени во истите. Тие сметаат дека наставната програма е обемна и не соодветствува со возраста на нивното дете и дека доколку можат би направиле промени во она што го учи нивното дете. Исто така висок е и процентот на родители кои се информирани од страна на своите деца за реализацијата на наставната програма. |
| **1.2.7 Анкетен лист за ученици** | **19 ученици од различни одделенија** | Со анкетниот лист беа опфатени ученици во различни одделенија и со различна етничка, верска и полова припадност.<br><br>На учениците им беа поставени 14 прашања во врска со ова подрачје и има беа понудени следниве одговори:<br><br>1. Никогаш, воопшто не<br>2. Делумно не, ретко, понекогаш<br>3. Делумно да, често<br>4. Секогаш, потполно да<br>1.Дали на почетокот на учебната година наставниците те запознаваат со |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставните програми? 1- 10.53%, 2- 5.26%, 3- 26.32%, 4- 57.89%<br><br>2.Дали содржините во наставните програми те поттикнуваат да истражуваш? 1 – 21.05%, 2 – 15.79%, 3 – 42,10% и 4 – 21.05%<br><br>3.Дали училиштето ги приспособува наставните програми на потребите на учениците?<br><br>1 – 15.79%, 2 – 15.79%, 3 – 30.58% и 4 – 36.84%<br><br>4.Сметаш ли дека наставните програми се преобемни?<br><br>1 – 15.79%, 2 – 42.10%, 3 – 31.58% и 4 – 10.53%<br><br>5.Можеш ли да ја совладаш целата наставна програма?<br><br>1- 10.53%, 2 – 5.26%, 3 – 57.89% и 4 – 26.32%<br><br>6.Бараш ли помош од друго лице при совладување на наставната програма? 1 – 15.79%, 2 – 42.10%, 3 – 26.32% и 4 – 15.79%<br><br>7.Дали наставната програма соодветствува на вашата возраст?<br><br>1 – 5.26%, 2 – 21.05%, 3 – 21.05% и 4 – 52.63%<br><br>8.Учествуваш ли во воннаставни активности во училиштето?<br><br>1 – 10.59%, 2 – 15.78%, 3 – 26.32% и 4 – 47.37%<br><br>9.Дали ти задаваат дополнителни тешкотии воннаставните активности?<br><br>1 – 52.63%, 2 – 26.32%, 3 – 21.05% и 4 – 0%<br><br>10.Дали си задоволен од начинот на кој го вршите изборот на |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставните предмети? 1- 15.79%, 2- 5.26%, 3 – 10.53% и 4 – 68.42%<br><br>11.Дали твојата редовност на часовите влијае за успешно реализирање на наставната програма?<br><br>1- 5.26%, 2 – 0%, 3 – 10.53% и 4 – 84.21%<br><br>12. Дали има доволна застапеност на мултикултурни содржини во наставата?<br><br>1- 5.26%, 2- 31.58%, 3- 52.63%, 4- 10.53%<br><br>13.Дали има доволна застапеност на еко содржини?<br><br>1 – 5.26%, 2 – 15.79%, 3 – 57.89% и 4 – 21.05%<br><br>14.Во училиштето се запознавам со моите права и правата на другите во општествената средина?<br><br>1- 5.26%, 2 – 10.53%, 3 – 10.53% и 4 – 73.68%<br><br>15.Дали мислиш дека во наставнате програми треба да има поголема застапеност на содржини за превенција од пороците?<br><br>1- 10.53%, 2- 15.79%, 3 – 36.84% и 4 – 36.84%<br><br>**Анализа**<br><br>Со обработка на добиените одговори може да се заклучи дека учениците се запознаени со наставната програма и истата делумно им дава можност за истражување, но и дека програмата е преобемна. Задоволни се од начинот на кои ги бираат изборните предмети.Тие |

| | | |
|---|---|---|
| | | сметаат дека вонnаставните активности на поголемиот дел од анкетираните ученици не им претставуваат проблем. Учениците сметаат дека треба да има поголема застапеност на содржини за превенција од зависности. Знаат дека редовноста влијае на успешното реализирање на програмата. Еко содржините се доволно застапени, а дел од учениците сметаат дека мултикултурните содржини би требало да се повеќе застапени. Учениците се запознаени со своите права и правата на другите во општествената средина. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Се овозможува на сите наставници присуство на семинари, обуки како и други форми на усовршување.
- Се овозможува наставникот да биде креатор при изборот на наставните методи, техники и форми на работа при реализација на наставните содржини во рамките на наставната програма.
- Примена на тематско интегрирано и тематско процесно планирање на наставата.
- Подготвеност за осовременување на наставата.
- Редовно и успешно планирање на годишните, тематските и дневните планирања.
- Голема вклученост на учениците во вонnаставните активности.

**Слабости**

- Недоволна вклученост на наставниците од страна на МОН во изготвување на наставните планови и програми.
- Обемни наставни програми, голем фонд на часови кој не соодветствува со возраста на учениците и неприлагодени учебници.
- Недоволна опременост на училиштето со нагледни средства потребни за истражувачки активности.
- Недоволен број на компјутери за реализација на содржини со ИКТ
- Оптеретеноста на наставниците со административна работа.
- Недоволна заинтересираност на родителите за вклучување во реализацијата на наставните планови и програми.

**Анализа на резултатите:**

Нашето училиште во целост ги реализира наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Врз реализација на наставните планови и програми влијаат наставниците, на тој начин што интегрираат наставни содржини по одредени предмети, со примена на активна настава, проектни активности и современи наставни методи, техники и форми на работа.

Родителите се запознаваат со наставните планови и програми на првата родителска средба која се одржува во првата седмица во месец септември. Целите и очекуваните исходи тековно се истакнати од страна на наставниците за секоја тема Родителите влијаат во реализирањето на програмата преку учество во работилници, посети на нивните работни места и забелешки за тежината и обемноста на програмите.

Училиштето дава можност учениците да вршат избор на изборни наставни предмети, а по претходно запознавање со целите на предметите кои им се даваат на избор. Изборот го прават учениците во согласност со нивните родители преку анкетен лист. Ваквиот избор го вршат сите ученици без разлика на нивниот пол и етничка припадност.

Наставниците имаат целосна поддршка за учество на семинари и обуки организирани од БРО, советувања за иновации и проекти, предавања организирани од Општина Карпош.

Има можност за интегративен пристап на содржините во одделенска настава, а во предметна настава само предмети со сродни содржини (македонски јазик – музичко образование; историја – географија; математика – физика; биологија – хемија – природни науки и сл.) Наставниците по овие предмети соработуваат и интегративно обработуваат теми.

Училиштето редовно реализира образование за односите меѓу половите и нивните сексуални врски, за репродуктивното здравје, болести и зависности. Најголем дел од овие содржини се реализираат на часот на одделенската заедница со работилници од Прирачникот за животни вештини.

Вон-наставните активности редовно се реализираат и застапени се ученици од машки и женски пол и од различна етничка припадност и возраст. Континуирано се учествува на спортски натпревари (одбојка, ракомет и фудбал), натпревари на хорот и оркестарот, ликовни и литературни конкурси, натпревари по математика, природни науки, биологија, хемија, физика, заштита на животна средина, производствено и општествено – корисна работа. Од вон-наставните активности има големи придобивки како во однос на дружење, комуникација, социјализација, стекнување и продлабочување на знаења и вештини, развој на креативни способности, така и во добивање на награди, пофалници, признанија, благодарници,

пехари. Сето ова дава можност учениците со задоволство поголем дел од своето време да го поминуваат во училиштето, а со тоа да се заштитат од негативните надворешни влијанија.

**Идни активности: Приоритетни подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Вклучување на наставниците во работните групи на БРО при изработка на наставните планови и програми.
- Поголема вклученост на родителите при реализирање на наставните програми .
- Истражувачка активност при реализирање на наставната програма и опремување на училиштето со соодветни нагледни средства за реализација на истите.

# ПОДРАЧЈЕ 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

***Во евалуацијата на ова подрачје работната група ги опфати главните прашања за*** *постигнувањата на учениците според полот и етничката припадност, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди, ја разгледа документацијата со која располага училиштето и направи анализа на истата за сите оддели во рамките на подрачјето.*

*Работната група ги разгледа училишните програми и извештаи за учебните 2017/2018 и 2018/2019 години; претходната самоевалуација; записниците од стручните органи на училиштето, училишниот одбор, советот на родители; извештаи од стручните соработници; споредбени прегледи од резултатите од оценувањето; резултати од меѓународни, национални, градски, државни, училишни натпревари; анализи на успехот; анкети/интервјуа со наставници преку достапната и обемна документација со цел да даде одговори на што е можно повеќе прашања од ова подрачје.*

*При тоа беа вклучени сите клучни фактори во нашето училиште - директорот, административниот службеник, наставниците, учениците и родителите.*

## Оддели во рамките на подрачјето:

**2.1 Постигања на учениците**

**2.2 Задржување/осипување на учениците**

**2.3 Повторување на учениците**

Собирање на податоци (со увидот во педагошката документација на училиштето собрани се податоци за постогањата на учениците во учебните 2017/2018 и 2018/2019 година, по квалификациски периоди, по пол и етничка припадност, кои постапки се преземаат за подобрување на постигањата на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со потешкотии во развојот, следењето на развојот на учениците и тд. Користени се следните методи: метод за анализа на содржината на документите; анализа, синтеза, индукција, класификација,компаративен метод).

**Наведете ги сите документи кои се прегледани.**

**2.1. Постигања на учениците**

Одделенски дневници
Годишна програма

Училишни програми и извештаи;
Самоевалуација;

Училишни програми и извештаи; самоевалуа-
ција; записници од стручни органи на училиштето, училишниот одбор, советот на родители; извештаи од стручните соработници; споредбени прегледи од резултатите од оценувањето; резул-
тати од меѓународни, национални, градски, др-
жавни, училишни натпревари; анализи на успе-
хот; анкети/интервјуа со наставници, родители и ученици; досиеја на ученици (за деца со посебни потреби се води, студија на случај - анамнеза и

**Кои информации се собрани?**

**2.1.1. Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди**

Во учебните 2017/2018 година и 2018/2019 година, во училиштето континуирано се следат постигањата на учениците и се преземаат конкретни активности за подобрување на истите. Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и според етничката припадност по сите наставни предмети на крајот од првото тримесечие, првото полугодие, третото тримесечие и крај на учебната година. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување.

**Табела на описно оценети ученици во учебната 2017/2018 година според пол и етничка припадност**

**Описно оценување на учениците од I до - III одделение**

| Описно оценети | Македонци | | Роми | | Албанци | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | |
| I ниво | 10 | 14 | 3 | / | / | / | 27 |
| II ниво | 7 | 6 | 5 | 4 | / | / | 22 |
| III ниво | 3 | 2 | 9 | 7 | / | / | 21 |

портфолио, бележник за напредокот, предлог вежби); програма за дополнителна настава; портфолио за напредокот на ученикот; записници од работата на ТУИ.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IV ниво | / | 1 | 10 | 6 | / | / | 17 |
| Вкупно | 20 | 23 | 27 | 17 | / | / | 87 |

Од вкупно 92 ученик од I до - III одделение, описно се оценети 87 ученици. Вкупно 147 ученици од IVодделение до IXодделение се бројчано оценети и е постигнат следниот општ успех: одлични – 63 (44,68%); мн.добри – 32 (22,70%); добри – 29 (20,57%) и доволни - 17 (12,06%). Неоценети се 6 ученици (осипани).

Во учебната **2017/2018** година на ниво на училиште постигнат е среден успех 3,96. Во табела е прикажан успехот на учениците на крај на петто и деветто одделение.
Постигнат општ среден успех по паралелки во учебната **2017/2018** година по паралелки:
IVа – 4,23; Vа – 3,64; Vб – 4,31; VIа – 3,94; VIIа – 3,55; VIIб – 3,60; VIIIа – 4,05; IXа – 3,64; IXб – 4,04
Се врши споредбена анлиза на резултатите од квалификациските периоди. Исто така се анализира успехот на учениците на Vодделение и успехот на учениците на крајот од IX одделение со цел да се утврди дали има промени во успехот на учениците при премин од петто во шесто одделение како и успехот на учениците на крај на завршното деветто одделение.

Табела на постигнат општ успех на учениците по пол и националност на крајот на Vодделение (2 паралелки) во 2017/2018г. е следниот

| | машки | | женски | | се | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мак. | Роми | Мак. | Роми | | |
| Одлични | 6 | / | 5 | / | 11 | 42.31 |
| Многу добри | / | 3 | 1 | 1 | 5 | 19.23 |
| Добри | / | 3 | / | 1 | 4 | 15.38 |
| Доволни | / | 2 | / | 2 | 4 | 15.38 |
| Со позит. усп. | 6 | 8 | 6 | 4 | 24 | 92.31 |
| Со слаби оцен. | / | / | / | / | / | / |
| Неоценети | / | 2 | / | / | 2 | 7.69 |
| Вкупно: | 6 | 10 | 6 | 4 | 26 | 100 |

Записници од стручни органи на училиштето, Совет на родители; Анкети/Интервјуа со наставниците, родителите и учениците;

Извештаи од стручната служба; Резултати од интерни и екстерни оценувања; Записници од стручни органи на училиштето, Самоевалуација, Анализи на успехот;

Постигањата на учениците по наставни предмети на крајот на Vодделение – 2 паралелки во 2017/2018г. е следниот:

| | |
|---|---|
| Македонски јазик - 3,67 | Техничко обр. - 4,29 |
| Англиски јазик - 3,67 | Физ. и здр. обр. -4,71 |
| Математика - 3,67 | Ликовно образование - 4,21 |
| Природни науки - 3,75 | Музичко образование - 4,08 |
| Општество - 3,58 | Работа со компјутери - 4,13 |
| | Творештво - 4,13 |

Среден успех: 3,99
Одлични: 11 ученици од вк. 26 ученици– 42,31%
Мн.добри: 5 ученици - 19,23%
Добри: 4 ученици – 15,38%
Доволни: 4 ученици – 15,38 %
Неоценети: 2 ученици (2м.ром.)- 7,69 %
Вкупно со позитивна оценка: 24 ученици – 92,31%

**Табела на описно оценети ученици во учебната 2018/2019 година според пол и етничка припадност**

**Описно оценување на учениците од I до - III одделение**

| Описно оценети | Македонци | | Роми | | Албанци | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | |
| I ниво | 11 | 14 | 2 | 1 | / | / | 28 |
| II ниво | 7 | 4 | 3 | 6 | / | / | 20 |
| III ниво | 2 | 2 | 7 | 9 | / | / | 20 |
| IV ниво | / | 1 | 10 | 5 | / | / | 16 |
| Вкупно | 20 | 21 | 22 | 21 | / | / | 84 |

Од вкупно 91 ученик од I до - III одделение, описно се оценети 84 ученици.

Вкупно 147 ученици од IVодделение до IXодделение се бројчано оценети и е постигнат следниот општ успех: одлични – 64 (43,54%); мн.добри – 23 (15,65%); добри – 41 (27,90%) и доволен 14 (9,52%). Неоценети се 6 ученици (осипани).

Постигнат општ среден успех по паралелки во учебната **2018/2019** година по паралелки:

IVa – 3,80; IVб – 3,58 Va – 4,26; VIa – 3,79; VIб – 3,78 VIIa – 3,83; VIIIa – 3,48; VIIIб – 3,62; IXa – 4,10

**Во учебната 2018/2019 година на ниво на училиште е постигнат среден успех** - ***3,94.***
Во табела е прикажан успехот на учениците на крај на петто и деветто одделение.

**Табела на постигнат општ успех на учениците по пол и националност на крајот на Vодделение (1 паралелка) во** 2018/2019г**.**

| Општ успех | Машки | | | Женски | | | Се | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мак. | Ром. | Алб. | Мак. | Ром. | Алб. | | |
| Одлични | 4 | / | / | 8 | / | / | 12 | 54,55% |
| Многу добри | 2 | / | / | 1 | / | / | 3 | 13,64% |
| Добри | / | 3 | / | / | / | 2 | 5 | 22,73% |
| Доволни | / | / | / | / | / | / | / | 0% |
| Со позит. усп. | 6 | 3 | / | 9 | / | 2 | 20 | 90,91% |
| Со слаби оцен. | / | / | / | / | / | / | / | 0% |
| Неоценети | / | 2 | / | / | / | / | 2 | 9,09 % |
| Вкупно: | 6 | 5 | / | 9 | / | 2 | 22 | 100% |

Постигањата на учениците по наставни предмети на крајот на V одделение во 2018/2019 год.:

| | |
|---|---|
| Македонски јазик - 4,00 | Техничко обр. - 4,60 |
| Англиски јазик - 3,90 | Физ. и здр. обр. -5,00 |
| Математика - 3,90 | Ликовно образование - 4,75 |
| Природни науки - 4,05 | Музичко образование - 4,65 |
| Општество - 3,60 | Работа со компјутери - 4,25 |
| | Творештво - 4,25 |

Среден успех: 4,27
Одлични: 12 ученици од вк. 22 ученици– 54,55%
Мн.добри: 3 ученици - 13,64%
Добри: 5 ученици – 22,73%
Доволни:-нема /
Неоценети: 2 ученици (2м.ром.)- 9,09 %
Вкупно со позитивна оценка: 20 ученици – 90,91%

Постигања на учениците по наставни предмети на крајот од IX одделение (2 паралелки) во 2017/2018год. се:

| | |
|---|---|
| Македонски јазик - 3,64 | Физика - 3,39 |
| Англиски јазик - 3,80 | Хемија - 3,57 |
| Француски јазик -3,39 | Ликовно обр. - 4,07 |
| Математика - 3,33 | Музичко обр. - 4,31 |
| Историја - 3,63 | Физичко обр. - 4,79 |
| Географија- 4.01 | Изборен спорт -4,95 |
| Граѓанско образ. - 3,75 | Истражување на род.крај-4,00 |
| Биологија - 3,49 | Иновации- 4,51 |

Среден успех: 3,85
Одлични: 14 ученици од вкупно 33 ученици – 42,42%
Многу добри: 9 ученици – 27,27%
Добри: 7 ученици – 21.21%
Доволни: 3 уч. -9,09%
Вкупно со позитивна оценка: 33уч.- 100.00%
Неоценети ученици: нема

Табела на постигнат општ успех на учениците по пол и националност на крајот на IX одделение (2 паралелки) во 2017/2018г. е следниот:

| Општ успех | Машки | | | Женски | | | Се | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мак. | Ром. | Алб. | Мак. | Ром. | Алб. | | |
| Одлични | 2 | / | / | 12 | / | / | 14 | 42,42 |
| Многу добри | 5 | / | / | 1 | 2 | 1 | 9 | 27,27 |
| Добри | / | 6 | / | / | 1 | / | 7 | 21,21 |
| Доволни | / | 2 | / | / | 1 | / | 3 | 9,09 |
| Со позит. усп. | 7 | 8 | / | 13 | 4 | 1 | 33 | 100 |
| Со слаби оцен. | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Неоценети | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно: | 7 | 8 | / | 13 | 4 | 1 | 33 | 100 |

Постигања на учениците по наставни предмети на крајот од IX одделение (1 паралелка) во 2018/2019год. е следниот:

| | |
|---|---|
| Македонски јазик- 4,30 | Физика - 3,70 |
| Англиски јазик - 3,90 | Хемија - 3,75 |
| Француски јазик-3,70 | Ликовно обр. - 4,15 |
| Математика - 3,50 | Музичко обр.- 4,15 |
| Историја - 4,10 | Физичко обр.- 5,00 |
| Географија - 4,05 | Изборен спорт - 5,00 |
| Граѓанско образ. - 4,20 | Иновации - 4,15 |
| Биологија - 3,75 | Истраж. на родниот крај - 4,73 |

Среден успех: 4,40
Одлични: 11 ученици од вкупно 20 ученици – 55,00%
Многу добри: 3 ученици –15,00%
Добри: 6 ученици – 30,00%

Вкупно со позитивна оценка: 20 ученици – 100%
Неоценети ученици: нема

Табела на постигнат општ успех на учениците по пол и националност на крајот на IX одделение (1паралелки) во 2018/2019г. е следниот:

| Општ успех | Машки | | | Женски | | | Се | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мак. | Ром. | Алб. | Мак. | Ром. | Алб. | | |
| Одлични | 4 | / | / | 7 | / | / | 11 | 55,00% |
| Многу добри | 3 | / | / | / | / | / | 3 | 15,00% |
| Добри | 2 | 4 | / | / | / | / | 6 | 30,00% |
| Доволни | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Со позит. усп. | 9 | 4 | / | 7 | / | / | 20 | 100% |
| Со слаби оцен. | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Неоценети | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно: | 9 | 4 | / | 7 | / | / | 20 | 100% |

Се анализира успехот на учениците од I до - III одделение, со посебен акцент на учениците кои се оценети со IV ниво, најчесто тоа се описно оценети ученици од ромската етничка припадност кои се запишуваат со минимални предзнаења на јазик, неразвиена графомоторика, а поради нередовното посетување на наставата и неизвршување на домашните задачи покажуваат минимум знаења. Сознанијата од следењето на постигањата на овие ученици се корисни за подобрување на успехот во следното одделение.
Заклучок е дека во двете учебни години не се забележува варирање на постигнатиот среден успех и на процентот на ученици со позитивни оценки. Процентот на неоценети ученици варира во последните две години и е поголем во одделенска настава во зависност од бројот на ученици во генерација. Карактеристично е што неоценетите ученици се од ромска националност, а причините за тоа се напуштање на училиштето поради негрижа на родителите, преселување во друго место на живеење или заминување во странство. Овие ученици го повторуваат одделението. Посебен проблем е што се враќаат по една до две години, како повозрасни и потешко се прилагодуваат поради губење на континуитет на образованието и најчесто се откажуваат од школувањето.

| | |
|---|---|
| Програма за дополнителна и | Во училиштето се врши анализа и споредување на резултатите на учениците во одделенијата според пол (м/ж) и националната припадност (македонци/роми). Забележителна е разликата во постигањата меѓу учениците од македонската и ромската популација и тоа најчесто е во просек разлика од 2 оценки. Причината се состои во тоа што учениците од ромската популација имаат потешкотии во учењето на македонскиот јазик, ниска мотивација за учење, нередовно посетување на наставата, честото напуштање и прекин на школувањето поради заминување во странство.<br><br>**2.1.2. Подобрување на постигнувањата на учениците**<br><br>Во училиштето се следи успехот на учениците, доколку кај некои ученици се забележи намален успех тогаш се преземаат активности за откривање на причините за намалениот успех, се разговара со учениците, родителите, наставниците по одредени предмети каде што учениците имаат потешкотии, се пружа помош и поддршка во методите на учење, организацијата на обврските и сл., а потоа се следат резултатите. За подобрување на постигањата на учениците се спроведуваат и организираат разни активности:<br><br>- дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содршини по одредени предмети,<br>- слободни ученички активности,<br>- учество во проекти: **Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем; Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието; Проект за намалување на насилството во училиштата; Проект „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците„ - учебна 2017/2018 година; Проект „Образование за сите„ - учебна 2017/2018 година; Програма од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ за математика и природни науки; „Со читање до лидерство„ – учебна 2017/2018 година – завршна фаза; Проект „Училишни градини„ – учебна 2018/2019 година; Пилот Проект Оценување за учење: Поставување и употреба на критериуми за успех по математика и природни науки во основното образование, Еразмус + - учебна 2018/2019 година;**<br><br>**2.1.3. Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**<br><br>Училиштето ги препознава надарените ученици, учениците што имаат тешкотии во учењето, како и учениците со пречки во развојот и редовно го следи нивниот напредок. Во нашето училиште идентификација |

| | |
|---|---|
| додатна настава;<br><br>Извештаи од стручната служба;<br>Резултати од интерни и екстерни оценувања;<br>Записници од стручни органи на училиштето<br><br>Извештаи од стручната служба;<br>Резултати од интерни и екстерни оценувања;<br>Записници од стручни органи на училиштето<br><br>Училишни програми и извештаи; самоевалуа- | на учениците се врши: 1. при приемот на првачињата преку интервју со родителот, разговор и набљудување на однесувањето на детето и 2. за време на наставата кога учениците имаат потешкотии во совладување на наставните содржини. Воедно се врши набљудувње на учениците, интервју со наставниците и идентификација преку примена на чек листи за однесувањето на учениците за време на часовите, односот кон наставникот и врсниците. Во училиштето во учебната 2017/2018 година се евидентирани 5 ученици со посебни образовни потреби кои имаат наод и мислење од ЗМЗ за кои има дијагноза. Со проектот од УНДП и Општина Карпош, за поддршка на учениците со ПОП се вклучени образовни асистенти за 2 ученици кои присуствуваат со учениците за време на 4 часа од наставата. Во учебната 2018/2019 година продолжи проектот според потребите со евидентирани од претходната година и запишани 2 ученика со ПОП во прво одделение за кои што се вклучија и 2 лични асистенти.<br>Во последните две години во училиштето еднаш неделно е ангажиран специјален едукатор и рехабилитатор од ООУ „Димо Хаџи Димов„. Напредокот и постигањата на учениците кои имаат посебни потреби се анализира на активите, одделенските и наставничките совети кога се разгледува успехот и поведението квартално. Во училиштето наставниците, во соработка со психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор, изготвуваат ИОП-и за учениците за кои е добиено мислење од Заводот за ментално здравје. Воедно за деца со посебни потреби се води досие со анамнеза и психомоторен развој, ИОП, портфолио, бележник за напредокот.<br>Во училиштето се организирани интерни обуки за работа со ученици со посебни потреби реализирани од психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор како и присуство на обуки кои ги организираат здруженија (здружението за дислексија „Ајнштајн„ и др.) како и ангажирање на надворешни стручни лица за соодветната проблематика. Поради специфичноста на развојот на децата со ПОП во воспитно-образовниот процес неминовно е потребно вработување на стручно лице (специјален едукатор и рехабилитатор) кои ќе работи со истите преку целата учебна година. Психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор го следат развојот на учениците заедно со наставниците. На состаноците се дискутира за нивното учење, прилагоденост, напредок и потешкотии.<br>Со цел да се оспособат наставниците за работа со учениците со посебни потреби, во соработка со специјалниот едукатор и рехабилитатор м-р Марија Трипуновска реализирани се 2 обуки за наставниците на тема: „Инклузивен тим„ и „Изработка на ИОП„ во учебната 2017/2018 година, а во учебната 2018/2019 година психологот одржа интерна обука на тема: „Дислексија, дисграфија и дискалкулија – идентификација на |

| | |
|---|---|
| ција;<br>споредбени<br>прегледи од резултатите од оценувањето;<br>анализи на успе-<br>хот; анкети/интервјуа со наставници, родители и<br>ученици; досиеја на ученици (за деца со посебни<br>потреби се води студија на случај - анамнеза и<br>психомоторен развој, ИОП, портфолио, бележ-<br>ник за напредокот, предлог вежби); програма за<br>дополнителна настава; портфолио за напредокот<br>на ученикот; записници од работата на ТУИ. | ученици и насоки за работа„ одржана на 1.10.2018 година.<br><br>Специфична е состојбата со учениците од ромската етничка припадност, се јавуваат потешкотии уште на почетокот на школувањето бидејќи повеќето не го знаат македонскиот јазик, располагаат со мал фонд на зборови и фрази со што комуникацијата на часовите со овие ученици е многу оскудна, располагаат со сиромашни предзнаења за средината што ги опкружува и најчесто имаат слабо развиена графомоторика.<br><br>Сето ова допринесува за неуспешен старт на школувањето што доведува до незаинтересираност и слаба мотивација на учениците за учење. За надминување на оваа состојба, училиштето реализира 2 проекти: „Со читање до лидерство„ – УСАИД и Фондацијата чекор по чекор со почеток од 27.10.2015г. со завршен настан на 22.05.2018г. и проектот „Образование за сите„ со Здружението Дендо Вас со евидентирани 48 ученици со потешкотии во учењето кои се опфатени со работа со ментори на дополнителни часови со акцент на описменување и математички операции во учебната 2017/2018 година.<br>Во училиштето континуирано се организира дополнителна настава за ученици кои покажуваат послаб успех и имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини по одредени предмети. |
| Програма за дополнителна и додатна настава; полугодишни и годишни извештаи, одделенски и наставнички совети | • **<u>Реализација на дополнителна настава</u>**<br><br>Во учебната 2017/2018 година се реализирани вкупно 426 часа, по предметите:<br><br>• одделенска настава – вкупно 212 часа<br>1. македонски јазик – 94 ч.; 2. математика – 93 ч.; 3. англиски јазик – 8 ч.; 4. општество – 9 ч.;<br><br>5. природни науки - 6 ч. и 6. работа со компјутери – 2 ч. |

| | |
|---|---|
| Извештаи од активи, одделенски и наставнички совети, извештаи од наставници | • предметна настава - вкупно 214 часа<br><br>1. македонски јазик 22 ч.; 2. математика – 40 ч.;, 3. англиски јазик - 25 ч.; 4. француски јазик - 14 ч.; 5. биологија – 14ч.; 6. физика – 14ч.; 7. информатика – 8ч.; 8. етика – 2ч.; 9. историја - 19ч.; 10. хемија - 12ч.; 11. музичко образование – 12ч.; 12. физичко образование – 18ч.13. географија – 13ч. и 14. техничко образование - 1 ч.<br><br>Во учебната 2018/2019 година се реализирани вкупно 443 часа, по предметите:<br><br>• одделенска настава – вкупно 216 часа<br>1. македонски јазик – 117 ч.; 2. математика – 85 ч.; 3. англиски јазик – 5 ч.; 4. општество – 2 ч. и 5. природни науки - 7 ч.<br><br>• предметна настава - вкупно 227 часа<br>1. македонски јазик 21 ч.; 2. математика – 52 ч.;, 3. англиски јазик - 23 ч.; 4. француски јазик - 18 ч.; 5. биологија – 11 ч.; 6. физика – 18 ч.; 7. информатика – 12 ч.; 8. етика – 2ч.; 9. историја - 24ч.; 10. хемија - 11 ч.; 11. музичко образование – 12ч.; 12. географија –9 ч.; 13. природни науки – 8 ч. и 14. техничко образование - 6 ч.<br><br>Учениците кои покажуваат високи постигања, интерес за проширување на знаењата од определени области од наставните предмети, училиштето ги поттикнува да земаат учество на натпревари: општински, градски и државни, - учество на конкурси кои се организираат на ниво на општина и пошироко, научни екскурзии, посети на научни саеми, училишни работилници и др.<br>• **<u>Реализација на додатна настава</u>**<br>Во учебната 2017/2018 година се реализирани вкупно 411 часа, по предметите:<br><br>• Одделенска настава – вкупно 213 часа<br>1. македонски јазик – 85 ч.; 2. математика – 97 ч.; 3. англиски јазик – 7 ч.; 4. општество – 12 ч.;<br><br>5. природни науки - 12 ч. и 6. работа со компјутери – 4 ч.<br><br>• предметна настава - вкупно 198 часа<br>1. македонски јазик - 24 ч.; 2. математика – 27 ч.;, 3. англиски јазик - 20 ч.; 4. француски јазик - 14 ч.; 5. |

| | |
|---|---|
| | биологија – 8 ч.; 6. физика – 13 ч.; 7. информатика – 8 ч.; 8. историја - 11 ч.; 9. хемија - 12 ч.; 10. музичко образование – 10 ч.; 11. физичко образование – 34 ч.12. географија – 12ч. и 13. техничко образование - 1 ч.<br><br>Во учебната 2018/2019 година се реализирани вкупно 390 часа, по предметите:<br><br>• Одделенска настава – вкупно 214 часа<br>1. македонски јазик – 83 ч.; 2. математика – 112 ч.; 3. англиски јазик – 3 ч.; 4. општество – 7 ч. и 5. природни науки - 9 ч.<br><br>• предметна настава - вкупно 176 часа<br><br>1. македонски јазик 23 ч.; 2. математика – 14 ч.;, 3. англиски јазик - 23 ч.; 4. француски јазик - 18 ч.; 5. биологија – 10 ч.; 6. физика – 7 ч.; 7. информатика – 10 ч.; 8.. историја - 11 ч.; 9. хемија - 10 ч.; 10. музичко образование – 12 ч.; 11. географија – 9 ч.; 12. природни науки – 8 ч.; 13. техничко образование - 8 ч. и 14. физичко образование – 13 ч.<br><br>Од анализата на извештаите за реализирана дополнителна настава и ученици кои ја посетуваат, се забележува дека е поголем бројот на ученици од ромската етничка припадност на кои им дава помош и поддршка во совладувањето на наставните содржини по македонски јазик и математика. Резултатите од дополнителната настава не се многу видливи поради нередовноста на учениците и во дополнителната настава како и задолжителната настава.<br><br>Додатната настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици - учениците кои можат да совладаат поголем обем и повисоко ниво од предвидените воспитно- образовни содржини). Од работата на додатната настава произлегува и учеството на талентираните ученици на разни натпревари во општината, градот и републиката со што училиштето на крајот на секоја наставна година е побогато со нови признанија, пофалници и дипломи. |
| Извештаи за резултати од меѓународни, национални, градски, државни, училишни натпревари; | Во учебната 2017/2018 година на натпревари се постигнати се следните резултати:<br>• фудбалски куп на пштина Карпош – 2 место<br>• литературен конкурс – И ЈАС УМЕАМ ДА ШТЕДАМ – 1 место<br>• гранд при награда за Рацинови средби – 1 место |

| | |
|---|---|
| Споредбени прегледи од резултатите од оценувањето (меѓународни, национални, градски, државни, училишни натпревари); | • Карпош бира талент – 3 место<br>• Литературен конкурс – 1 место<br>• Литературен конкурс Св. Климент Охридски – 1 место<br>• Општински натпревар по математика – 3 место<br>• Општински натпревар по природни науки – 2 и 3 место<br>• Општински натпревар по математика – 3 место<br>• Детски лирски треперења – 1 место<br>• Регионален натпревар по природни науки – 3 место<br>• Државен натпевар по информатика и информатичко размислување – 2 и 3 место<br>• Општински натпревар по англиски јазик – 3 место<br>• Регионален натпревар на хорови – 2 место<br>• Регионален натпревар на солисти – 2 3- ти места<br>• Регионален натпревар Народна техника – 2 и 3 место<br><br>Во учебната 2018/2019 година на натпревари се постигнати следните резултати:<br>• Фудбал на песок – 3 место<br>• Учество на крос - 3 први места, 1 второ место, едно 3 то место<br>• Литературен конкурс на тема „ Моќта на читањето - Климентова животна сила“ - 2 први места и едно 2 место<br>• **Учество на општински натпревар оп хемија** Републички конкурс по ликовно,, 11 Октомври,, - 1 место<br>• Меѓународен ликовен конкурс ,,13 Ноември’’ - 1 и 2 место<br>• Меѓународен ликовен конкурс - Флора и фауна. – 1 и 2 место<br>• Општински натпревар по природни науки – 2 трети места<br>• Регионален натпревар во организација на ЗМПРМ – 1, 2 и 2 трети места<br>• Општински натпревар оп хемија – 3 место<br>• Регионален натпревар оп хемија – 3 место<br><br>**2.1.4. Следење на хоризонталното и вертикалното движење**<br>Училиштето овозможува премин во друго училиште согласно законската регулатива, но нема систем за следење на хоризонталното и вертикалното движење. Следењето е делумно со добивање на информации од учениците и нивните родители. |

<table>
<tr><td></td><td>2.1.5. Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците<br>Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и вонннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик. Училиштето вложува напори за зголемување на бројот на вклучени ученици од мешан етнички состав во заедничките активности но наидува на потешкотии поради немотивираност кај учениците од ромската етничка припадност за поголемо учество. Училиштето организира заеднички воннаставни активности со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик (ООУ „Лиман Каба„).</td></tr>
<tr><td>Матични книги, одделенски дневници<br><br>• Осипување на учениците<br><br>• Премин на ученици од едно училиште во друг<br><br>Матични книги, одделенски дневници, полугодишни и годишни извештаи</td><td>2.2 Задржување/ осипување на учениците<br><br>2.2.1. Опфат на учениците<br>Училиштето ги опфаќа учениците од реонот на населбите Бардовци и Злокуќани и располага со податоци за опфатот на учениците со податоци добиени од МВР, од увид на теренот, проектот Монтесори и во соработка со МЗ Злокуќани, МЗ Бардовци и Општината Карпош.<br>Училиштето има изградена политика за опфат на сите ученици и се преземаат различни активности како посети на семејства, соработка со локалната заедница и НВО. Навремено се изготвуваат и објавуваат огласи за упис, известувања во локалната средина, посети во домовите и лични контакти со родителите на децата кои треба да се запишат во прво одделение. Во учебната 2017/2018 и 2018/2019 година продолжува практиката за организирани Отворени денови за родителите на децата кои се запишани во прво одделение и за сите заинтересирани родители на крајот од месец мај и почетокот на јуни.<br>Во училиштето се дава големо значење на запишување и задржувањето на учениците, но мал број деца се запишуваат во училиштето поради различни причини. Родителите од с. Бардовци и Злокуќани од македонска националност не ги запишуваат своите деца поради тоа што нивните деца посетуваат предучилишни установи во др. населби од општината, поради потребата од целодневна настава, предрасуди поради мешаниот етнички состав на учениците или други навики (случаи кога првото дете е запишано и се школува во др. училиште во друг реон од општината).<br>Преглед на запишани првачиња по учебни години 2017/2018 и 2018/2019<br><br><table><tr><td>Учебна година</td><td>Бр. од список на МВР</td><td>Бр. на запишани</td><td>Бр. на незапишани</td><td>забелешка</td></tr></table></td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2017/2018 | 65 | 31 | 45 | 24 – незапишани од ромска националност<br>21 – од македонска националност |
| 2018/2019 | 51 | 18 | 39 | 18 - незапишани од ромска националност<br>21 - од македонска националност |

Родителите од Злокуќани од ромската националност не ги запишуваат во законскиот рок децата поради повеќе причини: несредена документација (здравствена заштита, немање на изводи од родените) на децата, незаинтересираност, низок степен на образование или се неписмени, преселување во др. населби или во странство.

Како последица од наведените причини, секоја година околу **50%** од децата за прво одделение од добиениот список од МВР, не се запишуваат во нашето училиште.

Создадени се услови за подобрување на состојбата за запишување на првачиња со изградба на предучилишна установа во дел од поранешниот двор на училиштето од општина Карпош.

## 2.2.2. Редовност во наставата

Матични книги, одделенски дневници, полугодишни и годишни извештаи

Во училиштето е воспоставена практика за редовно водење евиденција за изостаноците. Од досегашните извештаи на одделенските раководители во сите одделенија има ученици кои отсуствуваат од училиште од оправдани и неоправдани причини. Најчесто оправдани отсуства се направени поради хронични заболувања, вирози и настинки. Неоправдани изостаноци се направени поради доцнење на првиот час, бегање најчесто од последните часови, изостанување од наставата поради болест но родителите не носат медицински белешки што е честа пракса кај родителите од ромската националност поради немање на здравствено осигурување.

Најголем број на изостаноци кај учениците од ромската етничка припадност се поради напуштање на наставата и заминување на семејствата во странство за што родителите не ги информираат надлежните во

Матични книги, одделенски дневници, полугодишни и годишни извештаи, споредбени анализи за редовноста на учениците

училиштето. Во овие случаи се прават посети на терен, се утврдува со формирани комисии од училиштето дали семејствата се во населбата или иселени и се постапува според членот 53 од Законот за основно образование.

Активности кои ги превзема училиштето се домашна посета на семејствата на учениците кои не се запишани односно учениците кои неоправдано не го посетуваат основното училиште повеќе од еден месец, соработка со граѓански организации кои работат за намалување на дискриминација, сегрегација и изолација, едукација на родители односно старатели, отворен информативен ден на училиштето. Се води редовно евидентирање на изостаноците во одделенските дневници.

Оправдани и неоправдани изостаноци во проценти евидентирани во дневниците:

Табела бр. 1 **Изостаноци на крајот на учебната 2017/2018 година**

| Вид | одделение | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-2п | II-1п | III-2п | IV-1п | V-2п | VI-1п | VII-2п | VIII-1п | IX-2п | Се-14п |
| Оправдани | 1097 | 1010 | 875 | 1400 | 627 | 1132 | 1306 | 702 | 2796 | 10945 |
| Неоправдани | 410 | 2891 | 1161 | 472 | 535 | 1002 | 1551 | 176 | 492 | 8690 |
| се | 1507 | 3901 | 2036 | 1872 | 1162 | 2134 | 2857 | 878 | 3288 | 19635 |

Забелешка: Неоправданите изостаноци се резултат на осипани ученици (12), неодговорниот однос на родителите кои не ги оправдуваат отсуствата на учениците од ромската националност и најчесто не го најавуваат заминувањето во странство. Во просек се 82 изостаноци на еден ученик во текот на учебната година.

Табела бр. 2 **Изостаноци на крајот на учебната 2018/2019 година**

| Вид | одделение |
|---|---|

| | I-2п | II-2п | III-1п | IV-2п | V-1п | VI-2п | VII-1п | VIII-2п | IX-1п | Се-14п |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 541 | 1651 | 741 | 939 | 294 | 1752 | 1087 | 1579 | 799 | 9383 |
| Неоправдани | 1574 | 1244 | 1275 | 1838 | 561 | 339 | 596 | 1235 | 237 | 8899 |
| се | 2115 | 2895 | 2016 | 2774 | 855 | 2091 | 1683 | 2814 | 1036 | 18282 |

Забелешка: Неоправданите изостаноци се резултат на осипани ученици (13), неодговорниот однос на родителите кои не ги оправдуваат отсуствата на учениците од ромската националност и најчесто не го најавуваат заминувањето во странство. Во просек се 77 изостаноци на еден ученик во текот на учебната година.

Иако училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот и етничката припадност), евидентно е дека бројот на изостаноци континуирано расте во последните две години како резултат на надворешни влијанија со кои училиштето не може да се справи, а тоа е лошата економска состојба посебно на семејствата од ромската етничка припадност кои се преселуваат во земјите од ЕУ и недоследната примена на законската регулатива во врска со преземање на конкретни мерки за оние родители чии деца го напуштаат школувањето поради традиција, скитање и испомош на родителите во обезбедување на материјални средства за живот.

Матични книги, одделенски дневници, полугодишни и годишни извештаи, извештаи од одделенски раководители

**2.2.3. Осипување на учениците**

На крајот на учебната 2017/2018 година вкупно се 225 редовни и оценети ученици. Испишани и префрлени во други училишта се 7 ученици од машки пол и 1 од женски пол и 7 новодојдени ученици (4 м. и 3 ж) по основ на промена на место на живеење. Поради заминување во странство и промена на место на живеење 9 ученици од ромската етничка припадност го напуштиле школувањето, од кои 7 ученици се во одделенска настава.

На крајот на учебната 2018/2019 година вкупно се 225 редовни и оценети ученици. Испишани и префрлени во други училишта се 7 – (5 м. и 2 ж.) и 7 новодојдени ученици (4 м. и 3 ж) по основ на промена на место на

живеење. Поради заминување во странство и промена на место на живеење 13 ученици од ромската етничка припадност го напуштиле школувањето, од кои 12 ученици се во одделенска настава. Бројот на ученици варира поради тоа што училиштето опфаќа и ученици кои потекнуваат од нестабилна или нецелосна семејна средина со лоши социо-економски услови за живеење и номадски начин на живеење (карактеристично за семејствата од ромската популација) со напуштање на школувањето, чести преселби и заминување во странство и повратници од ЕУ држави.

**- Преглед на осипани ученици во последните две години:**

Табела 1. – учебна 2017/2018 година

| Одделение | Вкупно запишани ученици | Ученици од ромска националност | Осипани ученици |
|---|---|---|---|
| **I** | 33 | 17 | 1 |
| **II** | 24 | 12 | 1 |
| **III** | 35 | 20 | 1 |
| **IV** | 22 | 5 | 2 |
| **V** | 26 | 14 | 2 |
| **VI** | 20 | 8 | 1 |
| **VII** | 25 | 12 | 1 |
| **VIII** | 21 | 4 | / |
| **IX** | 34 | 12 | / |
| **Вкупно** | 239 | 104 | 9 |

Во учебната 2017/2018 година осипани се 9 ученици од ромската популација односно 3,76% од вкупниот број на запишани ученици.

Табела 2. – учебна 2018/2019 година

Матични книги, одделенски дневници, полугодишни и годишни извештаи, извештаи од одделенски раководители

<table>
<tr>
<td>Матични книги, одделенски дневници, полугодишни и годишни извештаи, извештаи од одделенски раководител</td>
<td>
<table>
<tr><th>Одделение</th><th>Вкупно запишани ученици</th><th>Ученици од ромска националност</th><th>Осипани ученици</th></tr>
<tr><td>I</td><td>34</td><td>22</td><td>2</td></tr>
<tr><td>II</td><td>35</td><td>18</td><td>4</td></tr>
<tr><td>III</td><td>22</td><td>10</td><td>2</td></tr>
<tr><td>IV</td><td>34</td><td>21</td><td>2</td></tr>
<tr><td>V</td><td>22</td><td>5</td><td>2</td></tr>
<tr><td>VI</td><td>25</td><td>13</td><td>/</td></tr>
<tr><td>VII</td><td>21</td><td>8</td><td>/</td></tr>
<tr><td>VIII</td><td>25</td><td>11</td><td>1</td></tr>
<tr><td>IX</td><td>20</td><td>4</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>238</td><td>112</td><td>13</td></tr>
</table>
Во учебната 2018/2019 година осипани се 13 ученици од ромската популација односно 5,46% од вкупниот број на запишани ученици.
Од увидот и анализа на документацијата, евидентно е дека во последните две години има осипување на учениците од ромската популација и напуштање на школувањето, но бројот на осипани ученици е намален во споредба со претходните години. Овие ученици се неоценети ученици и ученици кои повторуваат.<br>Причини за осипување на учениците се заминување во странство или напуштање на школувањето поради подготовки за заминување во странство. Поради ненајавеното напуштање на наставата и големиот број на неоправдани отсуства, родителите се повикуваат на советување, се врши посета на семејствата и се применува законската регулатива во случаите на неоправдано отсуство од настава.
</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците (според полот, одделение/паралелка и етничката припадност) ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа, родителите и</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Одделенски наставници одделенски дневници, полугодишни и годишни извештаи | граѓанските организации, навремено презема конкретни активности да го намали осипувањето. „<br><br>**2.2.4. Премин на ученици од едно училиште во друго**<br><br>Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно-образовниот развој на ученикот кога се побарани од другото училиште, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. |
| Измени и дополнувања на Законот за основно образование | Училиштето се обидува да најде најразлични модуси за да се справи со задржувањето на учениците во училиштето. Пред се, се обидува да го најде генераторот на проблемот на што се должат изостаноците. Се разговара со ученикот и со родителите. Доколку се заклучи дека отсуствата се од неоправдани причини, се изрекуваат педагошки мерки според Законот за основно образование. Освен тоа, согласно Измените и дополнувањата на Законот за основно образование, се повикуваат родителите на советување за учениците кои имаат над 10 неоправдани изостаноци или 100 оправдани.<br>Во учебната 2017/2018 година на советување се повикани 15 родители на советување на ученици кои неоправдано изостануваат од часови со над 10 изостаноци но некои ефекти нема. Континуирано се следат неоправданите изостаноци и бегањето од часови.<br>Во учебната 2018/2019 година на советување се повикани 10 родители на советување на ученици кои неоправдано изостануваат од часови со над 10 изостаноци но некои ефекти нема. Континуирано се следат неоправданите изостаноци и бегањето од часови, кога ќе се забележат одредени отсуства (неоправдани) се водат индивидуални разговори со ученикот, се известуваат родителите (од родителите од ромската популација најчесто нема контакт телефони) и се покануваат на разговор.<br>Од извршената анализа на советувањето на родителите, заклучок е дека станува збор за семејства чии што деца во континуитет, години station наназад не се редовни во посетување на наставата. Иако се повикувани на советување, родителите немаат капацитет да влијаат врз своите деца. Ова е видливо особено во периодот на пубертет кога поради попустливиот однос на нивните родители, покажуваат неодговорност и немаат создадени работни навики за извршување на училишните обврски.<br>Како крајна мерка се користи членот 53 од Законот за основно образование и родителите на учениците кои континуирано изостануваат над 30 дена од настава се пријавуваат во Државниот просветен инспекторат. Пријавени родители на ученици кои неоправдано изостануваат од настава континуирано 30 и повеќе денови, |

| | |
|---|---|
| | во учебната 2017/2018 година се 9, а во 2018/2019 година се пријавени 13. |
| Матични книги<br>Записници од одделенски дневници<br>Записници од Наставнички совет, извештаи | **2.3. Повторување на учениците**<br><br>Во учебните 2017/2018 и 2018/2019 година ученици кои ја повторуваат годината се учениците кои се осипани, го напуштиле школувањето во текот на септември или преку учебната година и не се вратиле на настава до завршување на истата. Од направената анализа по пол и етничка припадност станува збор за ученици од ромската популација кои го напуштаат школувањето заради заминување во странство, отсуствуваат по неколку месеци и учебни години и на тој начин го губат текот на школување.<br>Во случај ученик да треба да повторува година, се придржуваме и ги применуваме член 63 и 64 од Законот за основно образование. |

<table>
<tr><td colspan="3">Податоците се собрани со примена на анкетни прашалници за родители, наставници и ученици и статистички метод на обработка на податоците.</td></tr>
<tr><td>анкетен прашалник и статистичка обработка на податоци</td><td>Учество: психолог, одделенски наставници</td><td>Собрани се следните податоци: од анкетирани 15 родители, 23 ученици и 15 наставници. Следи приказ на добиените одговори</td></tr>
<tr><td>Тимот за самоевалуацијата</td><td colspan="2">1. Тимот наставници го спроведе следниот прашалник со 15 родители составен од 11 прашања со даден избор на одговори: 1.Никогаш,воопшто, не 2.Делумно не, ретко, понекогаш 3.Делумно да, често 4.Секогаш, потполно, да<br>1. Навремено сум информиран за успехот на моето дете.<br>- Никогаш, воопшто не 0 -Делумно не, ретко, понекогаш 0- Делумно да, често 3 - Секогаш, потполно, да 12<br>-80% од родителите се навремено информирани за успехот на нивните деца<br>2. Задоволен сум од помошта што ја добива моето дете во училиштето кога има потешкотии во учењето.<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 5; Делумно да, често 3; Секогаш, потполно, да 7<br>−66% од родителите се задоволни од помошта што ја добиваат учениците кога имаат потешкотии во учењето секогаш кога е потребно.<br>3. Добиените информации во училиштето се доволни за да го следам успехот на моето дете.<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 7; Секогаш, потполно, да 8<br>– 53% од родителите сметаат дека информациите што ги добиваат се доволни да го следат успехот на нивните деца , а 46% често се задоволни.<br>4. Моето дете учествува во други активности (еколошки, спортски, хуманитарни) организирани од училиштето.<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 2; Делумно да, често 3; Секогаш, потполно, да 10<br>- 67% од родителите се секогаш задоволни од учеството на нивните деца во други активности во училиштето.<br>5. Го следам успехот на моето дете во Е-дневникот.<br>Никогаш, воопшто не 2; Делумно не, ретко, понекогаш 4; Делумно да, често 0; Секогаш, потполно, да 9<br>−60% од родителите го следат секогаш успехот на учениците во Е-дневникот.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | *6. Училиштето презема активности за подобрување на успехот на учениците.*<br>Никогаш, воопшто не 1; Делумно не, ретко, понекогаш 2; Делумно да, често 4; Секогаш, потполно, да 8<br>**-53% од родителите се задоволни од активностите што ги презема училиштето за подобрување на успехот на учениците**<br>*7. Училиштето соработува со родителите за да ја зголеми редовноста во наставата.*<br>Никогаш, воопшто не 2; Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 3; Секогаш, потполно, да 10<br>**-67% од родителите се задоволни од соработката со училиштето за да се зголеми редовноста во наставата.**<br>*8. Училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат потешкотии во учењето.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 4; Делумно да, често 6; Секогаш, потполно, да 5<br>**- 33 % од родителите сметаат дека училиштето секогаш реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат потешкотии во учењето, а 40% често.**<br>*9. Училиштето реализира додатна настава по сите предмети за кои учениците покажуваат интерес и значителни резултати во определени области.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 3; Делумно да, често 6; Секогаш, потполно, да 6<br>**-40% од родителите сметаат дека училиштето секогаш реализира додатна настава по сите предмети за кои учениците покажуваат интерес и значителни резултати во определени области.**<br>*10. Информиран/на сум дека наставниците и психологот посетуваат обуки за примена на современи методи и приоди во наставата.*<br>Никогаш, воопшто не 3; Делумно не, ретко, понекогаш 1; Делумно да, често 4; Секогаш, потполно, да 7<br>**- 46 % од родителите се потполно информирани за посетите на обуки**<br>*11. Информиран/на сум со критериумите за оценување на наставниците.*<br>Никогаш, воопшто не 2; Делумно не, ретко, понекогаш 3; Делумно да, често 3;Секогаш, потполно, да 7<br>**-46% од родителите се потполно информирани за критериумите за оценување на наставниците.**<br>**Заклучок:** Од добиените одговори може да се заклучи дека во просек **56,5%** од родителите се:<br>- секогаш се информирани за успехот на своите деца<br>- родителите се задоволни од соработката со училиштето за да се зголеми редовноста во наставата.<br>- се задоволни од активностите што ги презема училиштето за подобрување на успехот на учениците. |

| | |
|---|---|
| | -поголем број родители (**60%**) го следат секогаш успехот на учениците во Е-дневникот.<br>- 33 % од родителите сметаат дека училиштето секогаш реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат потешкотии во учењето.<br>- 40% од родителите сметаат дека училиштето секогаш реализира додатна настава по сите предмети за кои учениците покажуваат интерес и значителни резултати во определени области.<br>**2.** Тимот наставници го спроведе следниот прашалник со 23 ученици, составен од 11 прашања со даден избор на одговори: 1.Никогаш,воопшто, не 2.Делумно не, ретко, понекогаш 3.Делумно да, често; 4.Секогаш, потполно, да<br>*1.Задоволен/на сум од оценувањето на моето знаење.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 1; Делумно да, често 11; Секогаш, потполно, да 11<br>**- 47,83% од учениците секогаш се задоволни од оценувањето на нивното знаењеа 47,83 % се често задоволни од оценувањето.**<br>*2. Задоволен/на сум од начинот на предавањето на содржините на часовите.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 1; Делумно да, често 12; Секогаш, потполно, да 10<br>**-43,48% од учениците се потполно задоволни од начинот на разработката на методските единици на часовите, а 52% се често задоволни.**<br>*3. Добивам помош од наставниците кога имам потешкотии во учењето.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 1; Делумно да, често 9; Секогаш, потполно, да 13<br>**- 56,52% од учениците се задоволни од помошта што ја добиваат од наставниците кога имаат потешкотии во учењето**.<br>*4. Домашните задачи се добро осмислени и се надоврзуваат на содржините обработени на часовите.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 11; Секогаш, потполно, да 12<br>**- 52% од учениците сметаат дека секогаш домашните задачи се добро осмислени и се надоврзуваат на содржините обработени на часовите, а 47,83 често домашните задачи се добро осмислени.**<br>*5. Кога има потреба сакам да одам на часовите по дополнителна настава (да научам за да поправам оценка).*<br>Никогаш, воопшто не 1; Делумно не, ретко, понекогаш 6; Делумно да, често 4; Секогаш, потполно, да 12<br>- **52% од учениците сакаат да одат на часовите по дополнителна настава.**<br>*6. Заинтересиран/на сум да посетувам додатна настава (да научам повеќе).*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 7; Делумно да, често 8; Секогаш, потполно, да 8 |

| | |
|---|---|
| | **- 34,78% од учениците се заинтересирани да посетуваат додатна настава, а 34,78% често се заинтересирани да посетуваат додатна настава.**<br>*7. Посетувам додатна настава.*<br>Никогаш, воопшто не 2; Делумно не, ретко, понекогаш 8; Делумно да, често 3; Секогаш, потполно, да 10<br>-**-43,48% од учениците секогаш посетуваат додатна настава, а 34,78 ретко посетуваат додатна настава.**<br>*8. Навремено добивам информации за учество на натпревари*.<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 5; Делумно да, често 3; Секогаш, потполно, да 14<br>**- 61% од учениците одговориле дека навремено добиваат информации за учество на натпревари.**<br>*9. Наставниците ги следат и вреднуваат моите знаења со:*<br>• преку редовна усна проверк… 11<br>• преку тестови на крајот од с… 16<br>• преку испрашување за оценка 7<br>• преку мојата активност за вр… 12<br>• преку проектни активности 8<br>• преку комбиниран начин (те… 19<br>**- 82,61% од учениците одговориле дека наставниците ги вреднуваат знаењата преку комбиниран начин.**<br>*10. Употребата на компјутерите во наставата ми го олеснува совладувањето на наставните содржини.*<br>Никогаш, воопшто не 1; Делумно не, ретко, понекогаш 6; Делумно да, често 7; Секогаш, потполно, да 9<br>**<u>- 39,13% од учениците одговориле дека секогаш употребата на компјутерите во наставата им го олеснува совладувањето на наставните содржини, а 30,43% често употребата на компјутерите во наставата им го олеснува совладувањето на наставните содржини.</u>**<br>*11. Најчесто отсуствувам од часови: (заокружи повеќе одговори):*<br>• кога правиме тест 0<br>• кога имам многу часови на … 0<br>• кога имаме најавено испраш… 0<br>• кога имам здравствени проб… 19<br>• кога сум договорен со друга… 0<br>• кога ми е досадно на часови… 2<br>• друго.... 5<br>**<u>- 82.61% од учениците одговориле дека отсуствуваат од настава поради здравствени проблеми.</u>** |

*12. За подобар успех на ученикот најважно (издвои три најважни фактори) е:*

- Поразбирливо објаснување … 3
- Активност на часовите.... 11
- Желба за успех и редовно уч… 14
- Редовност во наставата.... 8
- Внимателно следење на наст… 10
- Дисциплина на часовите.... 7
- Разговор со професорите.... 2
- Дополнителни часови... 3
- Подобри услови во училишт… 3
- Правилно оценување... 1
- Коректен однос на наставник-ученик… 4
- Поголем интерес на родител… 0
- Помал број на предмети... 5

**-61% од учениците сметаат дека за подобар успех на ученикот најважно е: желба за успех и редовно учење, за 47,83 е активноста на часовите и 43,48% е внимателно следење на наставата.**

**Заклучок:** во просек **58 %** од учениците се задоволни:

- од оценувањето на нивното знаење
- од начинот на разработката на методските единици на часовите
- домашните задачи се добро осмислени и се надоврзуваат на содржините обработени на часовите
- дека употребата на компјутерите во наставата секогаш им го олеснува совладувањето на наставните содржини

-61% од учениците ги истакнале следните фактори како најважни за да се подобри нивниот успех: желбата за успех и редовно учење, редовност на наставата, дисциплина на часовите и внимателно следење на наставата.

**3.** Тимот наставници го спроведе следниот прашалник со 15 наставници, составен од 17 прашања со даден избор на одговори: 1.Никогаш,воопшто, не 2.Делумно не, ретко, понекогаш 3.Делумно да, често; 4.Секогаш, потполно, да

*1.Навремено ги информирам учениците за нивните постигања.*

Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 3; Секогаш, потполно, да 12

**-80% од наставниците навремено ги информираат учениците за нивните постигања.**

*2.Редовно го евидентирам напредувањето на секој ученик во однос на очекуваните исходи*

Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 3; Секогаш, потполно, да 12

| | |
|---|---|
| | **-80% од наставниците редовно го евидентираат напредувањето на секој ученик во однос на очекуваните исходи**<br>*3.Ги дијагностицирам слабите и силни страни во учењето на учениците и им давам соодветни насоки за понатамошно учење*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 4; Секогаш, потполно, да 10<br>**-67% од наставниците секогаш ги дијагностицираат слабите и силни страни во учењето на учениците и им даваат соодветни насоки за понатамошно учење, а 27% често.**<br>*4.Ги проверувам претходните знаења на учениците (дијагностичко оценување).*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 7; Секогаш, потполно, да 8<br>**- 53% од наставниците ги проверуваат претходните знаења на учениците (дијагностичко оценување), а 46% често.**<br>*5. Давам позитивна и конструктивна повратна информација која ги поттикнува учениците да работат и кај нив развива чувство дека можат да напредуваат.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 2; Секогаш, потполно, да 13<br>**-87% од наставниците даваат позитивна и конструктивна повратна информација**<br>*6. Редовно ги информирам учениците со критериумите за оценување по мојот наставен предмет/ предмети.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 1; Делумно да, често 2; Секогаш, потполно, да 12<br>**- 80% од наставниците редовно ги информираат учениците со критериумите за оценување по мојот наставен предмет/ предмети.**<br>*7. Применувам современи методи и техники во наставата за подобрување на успехот на учениците.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 5; Секогаш, потполно, да 10<br>**-67% од наставниците секогаш применуваат современи методи и техники во наставата за подобрување на успехот на учениците**.<br>*8. Соработувам со родителите за да се зголеми редовноста во наставата.*<br>Никогаш, воопшто не 0, Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 4, Секогаш, потполно, да 11<br>**- 73% од наставниците соработуваат со родителите за да се зголеми редовноста во наставата.**<br>*9. Реализирам дополнителна настава по мојот предмет за кој учениците пројавуваат тешкотии во учењето.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 1, Секогаш, потполно, да 13 |

| | |
|---|---|
| | **-87% од наставниците секогаш реализираат дополнителна настава по наставниот предмет за кој учениците пројавуваат тешкотии во учењето.**<br>*10. Реализирам додатна настава за ученицитекои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области од мојот наставен предмет.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 4; Секогаш, потполно, да 10<br>**-67% од наставниците секогаш реализираат додатна настава за ученицитекои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области од нивниот наставен предмет.**<br>*11. При сумативното и формативното оценување на учениците поаѓам од целите на наставниот предмет.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 1; Делумно да, често 3; Секогаш, потполно, да 11<br>**- 73% од наставниците секогаш при сумативното и формативното оценување на учениците поаѓаат од целите на наставниот предмет.**<br>*12. Ги формирам сумативните оценки врз основа на повеќекратни мерења со користење современи методи и инструменти.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 4; Секогаш, потполно, да 11<br>**- 73% од наставниците секогаш ги формираат сумативните оценки врз основа на повеќекратни мерења со користење современи методи и инструменти.**<br>*13. Разговарам со учениците за нивниот напредок и нивно оспособување за самооценување и планирање на сопственото учење.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 5; Секогаш, потполно, да 10<br>**- 73% од наставниците секогаш разговараат со учениците за нивниот напредок и нивно оспособување за самооценување и планирање на сопственото учење.**<br>*14. Се консултирам со психологот за примена на едукативни активности кои го поттикнуваат когнитивниот, афективниот и психомоторниот развој на учениците.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 2; Делумно да, често 5; Секогаш, потполно, да 8<br>**- 53% од наставниците секогаш се консултираат со психологот за примена на едукативни активности кои го поттикнуваат когнитивниот, афективниот и психомоторниот развој на учениците, а 33% често.**<br>*15. Се консултирам со психологот за подобрување на постигањата на учениците.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 1; Делумно да, често 6; Секогаш, потполно, да 8 |

| | |
|---|---|
| | **- 53% од наставниците секогаш се консултираат со психологот за подобрување на постигањата на учениците, а 40% често.**<br>*16. Дел од училишните ресурси се користат за професионално усовршување на наставниците*<br>*за подобрување на постигањата на учениците ( за семинари, обуки, работилници, конференции).*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 3; Делумно да, често 9; Секогаш, потполно, да 3<br>-**20% од наставниците сметаат дека секогаш училишните ресурси се користат за професионално усовршување, а 60% често.**<br>*17. Ги поттикнуваам учениците да истражуваат и да користат други извори на информации освен учебникот.*<br>Никогаш, воопшто не 0; Делумно не, ретко, понекогаш 0; Делумно да, често 3, Секогаш, потполно, да 12<br>**- 80% од наставниците секогаш ги поттикнуваат учениците да истражуваат и да користат други извори на информации освен учебникот, а 20% често.**<br>**Заклучок:** во просек **73 %** од наставниците секогаш:<br>- разговараат со учениците за нивниот напредок и нивно оспособување за самооценување и планирање на сопственото учење.<br>- ги формираат сумативните оценки врз основа на повеќекратни мерења со користење современи методи и инструменти.<br>- соработуваат со родителите за да се зголеми редовноста во наставата<br>- навремено ги информираат учениците за нивните постигања и со критериумите за оценување по нивните наставни предмети.<br>- секогаш реализираат дополнителна настава по наставниот предмет за кој учениците пројавуваат тешкотии во учењето.<br>- секогаш реализираат додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области од нивниот наставен предмет. |

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Училиштето континуирано ги следи постигањата на сите ученици и промовира уверување дека истите можат да се подобрат.
- Во училиштето се преземаат активности за подобрување на постигањата на учениците.
- Училиштето ги препознава надарените ученици, учениците што имаат тешкотии во учењето, како и учениците со пречки во развојот и редовно го следи нивниот напредок.
- Училиштето има изградена политика за опфат на сите ученици и се преземаат различни активности како посети на семејства, соработка со локалната заедница и НВО.
- Во училиштето се дава големо значење на запишување и задржувањето на учениците.
- Во училиштето е воспоставена практика за редовно водење евиденција за изостаноците.
- Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците (според полот, одделение/паралелка и етничката припадност) ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа, родителите и граѓанските организации, навремено презема конкретни активности да го намали осипувањето.
- Училиштето се обидува да најде најразлични модуси за да се справи со задржувањето на учениците во училиштето.
- Учениците може слободно да си ги покажат своите способности и интереси и надвор од часовите со помош на наставниците.
- Училиштето континуирано го следи напредокот на учениците кои имаат потешкотии во учењето и развојот.
- Редовно одржување на дополнителна и додатна настава по сите наставни предмети како и продолжителна настава.
- Континуирано информирање на родителите за постигањата на учениците.
- Училиштето организира заеднички вонаставни активности со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик.

**Слабости**

- Делумно мотивирани ученици за посетување на додатна настава.
- Обезбедување на континуирана работа на стручно лице – специјален едукатор и рехабилитатор за подобрување на постигањата на учениците со посебни потреби.

- Нема пропишана политика за хоризонтално и вертикално движење на учениците.
- Делумно информирање на родителите за професионалниот развој на наставниците.
- Мотивирање на учениците за поголеми постигања.

**Анализа на резултатите:**

Во нашето училиште" Аврам Писевски" во кое учат ученици на македонски наставен јазик од македонска и ромска етничка припадност, според статистичките податоци за последните две учебни години се постигнуваат релативно задоволителни резултати со оглед на социо-економската структура на населението и специфичните културни и воспитни навики.

Постои политика за опфат на сите ученици кои припаѓаат на реонот преку различни активности: посети на семејства, писмени покани, кампањи за упис, поддршка и соработка со локалната самоуправа. Континуирано се следи осипувањето на учениците, се анализираат причините и во соработка со локалната самоуправа се спроведуваат активности на терен посебно во населбата Злокуќани (од каде се осипуваат учениците поради заминување во странство или незаинтересираност на родителите за редовно посетување на наставата).

Во училиштето се реализираат проекти преку кои кај учениците се развиваат креативни особини и ги продлабочуваат нивните знаења во реализација на наставните програми заедно со наставниците .

Од часовите за слободни ученички активности постигнувањата се задоволителни и се промовираат успесите на учениците на огласната табла како и на веб страната и весникот од локалната самоуправа. Со овие активности се развива желбата и интересот за културно-уметничка активност и меѓусебна соработка и дружење со учениците, особено меѓу спортските активности.

Во училиштето е обезбедена помош и поддршка на учениците со посебни образовни потреби со еднодневно ангажирање во тек на работната седмица на специјален едукатор и рехабилитатор во соработка со ООУ „Димо Хаџи Димов„ и ангажирање на образовни и лични асистенти но тоа не ги задоволува потребите на учениците со ПОП.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Подобрување на мотивацијата на учениците за повисоки постигања и редовно посетување на наставата.
- Следење на постигањата на учениците при премин од еден циклус во друг (хоризонтална и вертикална проодност).
- Наоѓање на начини за намалување на изостаноците и осипување на учениците.

# ПОДРАЧЈЕ 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

| Бр. | Теми | Инструмент | Извори на податоци |
|---|---|---|---|
| 3.1 | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови<br>• Вклучување на еколошките содржини во индивидуалните планирања на наставниците согласно еколошката програма<br>• **Вклучување на ИКТ содржини во индивидуалните планирања на наставниците согласно ИКТ програма**<br>• **Вклучување на МИО содржини во индивидуалните планирања на наставниците согласно МИО програма** | • анкетен прашалник (наставници, родители), анализа на документација. | • Годишни, тематските планирања/тематски процесни планирања и дневни оперативни планирања за наставен час;<br>• Разговор со директор и психолог;<br>• Наставничко портфолио;<br>• Годишни, тематските планирања/тематски процесни планирања и дневни оперативни планирања за наставен час<br>**а)со вклучени еколошки содржини;**<br>**б)со вклучени ИКТ содржини;**<br>**в)со вклучени МИО содржини**<br>• Анкетни прашалници<br>• (наставници, родители,). |
| 3.2 | • Наставни форми и методи<br>• Употреба на ИКТ во наставата<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>    • Интеракција меѓу наставниците и учениците во реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди | • анкетен прашалник (ученици и наставници) | • Увид во веб страната на училиштето;<br>• Работна програма за наставниците во Office 365;<br>• Годишни, тематските планирања/тематски процесни планирања и дневни оперативни планирања за наставен час со употреба на ИКТ;<br>• Дипломи, пофалници, признанија;<br>• Секции,воннаставни активности,проекти;<br>• Конкурси,натпревари,творби,медиуми,проектни активности. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Приодот на наставникот кон<br>• учениците<br>• Следење на наставниот процес | | |
| 3.3 | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>-Поттикнување на учениците за преземање одговорност во реализацијата на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето | • анкетен прашалник (родители) | • Евиденција за остварени средби и соработка со родителите,<br>• Увид во евидентни листови,<br>• Електронски дневник,<br>• Анкетен прашалник (родители)<br>• Записници и извештаи од дневници, педагошка документација, извештаи од посети на активи, извештаи од стручни активи, од УО, од Совет на родители, ученичка заедница |
| 3.4 | • Идентификување на образовните потреби на учениците во наставата<br>- Обезбедување и одржување на здрава и чиста животна средина за работа и учење | • анкетен прашалник (наставници, родители ученици) | • Разговор со ученичката заедница, детската организација, подмладокот на Црвен крст,увид во евиденција на стручна служба;<br>• Изработка на дневни подготовки,посебни дневни подготовки за деца со ПОП;<br>• Тестови,записници,извештаи,благодарници,фотографии,наставни ливчиња,дополнителна литература;<br>• Дневници на директорот на училиштето,стручна служба;<br>• Анкети за изборни предмети;<br>• Програми за додатна и дополнителна настава, секции. |
| 3.5 | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата | • анкетен прашалник (наставници, родители ученици) | • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Изложени трудови на учениците;<br>• Паноа за пофалби, награди;<br>• Медиумско промовирање на постигањата на учениците и училиштето;<br>• Увид во веб страната на училиштето. |
| 3.6 | • Известување на родителите за напредокот на учениците | • Анкетен прашалник за родители | • Интернет портал;<br>• Електронски дневник; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Евиденција на наставниците за остварени индивидуални средби,совет на родители,родителски средби;<br>• Отворени денови и приемни денови;<br>• Инструмент за следење и вреднување на постигнувањето на учениците;<br>• Евидентни листови и сведителства;<br>• Записници од родителски средби и Совет на родители. |

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци (Собрани се податоци со увиди во педагошката документација во училиштето, разговори и примена на инструменти: анкетен прашалник (наставници, родители, ученици).<br>(1) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>3.1. Планирања на наставниците<br>Годишни , тематски планирања, тематски процесни планирања и подготовки за наставен час, евидентни листови за следење на планирањето на наставниците</td><td>• 3.1.1. Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>На почетокот на секоја учебна година наставниците предаваат наставни планови во согласност со наставните програми во одделението кое го водат (одделенијата во кои предаваат ). Наставните планови се квалитетно изработени и со користење на ИКТ и диференцирани цели и задачи. Наставниците кои во одделението имаат ученици со посебни образовни потреби изработуваат ИОП. Истите се во согласност со наставните програми по соодветните предмети дадени од БРО .<br>Во училиштето се следат планирањата на наставниците најмалку еднаш годишно од директорот и психологот.<br>• 3.1.2. Индивидуални планирања на наставниците<br>Наставниците изготвуваат тематско интегрирано планирање, тематско – процесно планирање и дневни оперативни планирања кои даваат можност за добро реализирање на наставните планови и програми. Тие можат да се видат обработени по посебни текови и напатствија, добиени од семинарите за стручно усовршување на наставниците. Наставниците често користат голем број на техники кои влијаат за зголемување на интересот и мотивацијата на часовите.<br>Користењето на е-дневникот има две добри страни :<br>1.овозможува статистички преглед за успехот и редовноста на учениците;<br>2.обезбедува навремени информации на родителите за успехот и редовноста на нивните деца<br>Во планирањата се предвидени содржини од областа на екологијата, меѓуетничка интеграција и содржини кои предвидуваат користење на ИКТ. Освен по наставни предмети, наставниците изготвуваат годишно планирање за одделенскиот час, воннаставните активности и дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности. Планирањата содржат и начини на оценување, стандарди и критериуми на оценување, соработка со родителите, планирани посети, екскурзии и излети. Наставниците кои во одделението имаат ученици со посебни образовни потреби изработуваат ИОП.<br>• 3.1.3. Размена на искуства и информации при планирањето</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамките на стручните активи се консултираат со наставниците од истото и од другите училишта.<br>• **3.1.4. Распоред на часови**<br>Распоредот на часови за одделенска настава го прави еден од наставниците од одделенска настава во консултации со одделенските и предметни наставници кои предаваат во одделенска настава, а распоредот за предметна настава го прави еден наставник (по математика) од училиштето во консултации со предметните наставници.<br>• **3.1.5. Вклучување на еколошките содржини во индивидуалните планирања на наставниците согласно еколошката програма**<br>Секој од наставниците во своите индивидуални планирања има вметнато еколошки содржини согласно еколошката програма за работа континуирано во текот на годината во своите тематски и дневни планирања .<br>• 3.1.6. Вклучување на ИТ содржини во индивидуалните планирања на наставниците согласно ИТ програма<br>Секој од наставниците во своите индивидуални планирања има вметнато ИТ содржини согласно програма за работа континуирано во текот на годината во своите тематски и дневни планирања<br>• 3.1.7. Вклучување на МИО содржини во индивидуалните планирања на наставниците согласно МИО програма<br>Секој од наставниците во своите индивидуални планирања има вметнато МИО содржини согласно програма за работа континуирано во текот на годината во своите тематски и дневни планирања |
| **3.2. Наставен процес**<br>Инструмент за следење и вреднување на планирањето и подготовката на наставниот час, изведбата на наставен час, водењето и текот на часот, воспоставувањето на клима во паралелката,оценувањето на напредокот на учениците,<br>Увид на час<br>Програма за работа на директор/ стручна служба,<br>Програма за работа и извештаи на | • **3.2.1. Наставни форми и методи**<br>За реализација на наставата, наставниците имаат испланирано применување и користење на современи методи, техники и форми на работа во своите тематски и дневни планирања со цел да ги постигнат предвидените цели на наставата.<br>Во процесот на наставата постои разновидност во применувањето на наставни форми и методи но најчеста е фронталната форма, монолошко-дијалошката метода, метод на игра,имајќи ги предвид различни стилови на учење, способности и интереси на учениците. Наставниците не користат исти приоди за сите ученици што придонесува за развивање на индивидуалните способности за учење на секој ученик, при што применуваат адаптирани задачи според можностите на учениците. Наставниците применуваат современи наставни методи и средства за активно учество на учениците.<br>• **3.2.2. Употреба на ИКТ во наставата**<br>Планирањата со примена на ИКТ се застапени согласно законските одредби. Во училиштето се опремени |

| | |
|---|---|
| ученичката заедница,<br>Увид во ученички досиеја,<br>Увид во евиденцијата на стручната служба,<br>Програма за работа на училиштето,<br>Правилник за оценување и напредување на учениците,<br>Стандарди за оценување, | два кабинета со 12 компјутери, кој се користат во наставата според однапред направен план за користење. Во нашето училиште по предметот Работа со компјутери во одделенска настава од I-V одд. во функција се само 5 мали лаптопчиња.<br>• **3.2.3. Избор на задачи, активности и ресурси**<br>Изборот на задачи, активности и ресурси се предвидуваат според потребите на предметот кој го предаваат, програмата, интересот и можностите на учениците и училиштето. Наставниците ги планираат задачите и активностите, а повеќето од нив користат различни извори и приоди на учење, како што се истражувања, информации од интернет и користење на ИТ технологија.<br>• **3.2.4. Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>Наставниците често ги споделуваат со учениците целите и критериумите во наставата и очекуваните исходи од учењето. Во наставата најчесто се применува интеракцијата со учениците со цел да се подобри учењето, практичната настава и да се поттикне самооценувањето,поттикнување и мотивација за попријатна работна клима во училницата со учениците.<br>• **3.2.5. Приод на наставникот кон учениците**<br>Наставниците се однесуваат во насока на взаемно почитување, еднаквост меѓу половите, социјална помош, соработка и разбирање без да прават били какви разлики меѓу учениците. Наставниците ја почитуваат личноста на учениците. Наставниците ги споделуваат целите за работа со учениците.<br>• **3.2.6. Следење на наставниот процес**<br>Работата на наставниците е следена од директорот и стручната служба. Интерна пропишана процедура за следење на наставниот процес во училиштето нема. |
| **3.3. Искуства на учениците од учењето**<br><br>Анкета со учениците, записници од Ученичката заедница, увид во евиденцијата на стручната служба | • **3.3.1. Средина за учење**<br>Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење, а е прилагодена според можностите на училиштето. Учениције сметаат дека оценките се соодветни на вложениот труд и нивната работа**.**Трудовите на учениците се изложуваат, на видливо и пристапно место. Поголем дел од учениците се однесуваат примерно и културно.<br>• **3.3.2. Атмосфера за учење**<br>Учениците сметаат дека она што се учи во училиштето е интересно и е поврзано но често не ја согледуваат корисноста во секојдневието. Дел од учениците учествуваат во активностите за време на часот. Учениците сакаат да одат во училиште.<br>• **3.3.3. Поттикнување на учениците за превземање на одговорност**<br>Во училиштето ченициte можат да го искажат своето мислење пред наставниците за одделни прашања и проблеми. Формите на поттикнување, мотивирање и соработка меѓу наставниците и учениците се остваруваат преку организирање на активности по повод празници согласно календарот за организација на |

| | |
|---|---|
| | учебната година, театарски претстави, хуманитарни акции, еднодневни излети и повеќедневни екскурзии.<br>• **3.3.4. Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**<br>Во училиштето има возрасно лице кон кое можат да се обратат кога имаат личен проблем .<br>Наставниците се достапни и помагаат кога учениците имаат потешкотии во работата и учењето.Тие секогаш добиваат корисни совети за тоа што и како треба да учат.<br>Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми, поттикнува и мотивира комуникација и соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето. Активноста на учениците во училиштето се гледа преку вклучување во работилници, манифестации надвор од училиштето, спортски натпревари, училишни натпревари, општински, регионални и државни натпревари се со цел за поголема афирмација на самите ученици и за подобрување на имиџот на училиштето.<br>**3.3.5. Поттикнување на учениците за преземање одговорност во реализацијата на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди**<br>На часовите се разговара за теми поврзани со екологијата. Наставниците ги поттикнуваат учениците за преземање на еколошки проекти и акции во текот на учебната година,при реализација на еко стандардите кои се предвидени во тематските планирања. Секој ученик индивидуално или групно е вклучен во еколошките активности кои се реализираат во училиштето. Во нашето училиште има еко одбор и еко патрола.Во нашето училиште се организирани повеќе еко акции:Акција за собирање пластична амбалажа,акција за собирање на потрошени(употребени) батерии,акција за собирање стара хартија,акција за засадување млади садници. |
| **3.4. Задоволување на потребите на учениците**<br>Полугодишни и годишни<br>извештаи, записници, анкета со учениците, родителите | • **3.4.1. Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>Идентификација на учениците се врши:<br>1. при приемот на првачињата преку интервју со родителот, разговор и набљудување на однесувањето на детето и<br>2. за време на наставата кога учениците имаат потешкотии во совладување на наставните содржини. Во училиштето има 6 ученици кои имаат наод и мислење од ЗМЗ за кои има дијагноза.<br>Напредокот и постигањата на учениците кои имаат тешкотии во учењето или оние со посебни потреби се анализира на активите, одделенските и наставничките совети кога се разгледува успехот и поведението квартално и се преземаат активности за нивно отстранување. Во училиштето има направено ИОП за учениците за кои е добиено мислење од Заводот за ментално здравје.<br>• **3.4.2. Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br>Образовните потреби на учениците се препознаваат и се идентификувани од страна на наставниците и психологот но несистемски и без пропишан приод. Наставниците ги почитуваат индивидуалните тешкотии |

| | |
|---|---|
| | и потреби на учениците, а постапуваат правично. Активностите за исполнување на образовните потреби на учениците се самоиницијативни и индивидуални од страна на наставниците. Поголем број од наставниците успешно користат различни техники. Во оценувањето користат различни техники на поучување и оценување.<br>Сите ученици рамноправно се вклучуваат во работата на часовите во редовната и воннаставните активности. Во училниците има естетско уредени катчиња во чие уредување учествуваат учениците под менторство на наставниците.Трудовите на учениците се изложени на видни и соодветни места во училницата и училиштето.<br><br>• **3.4.3. Обезбедување и одржување на здрава и чиста животна средина за работа и учење**<br>Учениците се поттикнуваат и охрабруваат да превземат лична одговорност преку:<br>-јавно искажување на своето мислењеи ставови;<br>-поставување и решавање на проблем ситуации;<br>-активности на Часот по одделенска настава (Програма за ОЖВ);<br>-вклучување на одговорности;<br>-разговори на состаноци на Одделенска заедница и Ученичка заедница (решавање проблеми и надминување предизвици). |
| **3.5. Оценување како дел од наставата**<br>Програма за работа на училштето, стандардите за оценување, користените инструменти за оценување, записници од стручни активи, анкети со ученици, наставници и родители | • **3.5.1. Училишна политика за оценување**<br>Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Учениците и родителите се запознати со критериумите за оценување.<br>• **3.5.2. Методи и форми на оценување**<br>Оценувањето на учениците, зависно од наставниот предмет, се врши преку усно проверување на постигањата и преку писмени работи, тестови на знаења, контролни работи и др. Поголем дел од наставниците користат формативно и сумативно оценување. Оценувањето се врши систематски. Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето преку дијагностичко, формативно и сумативно оценување. Учениците поретко се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување.<br>• **3.5.3. Користење на информациите од оценувањето во наставата**<br>Оценувањето е транспарентно и секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на одредени наставници и учениците. Оценувањето е објективно и соодветно на нивните знаења при што ги гипоттикнуваат учениците да бидат самостојни во созревањето. а сметаат дека оценките се соодветни на вложениот труд и нивната работа. |

| | |
|---|---|
| **3.6. Известување за напредокот на учениците**<br>Полугодишни и годишни извештаи, записници, анкета со учениците, родителите, евиденција на наставниците за остварени средби и соработката со родителите | • **3.6.1. Известување на родителите за напредокот на учениците**<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува со редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање на конкретна и повратна информација (евидентни листови, тестови, писмени вежби и писмени работи) на родителите и учениците за оценката (формални и неформални средби, групни и индивидуални средби). Родителите поретко добиваат и пишани извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете. Родителите имаат можности за индивидуални средби со предметните наставници каде се информирани за напредокот на децата. |

| | | |
|---|---|---|
| **3.7. Анкетен лист за наставници** | **Одделенски и предметни наставници** | Со анкетниот лист беа опфатени одделенски и предметни наставници (вкупно 10 наставници). На наставниците им беа поставени 24 прашања во врска со подрачјето **Учење и настава** со понудени следниве одговори:<br><br>5. **Никогаш, воопшто не**<br>6. **Делумно не, ретко, понекогаш**<br>7. **Делумно да, често**<br>8. **Секогаш, потполно да**<br>1. 100% од наставниците одговориле дека секогаш детално на почетокот на учебната година им објаснуваат на учениците што ќе учат.<br>2. 70% од наставниците одговориле дека секогаш нивните часови имаат јасна организација и поделеност на активностите со учениците.<br>3. 90% од наставниците користат добри примери и илустрации кои се поврзуваат со секојдневната пракса. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4. 70% од наставниците континуирано ги набљудуваат постигањата на учениците и бараат нивно мислење при вреднување на нивните знаења.<br>5. 80% од наставниците сметаат дека секогаш домашните задачи кои ги задаваат се добро осмислени и се надоврзуваат на содржините обработени на часовите.<br>6. Кај 70% од наставниците ученикот е секогаш активен субјект.<br>7. 20% од наставниците повторно ги обработуваат деловите од наставната програма кои учениците не ги совладале успешно.<br>8. Дали користите различни форми и методи на час,имајќи ги во предвид различните стилови на учење,способности и интереси на учениците?<br>3 – 30% и 4 – 70%<br>9.Дали кајучениците се поттикнува љубопитност и интересирање при примена на различни форми и методи на работа?<br>3 – 30% и 4 – 70%<br>10. Дали учениците ги разбираат прашањата и упатствата на наставникот?<br>3 – 30% и 4 – 70%<br>11. Дали применувате ИКТ?2 – 10%, 3 – 50% и 4 – 40%<br>12. Информатичката опрема задоволува и им е достапна на наставниците и учениците? 2 – 30%, 3 – 20% и 4 – 50%<br><br>13. Дали редовно одржување часови по дополнителна настава?<br>2 – 10%, 3 – 10% и 4 – 80%<br>14.Дали на часовите по дополнителна настава ви доаѓаат сите ученици кои имаат потреба од тие часови?<br>3 – 40% и 4 – 60%<br>15.Дали реализирате додатна настава според планирањето?<br>3 – 20% и 4 – 80%<br>16.Дали сте задоволни од посетеноста на часовите по додатна?<br>3 – 80% и 4 – 20%<br>17.Дали обмислувате активности согласно различните можности и способности на учениците?<br>3 – 30% и 4 – 80%<br>18.Дали стандардите и критериумите за оценување им се достапни на учениците и родителите?<br>3 – 40% и 4 – 60% |

| | | |
|---|---|---|
| | | 19.Дали редовно ги информирате учениците за учество во натпревари?<br>4 – 100%<br>20.70% од наставниците се задоволни од учеството на учениците на натпревари.<br>21.80% од наставниците организираат активности за развивање на еколошка свест кај учениците.<br>22.Поголемиот дел од анкетираните наставници ги избрале следниве две добри страни на е-дневникот:<br>-овозможува статистички преглед за успехот и редовноста на учениците;<br>-обезбедува навремени информации на родителите за успехот и редовноста на нивните деца.<br>23.На прашањето дали има нешто што претставува проблем при користење на Е-дневникот наставниците го навеле следново:нема интернет мрежа,нема постојан пристап бидејќи нема секогаш интернет,законската обврска за неговото водење која е контрадикторна бидејќи претставува дупла работа,како и високите казни доколку не се поплни навремено и уредно.<br>24.Како најуспешни наставни техники кои влијаат за зголемување на интересот на учениците и подобро разбирање на содржините кои ги применуваат наставниците ги навеле следниве:бура на идеи, брз квиз, квиз, аквариум, размисли, дуплирај, сподели, стоп-техника,табели,графикони,венов дијаграм,шешир,ѓердан на приказната, наставникот чита на глас, ЗСН, дневник во две колони, петоред, прозорец, мисловна мапа.<br>**Анализа**<br>Со анкетниот лист беа опфатени 10 наставници од одделенска и предметна настава кои се изјасниле дека наставната програма во целост се реализира, при што истата делумно поттикнува истражувачка активност и еко содржините делумно претставуваат предизвик. Тие се запознаени со стандардите за оценување. Воннаставните активности се реализираат. Икт се применува во наставата. Најголем дел од наставниците немаат предлози за измени во наставната програма, како и за начини на кои би можеле да добијат поддршка за подобрување на стручните способности. Наставниците во поголем дел се задоволни од учеството на учениците во натпревари.Поголемиот дел од наставниците ги избрале следниве две добри страни на е-дневникот: овозможува статистички преглед за успехот и редовноста на учениците;обезбедува навремени информации на родителите за успехот и редовноста на нивните деца.Наставниците во текот на наставата применуваат голем број техники кои влијаат за зголемување на интересот на учениците и подобрување на разбирањето на содржината. Како најуспешни ги извоиле следниве наставни техники: бура на идеи, брз-квиз, квиз, аквариум, размисли, дуплирај, сподели, стоп-техника, табели, графикони, венов дијаграм, шешир, ѓердан на приказната, наставникот чита на глас, ЗСН, дневник во две колони, петоред, прозорец,, мисловна мапа. |

| | | |
|---|---|---|
| **3.8. Анкетен лист за родители** | **13 родители на ученици од различна возраст, етничка, верска и полова припадност** | Со анкетниот лист беа опфатени родители на ученици во различни одделенија и со различна етничка, верска и полова припадност.<br>На родителите им беа поставени 16 прашања во врска со ова подрачје и има беа понудени следниве одговори:<br>1. **Никогаш, воопшто не**<br>2. **Делумно не, ретко, понекогаш**<br>3. **Делумно да, често**<br>4. **Секогаш, потполно да**<br>1.На прашањето- Дали му се допаѓа училиштето на моето дете родителите одговориле:<br>**Делумно да, често** - 53,8% и **Секогаш, потполно да -** 46,2%<br>2.Дали моето дете покажува добар напредок?<br>**Делумно да, често** -38.5 и **Секогаш, потполно да** – 62,5%<br>3.Дали децата и учениците се однесуваат примерно и културно?<br>**Делумно да, често** – 62,5% и **Секогаш, потполно да** – 15,40%<br>4.Дали вашето дете е вознемирано и малтретирано?<br>**Никогаш, воопшто не** – 77% и **Делумно не, ретко, понекогаш** -15,4%<br>5.Дали вашето дете доволно време посветува на учењето?<br>**Делумно да, често** – 38,5% и **Секогаш, потполно да** – 38,5%<br>6.Дали вашето дете често посетува дополнителна настава во училиштето?<br>**Делумно не, ретко, понекогаш** - 15,2% , **Делумно да, често** – 23% и **Секогаш, потполно да** – 62,5%<br>7.Сметате ли дека наставниците ги почитуваат индивидуалните потешкотии и потреби на вашето дете? **Делумно не, ретко, понекогаш** – 7%, **Делумно да, често** – 7% и **Секогаш, потполно да** -77%<br>8.Дали наставниците применуваат современи наставни методи и средства за активно учество на вашето дете во наставата?<br>**Секогаш, потполно да** – 84,6%<br>9.Сметате ли дека наставниците постапуваат правично кон вашето дете? **Делумно да, често** – 15,4% и **Секогаш, потполно да** – 77%<br>10.Дали наставниците даваат соодветни домашни задачи?<br>**Секогаш, потполно да** – 92%<br>11.Дали наставниците го оценуваат вашето дете објективно и соодветно на неговото знаење? **Делумно да, често** – 15,4% и **Секогаш, потполно да** – 84,6%<br>12.Дали наставниците го поттикнуваат вашето дете да биде самостојно и да созрева? **Делумно не, ретко, понекогаш** – 8%, |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Секогаш, потполно да** –92%<br>13.Сметате ли дека наставниците ја применуваат информатичката технологија во наставата? **Делумно да, често** –23% и **Секогаш, потполно да** – 77%<br>14.Дали наставниците ги поттикнуваат учениците за превземање одговорност во реализација на еколошките активности? **Делумно не, ретко, понекогаш**<br>-8%, **Делумно да, често** – 15,4% и **Секогаш, потполно да** – 77%<br>15.Дали наставниците ги поттикнуваат учениците да ги прифаќаат етничките,културните разлики и да се почитуваат меѓусебно? **Делумно не, ретко, понекогаш** – 7,2%, **Делумно да, често** – 7,2% и **Секогаш, потполно да** - 84,6%<br>16.За постигнувањата на своите деца родителите се изјасниле дека се информираат преку:Разговор со наставник,класен раководител,е-дневник,родителски средби,евидентни листови.<br>**Анализа**<br>Врз основ на оваа анкета може да се заклучи дека родителите имаат потреба да бидат запознаени со наставната програма, целите и очекуваните резултати и истите се изјасниле дека се информирани и запознаени. Родителите со голем процент се изјасниле и дека се запознаени со вон-наставните активности и еколошките стандарди и дека нивните деца се вклучени во истите. Тие сметаат дека наставниците го оценуваат знаењето на нивните деца објективно и соодветно,Исто така голем број наставници се изјасниле дека за постигнувањата на своите деца се информираат преку: Разговор со наставник, класен раководител,е-дневник,родителски средби,евидентни листови. |
| **3.9. Анкетен лист за ученици** | **Ученици од 6-9 одделение** | Со анкетниот лист беа опфатени ученици во различни одделенија и со различна етничка, верска и полова припадност.<br>На учениците им беа поставени 19 прашања во врска со ова подрачје и им беа понудени следниве одговори:<br>5. **Никогаш, воопшто не**<br>6. **Делумно не, ретко, понекогаш**<br>7. **Делумно да, често**<br>8. **Секогаш, потполно да**<br>1.Дали мојата работа се оценува,така што ми помага да видам како да се подобрам? 3 – 33,4% и 4 – 66,6%<br>2.Дали примаената на ИКТ во наставата ми го олеснува учењето? 2 – 22,25%, , 3 – 44,25% и 4 - 33,25%<br>3.Дали во училиштето разговараме за теми поврзани со екологијата?<br>3 – 39.6% и 4 – 60,4%<br>4. Дали на часовите имаш пристап до интернет?<br>1 – 10,5%, 2 – 20,%, 3 – 25% и 4- 45,75%<br>5. Дали имама компјутер во училиште кој го користам ? |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2 – 16,25%, 3 – 24,5% и 4 – 60,25%<br>6. Дали сум задоволен со распоредот на часови?<br>2 – 20,25%, 3 – 60% и 4 – 40,75%<br>7.Дали сум задоволен д моите наставници?<br>2 – 12%, 3 – 19,25% и 4 – 68,75%<br>8.Учествуваш ли во воннаставни активности во училиштето?<br>1 – 18,75%, 2 – 25%, 3 – 25% и 4 – 31,25%<br>9.Дали наставниците користат различни методи и материјали , за да го мотивираат твоето учење?<br>2 – 19%, 3 – 25,5% и 4 – 55,5%<br>10.Дали редовно добиваш домашни задачи?<br>3 – 25% и 4 – 75%<br>11.Дали твојте наставници ти помагаат кога имаш потешкотии во учењето?<br>2 – 6,5%, 3 – 18,5% и 4 – 75%<br>12.Дали има доволна застапеност на еко содржини?<br>1 – 6,25%, 2 – 12,5%, 3 – 25% и 4 – 56,25%<br>13. Добивам корисни совети , за како полесно да учам?<br>2 – 6,25%, 3 – 12,5% и 4 – 81,25%<br>14.Дали мислиш дека во наставнате програми треба да има поголема застапеност на содржини за превенција од пороците?<br>2- 18,75%, 3 – 18,75% и 4 – 62,5%<br>15. Училиштето излегува во пресрет на мислењата на учениците?<br>2-33,4%, 4- 66,6 %<br>16. Добиената негативна оцена (1) ,ме мотивира да учам повеќе?<br>2- 22,22% 4- 88,88 %<br>17. При оценување доаѓа до конфликт со наставникот?<br>1-77,77% 2- 33,33%<br>18. Наставниците не оценуваат јавно :<br>а) ја соопштуваат и образложуваат оценката– 55,55% б) ја запишуваат јавно но без образложение - 45,45%<br>19. Наставниците при оценувањето се :<br>б)одмерни – 88,88% в)строги- 22,22% |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>Анализа<br>Со обработка на добиените одговори може да се заклучи дека учениците се запознаени со наставната програма и истата им дава можност за истражување, но и дека програмата е преобемна. Задоволни се од начинот на кои ги бираат изборните предмети.Тие сметаат дека воннаставните предмети не им претставуваат проблем и мислат дека треба да има поголема застапеност на содржини за превенција од пороци. Знаат дека редовноста влијае на успешното реализирање на програмата. Еко содржините се доволно застапени и учениците се запознаени со своите права и правата на другите во општествената средина. Учениците во поголем дел,сметаат дека наставниците оценуваат одмерено, а помал процент сметаат дека наставниците се строги, при оценувањето.</td>
</tr>
<tr>
<td>3.7. Анкетен лист за наставници</td>
<td>12 Одделенски и предметни наставници</td>
<td>Со анкетниот лист беа опфатени одделенски и предметни наставници (вкупно 12 наставници). На наставниците им беа поставени 24 прашања во врска со подрачјето Учење и настава со понудени следниве одговори:<br><br>Работната група за самоевалуација на училиштето ја изготви анкетата со која треба да се добијат податоци за Вашите ставови во врска со поставените прашања. Одговорот ќе го дадете со означување на соодветното поле.<br><br>1.Никогаш, воопшто не<br><br>2.Делумно не, ретко, понекогаш<br><br>3.Делумно да, често<br><br>4.Секогаш, потполно, да<br>
<table>
<tr><th></th><th>III Учење и настава</th><th>1</th><th>2</th><th>3</th><th>4</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>На почетокот на учебната година детално им објаснувам на учениците што ќе учат</td><td>/</td><td>/</td><td>16,7%</td><td>83,3%</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Моите часови имаат јасна организација и поделеност на активностите со учениците</td><td>/</td><td>/</td><td>8,3%</td><td>91,7%</td></tr>
</table>
</td>
</tr>
</table>

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3. | Често користам добри примери и илустрации кои се поврзуваат со секојдневната пракса | / | / | 16,7% | 83,3% |
| | | | 4. | Континуирано ги набљудувам постигањата на учениците и барам нивно мислење при вреднување на нивните знаења | / | / | 27,3% | 72,7% |
| | | | 5. | Домашните задачи се добро осмислени и се надоврзуваат на содржините обработени на часовите | / | / | 16,7% | 83,3% |
| | | | 6. | При реализација на наставата ученикот е активен субјект | / | / | 25% | 75% |
| | | | 7. | Деловите од наставната програма кои учениците не ги совладале успешно, повторно се обработуваат | / | / | 66,7% | 33,3% |
| | | | 8. | Применувам различни методи и форми на час, имајќи ги предвид различни стилови на учење, способности и интереси на учениците | / | / | 33,3% | 66,7% |
| | | | 9. | Преку примена на различни форми и методи на наставна работа, кај учениците поттикнувам љубопитност и интересирање | / | / | 33,3% | 66,7% |
| | | | 10. | Проверувам дали учениците ги разбрале моите прашања и упатства | / | / | 16,7% | 83,3% |
| | | | 11. | Применувам информациско комуникациската технологијата во наставата согласно наставните содржини | / | 8,3% | 50% | 41,7% |
| | | | 12. | Информатичката опрема задоволува и им е достапна на наставниците и на учениците | / | 66,7% | 25% | 8,3% |
| | | | 13. | Редовно одржувам часови за дополнитела настава | / | / | 25% | 75% |
| | | | 14. | На часовите за дополнителна настава доаѓаат сите ученици кои имаат потреба за тоа | / | 16,7% | 41,6% | 41,7% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **15.** | Реализирам додатна настава според планирањето | **/** | **/** | **33,3%** | **66,7%** |
| | | | **16.** | Задоволен/на сум од посетеноста на додатната настава | **/** | **16,7%** | **33,3%** | **50%** |
| | | | **17.** | Обмислувам активности согласно различните можности и способности на учениците | **/** | **/** | **41,7%** | **58,3%** |
| | | | **18.** | Стандардите и критериумите за оценување им се достапни на учениците и родителите | **/** | **/** | **50%** | **50%** |
| | | | **19.** | Редовно ги информирам учениците за учество на натпревари | **/** | **/** | **16,7%** | **83,3%** |
| | | | **20.** | Задоволен/на сум од интересот од страна на учениците за учество на натпревари | **/** | **25%** | **41,7%** | **33,3%** |
| | | | **21.** | Организирам активности за развивање еколошка свест кај учениците (во училницата) | **/** | **/** | **33,3%** | **66,7%** |
| | | | **22.** | Изберете две добри страни на Е-Дневникот:<br><br>**1.**обезбедува достапност до успехот и редовноста на учениците од било кое место во било кое време<br>**2.**овозможува статистички преглед за успехот и редовноста на учениците<br>**3.**обезбедува навремени информации на родителите за успехот и редовноста на нивното дете<br>**4.**дава податоци за наставници по наставни предмети | **16,7%** | **66,7%** | **16,7%** | **/** |
| | | | **23.** | Дали има нешто што претставува проблем при користење на<br><br>Е-Дневникот<br><br>1. Често кочи кога поголем број на наставници се вклучени.<br><br>2. Брзината. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3. Често не работи,активности кои се внесени самиот систем ги брише, секоја учебна година со е-дневник се почнува да се пополнува после два месеци, а треба се да се внесе.Најголем дел од родителите не го користат.<br>4. Многу често се случува да има проблеми со серверот. | | | | |
| **24.** | Најуспешни наставни техники кои влијаат за зголемување на интересот на учениците и подобро разбирање на содржините кои ги применувам се: (наведете неколку техники)<br>Техники: натпревар, пет минути пауза, ѕвезда на приказната, двоен запис, бура на идеи, дијамант, јас имам...кој има, венов дијаграм, мисловни мапи, минутна работа, ЗСН.. | | | | |

**Анализа**

Со анкетниот лист беа опфатени 12 наставници од одделенска и предметна настава кои се изјасниле дека наставната програма во целост се реализира, часовите имаат јасна организација и поделеност на активностите со учениците при што истата поттикнува истражувачка активност. Тие се запознаени со стандардите за оценување. Вонаставните активности се реализираат. Икт се применува во наставата. Наставниците применуваат различни методи и форми на час, имајќи ги предвид различни стилови на учење, способности и интереси на учениците . Наставниците делумно се задоволни од учеството на учениците во натпревари, а секогаш учениците се навремено известени.Поголемиот дел од наставниците ги избрале следниве две добри страни на е-дневникот: овозможува статистички преглед за успехот и редовноста на учениците;обезбедува навремени информации на родителите за успехот и редовноста на нивните деца.Наставниците во текот на наставата применуваат голем број техники кои влијаат за зголемување на интересот на учениците и подобрување на разбирањето на содржината.Како најуспешни ги извоиле следниве наставни техники: натпревар, пет минути пауза, ѕвезда на приказната, двоен запис, бура на идеи, дијамант, јас имам...кој има, венов дијаграм, мисловни мапи, минутна работа, ЗСН..

| | | |
|---|---|---|
| **3.8. Анкетен лист за родители** | **19 родители на ученици од различна возраст, етничка, верска и полова припадност** | Со анкетниот лист беа опфатени родители на ученици во различни одделенија и со различна етничка, верска и полова припадност.<br>На родителите им беа поставени 16 прашања во врска со ова подрачје и има беа понудени следниве одговори:<br>1. **Никогаш, воопшто не**<br>2. **Делумно не, ретко, понекогаш**<br>3. **Делумно да, често**<br>4. **Секогаш, потполно, да** |

| | **III Учење и настава** | **1** | **2** | **3** | **4** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | На моето дете му се допаѓа училиштето. | **/** | **/** | **21,1%** | **78,9%** |
| **2.** | Моето дете покажува добар напредок. | **/** | **/** | **42,1%** | **57,9%** |
| **3.** | Децата, учениците се однесуваат примерно и културно. | **/** | **10,5%** | **57,8%** | **31,6%** |
| **4.** | Моето дете е малтретирано и е вознемирувано. | **63,2%** | **36,8%** | **/** | **/** |
| **5.** | Моето дете доволно време посветува на учењето. | **/** | **/** | **52,6%** | **47,4%** |
| **6.** | Во училиштето редовно се одржува дополнителна настава. | **/** | **15,8%** | **31,6%** | **52,6%** |
| **7.** | Наставниците ги почитуваат индивидуалните тешкотии и потреби на моето дете. | **/** | **5,3%** | **15,8%** | **78,9%** |
| **8.** | Наставниците применуваат современи наставни методи и средства за активно учество на моето дете во наставата. | **/** | **/** | **31,6%** | **68,4%** |
| **9.** | Наставниците постапуваат правично кон моето дете. | **/** | **/** | **26,3%** | **73,7%** |
| **10.** | Наставниците даваат соодветни домашни задачи. | **/** | **/** | **21,1%** | **78,9%** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **11.** | Наставниците го оценуваат моето дете објективно и соодветно на неговото знаење. | **/** | **5,3%** | **15,8%** | **78,9%** |
| | | **12.** | Наставниците го поттикнуваат моето дете да биде самостојно и да созрева. | **/** | **/** | **10,5%** | **89,5%** |
| | | **13.** | Наставниците ја применуваат информатичката технологија во наставата. | **5,3%** | **10,5%** | **26,3%** | **57,9%** |
| | | **14.** | Наставниците ги поттикнуваат учениците за преземање одговорност во реализација на еколошките активности. | **/** | **/** | **15,8%** | **84,2%** |
| | | **15.** | Наставниците ги поттикнуваат учениците да ги прифаќаат етничките, културните разлики и да се почитуваат меѓусебно. | **/** | **/** | **10,5%** | **89,5%** |
| | | **16.** | За постигањата на моето дете се информирам со:<br>1._писмено оценување - најмногу<br>2.класен раководител на отворен ден<br>3. одделенскиот наставник | | | | |

**Анализа**

Со анкетата беа опфатени 19 родители .Врз основ на оваа анкета може да се заклучи дека родителите сметаат дека на нивните деца им се допаѓа училиштето и имаат добар напредок , а често децата, учениците се однесуваат примерно и културно.

Воопшто не или ретко нивното дете е малтретирано и вознемирувано додека во голем процент смета дека децата доволно време посветуваат на учењето.

Во училиштето редовно се одржува дополнителна настава,а наставниците ги почитуваат индивидуалните тешкотии и потреби на нивните деца. Во наставата наставниците применуваат современи наставни методи и средства за активно учество на нивните деца и истите постапуваат правично.

| | | |
|---|---|---|
| | | Родителите сметаат дека наставниците даваат соодветни домашни задачи ,ги оценуваат објективно и соодветно на нивните знаења при што го поттикнуваат да биде самостојно во созревањето.<br>Во наставата се применува информатичка технологија , која ги поттикнува учениците за преземање одговорност во реализација на еколошките активности и да ги прифаќаат етничките, културните разлики како и меѓусебно почитување.<br><br>За постигањата на своите деца , родителите се информирани со: писмено оценување, од класен раководител, на отворен ден, родителски средби, од е- дневникот, дневникот, евидентни листови идр. |
| **3.9. Анкетен лист за ученици** | **Анкетирани се вкупно 12 Ученици од 6-9 одделение** | Со анкетниот лист беа опфатени ученици во различни одделенија и со различна етничка, верска и полова припадност.<br>На учениците им беа поставени 20 прашања во врска со ова подрачје и им беа понудени следниве одговори:<br>1.Никогаш, воопшто не<br>2.Делумно не, ретко, понекогаш<br>3.Делумно да, често<br>4.Секогаш, потполно да |

| | **III Учење и настава** | **1** | **2** | **3** | **4** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Мојата работа се оценува така што ми помага да видам како да се подобрам. | **8,3%** | **/** | **16,7%** | **75 %** |
| **2.** | Примената на ИКТ(компјутерите) во наставата ми го олеснува учењето. | **/** | **33,3%** | **16,7%** | **50%** |
| **3.** | На часовите разговараме за теми поврзани со екологијата. | **/** | **33,3%** | **41,7%** | **25%** |
| **4.** | Дома имам компјутер кој го користам за учење. | **8,3%** | **16,7%** | **16,7%** | **58,3%** |
| **5.** | На часовите имам пристап до интернет. | **33,3%** | **16,7%** | **33,3%** | **16,7%** |
| **6.** | Задоволен/на сум со распоредот на часовите. | **/** | **16,7%** | **25%** | **58,3%** |
| **7.** | Задоволен/на сум со моите наставници. | **8,3%** | **/** | **16,7%** | **75%** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **8.** | Мислам дека моите оценки се соодветни на мојот труд и работа. | **8,3%** | **/** | **16,7%** | **75%** | |
| | | **9.** | Наставниците користат различни методи и материјали за да ме стимулираат за да учам. | **/** | **8,3%** | **25%** | **66,7%** | |
| | | **10.** | Редовно ни се даваат корисни домашни задачи. | **9,1%** | **/** | **27,3** | **63,6** | |
| | | **11.** | Во училиштето има возрасно лице кон кое можам да се обратам кога имам некој личен проблем. | **16,7%** | **/** | **16,7%** | **66,7%** | |
| | | **12.** | Моите наставници ми се достапни и ми помагаат кога имам некои потешкотии во мојата работа. | **/** | **8,3%** | **25%** | **66,7%** | |
| | | **13.** | Добивам корисни совети за тоа што и како треба да учам. | **8,3%** | **/** | **33,3%** | **58,3%** | |
| | | **14.** | Добивам добри информации и совети од училиштето за професионалната ориенатација. | **/** | **8,3%** | **41,7%** | **50%** | **16,7 5** |
| | | **15.** | Училиштето ги бара и излегува во пресрет на мислењата на учениците. | **/** | **8,3%** | **41,7%** | **50%** | |
| | | **16.** | Добиената негативна оцена (1) ме мотивира да учам повеќе. | **8,3** | **8,4** | **25%** | **58,3** | |
| | | **17.** | При оценувањето доаѓа до конфликти со наставникот. | **66,7%** | **/** | **16,7%** | **16,7%** | |
| | | **18.** | Наставниците не оценуваат јавно (заокружи) | | | | | |
| | | | а) ја соопштуваат и ја образложуваат | **66,7%** | | | | |
| | | | б) ја запишуваат јавно, но без образложение | **33,3%** | | | | |
| | | | в) не ја соопштуваат , не ја образложуваат | **/** | | | | |
| | | **19.** | Наставниците при оценувањето се: (заокружи) | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | а) благи | **16,7%** | | | |
| | б) одмерени | **58,3%** | | | |
| | в) строги | **25‘%** | | | |

| | |
|---|---|
| **20.** | Имам да додадам нешто дополнително што не е опфатено со претходните прашања |
| | Фаворизирање на ученици – 1 ученик. |

**Анализа**

Со обработка на добиените одговори може да се заклучи дека учениците со учење и работење се оценува така што им помага да видат како да се подобрат.

Во наставата се применува ИКТ со што им го олеснува учењето на учениците.

На часовите се разговара за теми поврзани со екологијата, а поголем дел од учениците имаат дома компјутер кој го користат за учење, а делумно и никогаш не користат немаат пристап до интернет на часовите .

Мнозинство од учениците се задоволни со распоредот на часовите, задоволни се со наставниците и сметаат дека оценките се соодветни на вложениот трудот и работата на ученикот.

Повеќето ученици сметаат дека наставниците користат различни методи и материјали за да ги стимулираат учениците да учат, а истите редовно даваат корисни домашни задачи .

Мнозинство од учениците сметаат дека во училиштето има возрасно лице кон кое можат да се обратат кога имаат некој личен проблем, а наставниците се достапни и помагаат кога учениците имаат потешкотии во работата и учењето. Тие секогаш добиваат корисни совети за тоа што и како треба да учат.

Мнозинство од учениците смета дека добиваат добри информации и совети од училиштето за професионалната

| | | |
|---|---|---|
| | | ориенатација, а училиштето бара и излегува во пресрет на мислењата на учениците.<br>Повеќето ученици се мотивирани да учат повеќе кога ќе добијат слаба оценка (1 ). Повеќето ученици се изјасниле дека никогаш не доаѓа до конфликти со наставникот при оценувањето.<br>Учениците во поголем дел,сметаат дека наставниците оценуваат одмерено, а помал процент сметаат дека наставниците се строги, при оценувањето. |

| **Резултати**: **Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни:**<br><br>• Во училиштето редовно се изработуваат годишни наставни планови и програми како и тематски, дневни планирања со следење и рефлексија;<br>• Примена на тематско интегрирано и тематско процесно планирање на наставата;<br>• Редовно се одржуваат состаноци на стручните активи во училиштето;<br>• Во наставните планови наставниците планираат содржини од ИКТ програмата;<br>• Во наставните планови наставниците планираат содржини од ЕКО програмата;<br>• Во наставните планови наставниците планираат содржини од МИО програмата;<br>• Се овозможува на сите наставници присуство на семинари, обуки како и други форми на усовршување;<br>• Се овозможува наставникот да биде креатор при изборот на наставните методи, техники и форми на работа при реализација на наставните содржини во рамките на наставната програма;<br>• Наставниците применуваат современи наставни методи и средства за активно учество на учениците и постапуваат правично кон кив<br>• Учениците се мотивирани за учење<br>• Во училиштето има возрасно лице кон кое можат да се обратат кога имаат личен проблем .<br>• Наставниците се достапни и помагаат кога учениците имаат потешкотии.<br>• Учениците секогаш добиваат корисни совети за тоа што и како треба да учат.<br>• Подготвеност на наставниците за осовременување на наставата;<br>• Голема вклученост на учениците во воннаставните активности.<br>• Учениците се навремено инфомирани за натпревари<br>• Оценувањето е објективно и соодветно на нивните знаења при што ги гипоттикнуваат учениците да бидат самостојни во созревањето<br>• оценките се соодветни на вложениот труд на учениците.<br>• Е - дневникот овозможува статистички преглед за успехот и редовноста на учениците и обезбедува навремени информации на родителите за успехот и редовноста на нивните деца,<br>• Учениците се однесуваат примерно и културно.<br>• Учениците сакаат да одат во училиште |
| **Слабост:**<br><br>• Недостаток од мали лаптопчиња за предметот Работа со компјутери во одделенска настава;<br>• Недостаток на нагледни средства за спроведување на наставата во целост;<br>• Наставниците немаат доволна соработка со родителите од ромска националност;<br>• Преголеми наставни програми, голем фонд на часови кој не соодветствува со возраста на учениците и неприлагодени учебници;<br>• Оптеретеноста на наставниците со административна работа; |

- Осипување на ученици;
- Нередовност на учениците од ромската националност;
- Недоволна заинтересираност на родителите за вклучување во реализацијата на наставните планови и програми.
- Е - дневникот има проблем со брзината на интернетот и кочењето кога се вклучувата повеќе наставници; проблеми со серверот, бришење на податоците идр.
- Малку родители го користат е - дневникот ;
- Учениците да се вклучат повеќе во натпреварите

**Анализа на резултатите:**

Во училиштето редовно се изработуваат годишни и тематски наставни програми и уредно се пишуваат дневните подготовки за чија изработка се користат сознанијата од средбите со советниците, од стручните активи, посета на семинари. Во наставните програми се планирани ЕКО, МИО И ИТ содржини. Целосната подготовка и реализација на наставните содржини континуирано ја следи директорот на училиштето преку посета на часови заедно со стручните соработници во училиштето.

Наставниците добиваат целосна поддршка и помош од посетите на семинари и спроведени на обуки. Наставниците се однесуваат правично кон учениците.

Наставниците ги поттикнуваат учениците за преземање на еколошки проекти и акции во текот на учебната година,при реализација на еко стандардите кои се предвидени во тематските планирања.

Секој ученик индивидуално или групно е вклучен во еколошките активности кои се реализираат во училиштето.

Учениците се однесуваат примерно и културно и сакаат да одат во училиште.За реализација на наставните програми се применуваат разновидни форми и методи во кои се вклучени сите ученици и подеднакво се стимулираат за повисоки постигнувања во наставата. Се работи групно или индивидуално со користење на постоечките нагледни средства и помагала, а по одредени наставни предмети се изведуваат и практични и истражувачки активности.

Во училиштето постои мотивираност кај учениците за ликовно и литературно творење, а нивните творби редовно се истакнуваат на училишните паноа, додека практичните изработки се изложуваат во училишните холови и кабинетите. Учениците превземаат лична одговорност преку вклученост во најразновидни активности на часовите и по нив,во слободни ученички активности. Наставниците преку формативното оценување редовно ги следат учениците и ги почитуваат стандардите и критериумите за оценување на постигањата на учениците. Образовните потреби на учениците редовно се идентификуваат и следат преку усното одговарање, контролните задачи и писмените работи.

Согласно потребите и способностите на учениците редовно се организира дополнителна и додатна настава, како и слободни ученички активности.

Но, постои потреба од доедукација на наставниот кадар за работа со надарени деца.

Напредокот на учениците се евидентира со макро и микро сумативно описно оценување од прво до трето одделение и описно и бројчано од четврто до шесто одделение во деветгодишно образование, а бројчано во шесто, седмо и осмо и девето одд. во деветгодишното образование. На родителите им се достапни за увид ученичките портфолија. Одделенските наставници и одд. раководители редовно ги информираат родителите за постигнувањата и поведението на нивните деца преку евидентните листи како и преку Е-дневник кој редовно и уредно го водат сите наставници, при што се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците.

**Идни активности: Приоритетни под подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Интезивирање на соработка со родителите;
- Родителите да ги мотивирме да го следат е-дневникот повеќе
- Креирање на средина за учење која ќе ги задоволи потребите на учениците
  (во секоја училница да се овозможи рефлектирање на можностите и потенцијалите на учениците);
- Опремување на кабинетите со нагледни средства и технички помагала за поуспешна реализација на наставната програма;
- Потреба од интегрирање на содржините по сродни предмети.
- Вклучување на наставниците во работните групи на БРО при изработка на наставните планови и програми;
- Вклучување на наставниците во изготвување на учебници и помагала во согласност со наставните планови и програми;
- Поттикнување на сопствениот професионален развој на наставниот кадар;
- Доедукација на наставниот кадар за работа со надарени деца
- Поинтензивно користење на е - дневникот од родителите;
- Вклучување повеќе ученици во натпреварите

# Подрачје 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

| |
|---|
| *Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*<br><br>*Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*<br><br>*Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*<br><br>*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.* |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>• Севкупна грижа за учениците<br>• Здравје<br>• Советодавна помош за понатамошно образование на учениците<br>• Следење на напредокот |

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци</td></tr>
<tr><td>Документи</td><td>Информации</td></tr>
<tr><td>4.1<br><br>• Годишни програми и извештаи за работата на училиштето во учебните 2017/18 до 2019/20 година<br>• Записници од работата на Наставничките совети<br>• Советот на родители<br>• Куќен ред,<br>• Кодекс на однесување на наставниците, учениците и родителите<br>• Правилник на дејствување во случај на елементарна и друга непогода,<br>• Распоред за дежурства за наставниците<br>• Прашалници за родители, ученици и наставници<br>• Евидентни листи<br>• Индивидуални разговори со ученици и фокус групи<br>• Програма за работа на директорот<br>• Програма за работа на стручната служба<br>• Записниците (евидентните</td><td>4.1.1 Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br><br>• Училишниот простор е безбеден за изведување на настава во една смена. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор. Училиштето има изготвено План за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи како и да предвиди мерки за идни опасности од организациско технички и образовен карактер. Во него се наведени и дефинирани приклучоците на водоводна и електрична инсталација и нивна заштита, основни одредби за набљудување, следење и спречување на потенцијална опасност, обврски и подготовки на сите учесници во воспитно образовниот процес за самозаштита како и мерки за заштита и спасување и евакуација.<br>• Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Местата кои се потенцијални за повреди постојано се посочуваат од страна на учениците и наставниците и се санираат. За дополнителна заштита гелендерите по спратовите се надградени.<br>• Посебно се внимава во зимскиот и есенскиот период заради лизгавиот под и расчистување на снегот во дворот и влезот на училиштето. Нагледните средства се користат во присуство на наставниците.<br>• Училиштето има Кодекс на ученици кој е истакнат на видно место и Кодекс на наставници кој е истакнат на видно место.<br>• Дежурството на приземјето, како и на катот на наставниците се спроведува доследно<br>• Сите вработени се обучени за ракување со ПП Апарати<br>• Дел од наставниците се обучени за давање прва помош. На ден 8.11 и 15.11.2018 одржана е обука -,,Протокол за укажување на прва помош и грижа на децата во училиштата.Педијатарска прва помош за учители и негователи,, на која присуствуваа наставниците од одделенска настава<br>• Поголем дел од учениците не се обучувани за давање прва помош<br>4.1.2. Превенција од насилство</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| листови) | • Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните, што се сметаат за психичко и физичко насилство, како и облици на сексуално вознемирување од врсници и возрасни лица. Имаме и акциски план за справување со насилство. Имаме посетено работилници за насилство од страна на поголем број од наставниците.<br>• На 19.9.2018 е одржана обука " Врсничко насилство-Bulling" организирана од Детската амбасада " Меѓаши" со цел одбележување на Светскиот ден на мирот-21 септември. Од нашето училиште присуствуваа Наташа Томшиќ, Кристина Андриќ и Слободанка Пешевска.<br>• На 20.9.2018 со цел одбележувањето на Светскиот ден на мирот се одржаа голем број работилници со ученици од повеќе паралелки во училиштето.<br>• Проект за намалување на насилството во училиштата - директорот, психологот и тим на наставници посетија обука за справување со меѓуврсничко насилство во училиште на 15.11. - 16.11.2018 година, организирана од Првата детска амбасада" Меѓаши".<br>• На 26.11.2018 се одржа работилница за сајбернасилство со ученици од 6-9 одделение вклучени во проектот Е-твининг под раководство на наставниците по англиски јазик и информатика.<br>• Во целите на одделенските часови се реализира содржина од овој тип. Се обработуваат теми и работилници како да се решаваат конфликтите меѓу себе, но и како да се справат со конфликтни ситуации и да побараат помош. Во рамките на животните вештини на одделенски час, како и на работилниците на стручната служба учениците низ игра се учат голем број на психосоцијални вештини со цел да се придонесе за личниот, емоционален и социјален развој на децата и да обезбеди физичка, ментална и социјална благосостојба за децата. За превенција и распознавање на насилството учениците учат од најрана возраст. Во помалата возраст тоа го прават преку игра и различни текстови со едукативен карактер.<br>• Во училиштето се преземаат секакви мерки за санкционирање на насилство од страна на наставниците, одделенските раководители и стручните служби. Како активности во кои се вклучени и учениците е учеството на литературни и ликовни конкурси на тема ,, Стоп за насилството" организирано и поддржано од град Скопје.<br>• Во училиштето со помош на стручната служба се разгледуваат сите фактори кои придонесуваат за секоја првична насилна реакција. Постојат повеке фактори кои влијаат на развојот на насилството– хиперактивност, импулсивност, слаба контрола врз однесувањето, проблеми со вниманието, историја на рано агресивно однесување, како и слаби постигнувања во образованието. Големо влијание имаат врсниците и семејството. Најчесто атмосферата во домот и некои семејни фактори–лошиот надзор над младите и тешки физички казни за нивно дисциплинирање, конфликти меѓу родителите во раното детство, мала поврзаност на родителите и детето, ниска |

| | |
|---|---|
| | социо економска положба во семејството и дружење со деликвентни врсници. Доколку се појави било кој индикатор детето се следи од одделенскиот раководител и стручната служба како и се настојува да се соработува со родителот и да се одстранат главните причини, а се постапува согласно правилникот за насилно однесување и се применуваат педагошки мерки.<br>• Во содржината на записниците на родителските средби се наведува документ во делот од Законот за Основно Образование со кој се информираат родителите дека се упатуваат на советување доколку учениците пројават несоодветно и насилно однесување и антисоцијални појави и заслабнато учење. Советувањето се држи од страна на психологот на училиштето.<br>• Децата ги знаат своите права, дел од овие содржини се интегрирани во наставните содржини по одделни предмети (макдонски јазик-ОливерТвист, Белото циганче, Девојчето и кибритчињата по предметот Граѓанско образование). Сите вработени ја знаат својата улога и обврска во заштита на децата и нивните права.<br>• Училиштето спречува и укажува на постоење на насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците, а голем дел се санкционира и се применуваат некои механизми за постапување и справување со евентуална појава на различните облици на насилство. Еден од нив е држење работилници од стручната служба, како и посебни состаноци во присуство на класниот раководител и стручната служба на кои се разговара со учениците и се разјаснуваат постапките и причините за таквото однесување. Доколку наставникот забележи одредени промени во изгледот и однесувањето на детето што укажуваат на можноста за физичко, психичко или сексуално злоупотребување на ученикот се известува стручната служба која ја проверува веродостојноста и се преземаат соодветни мерки и активности, (соработка со ЦСР и МВР).<br>• Вработените имаат разбирање за процесот на заштита на детето. Тие им приоѓаат на потребите на децата во рамките на временски можности, со посебен акцент на решавање на тековниот проблем.<br>• Во случај на поплака училиштето постапува навремено. Постои правилник за изрекување на педагошки мерки и агресивно однесување кој е доставен на располагање на класните раководители.<br>• Родителите се упатуваат на содржини кои се од помош за соработка во триаголникот ученик–родител-наставник за надминување на потешкотиите и за зголемување на меѓусебната соработка.<br>• Неопходни се предавања на родителите против насилството кај децата, да знаат кои се насилници, како да препознаат жртва на насилство, какви видови насилство има, како да ги заштитат децата, кои мерки да ги преземат итн.<br>• Документите во кои се опишани сите облици на однесување на децата кои се сметаат за физичко и |

| | |
|---|---|
| | психичко насилство и подлежат на казна се доверливи и не се достапни на увид на тие што не се вклучени во процесот.<br>• Нема ограничување на достапност на нет медиумите кои негативно влијаат врз воспитувањето на децата и дел од нив фаворизираат насилство<br><br>**4.1.3 Заштита од пушење, алхохол и дрога**<br><br>• Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанции, што подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.<br>• На 7.11.2018 по повод месец Ноември во борбата против болестите на зависност одржани се предавања и панел дискусија на тема Здравје и болести на зависност и алкохолизам во 7а, 8а, 8б и 9а. Предавач- Маја Христовска.<br>• На 21.11.2018 по повод месец Ноември во борбата против болестите на зависност одржани се предавања и панел дискусија на тема Здравје и болести на зависност и алкохолизам во 7а, 8а, 8б и 9а. Предавач- Маја Христовска.<br>• На одделенскиот час со учениците се реализираат работилници со содржини за различни видови зависности и начини на заштита од оваа зависност. За таа цел како воспитна установа на одделенскиот час се организираат работилници за пороците на 21 век. На редовните часови се обработува оваа тема по предметот биологија и содржини по предметот македонски јазик во романот Марта од Г.Петрески во која како тема се јавуваат пороците и последиците од нив врз здравјето на младите.<br>• Училиштето наоѓа начин да спречи користење алкохол и наркотични супстанци во неговиот двор. Во куќниот ред е наведено забрана на внес на вакви супстанци и истиот се чита на почетокот на секоја школска година и е ставен на видно место.<br>• Училиштето пред се како воспитна установа често организира предавања, работилници на тема болести на зависност во соработка со невладини организации, Црвен крст на општина Карпош и МВР Карпош. Црвен крст и психологот на училиштето со Ученичката Заедница организираат низа предавања со одреден број на ученици и тие ги пренесуваат своите стекнати знаења на ниво на паралелка.На 9.5.2018 одржана е обука за натпревар по прва помош во општинскиот црвен крст, во кој учествуваа ученици од VIII и IX одделение заедно со одговорниот наставник Стеван Боцески. |

| | |
|---|---|
| | • Лиценцираната агенција за обезбедување – Перпетуум Мобиле постојано за време на наставата прави обиколки околу училиштето и доаѓаат во моментот кога има некој несакан инцидент во училиштето или училишниот двор.<br>• Во училиштето има поставено безбедносни камери како превентивни мерки.<br>• Во училиштето има истакнати знаци за забрането пушење на видно место<br><br>**4.1.4 Квалитет на достапна храна**<br><br>• Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците.<br>• Ужинката за учениците од прво до трето во учебната 2017/2018 била бесплатна. Во учебната 2018/2019 ужинката за учениците од прво до четврто ја финансирала општината. Ужинката била обезбедена и за учениците од петто одделение, но ја финансирaале родителите. Учениците од предметна настава немале ужинка. Во учебната 2019/2020 ужинката се финансира подеднакво од родителите и од општината.<br>• Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците, се води дебата и дискусија на таа тема, сепак од разговорите со учениците од погорните одделенија се покажуваат алармантни резултати дека брзата храна им е омилена како во домот така и во училиштето.<br>• На 21.5.2018 одржано е предавање “Здравствен бенефит од спроведување на физичка активност и исхрана” во паралелките од I-IX одделение. Предавач- Флора Хамид од Институтот за јавно здравје.<br>• На Светскиот ден на храната се одржани работилници со учениците за да им се зголеми свеста за важноста од консумирање здрава храна. Таквите работилници претставуваат приоритет.<br>• На 16.10.2018 - по повод светскиот ден на храната се одржа настан со повеќе активности во нашето училиште под мотото” Да делуваме за свет без глад”. Учество земаа учениците од 1 - 9то одделение, кои беа распоредени во различни активности. Во склоп на овој настан се одржа презентација на училишната градина во соработка на Slow Food Водно, со кратка презентација на Ајде Македонија, активности во работна тетратка нс ФАО. Гости на овој настан беа - Лујза Витон - ОН, Љупчо Николовски - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ардер Адеми - МОН, Василка Даупамиене ФАО, Василка Стефановска - Слоу Фуд Водно. |

| | |
|---|---|
| | **4.1.5. Поддршка на ученици со телесни пречки во развојот**<br><br>• Училиштето има процедури за грижа за учениците со телесни пречки во развој и соработува со родителите во обезбедување на нивната грижа. Училиштето развива квалитетна соработка со нивните родители со цел оптимален развој во рамките на нивните можности со цел зачувување и подобрување на нивното физичко и ментално здравје, емотивна и социјална стабилност<br>• Училиштето е отворено за прием на деца со пречки во развојот, но проблем претставува самата инфраструктура на училиштето. Конструкцијата на училиштето е приземје со еден спрат и два реда скали. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот и имаме направено рампа за пристапност на деца со телесни пречки во развојот. Постои олеснет пристап на влезот од училиштето, но кон горниот кат не е овозможено и нивно самостојно движење. Скалите се дополнителна потешкотија. Ходниците и училниците се доволно просторни за непречено движење. Во училиштето се планира да се направи посебен тоалет за деца со телесни пречки во развојот, како и сензорна соба за учениците со посебни потреби.<br>• Се реализираат работилници со ученици во рамките на тема соработка, другарство, сите сме различни. Особено соработката е успешна на ниво на одделенската настава. Децата уште од мала возраст се воспитуваат за укажување помош на своите другарчиња. За време на одделенскиот час по животни вештини се разговара за другарување и пружање помош<br>• Доколку се работи за ученик од предметна настава и има отежнатост при движење како и отсуства од часови постои соработка со родителите како и меѓу наставниците кои се информираат и ја кажуваат состојбата на одделенските совети и се планира индивидуална и дополнителна настава. Доколку ученикот подолго отсуствува се полага класен испит.<br>• Се водат доследно ИОП планови за овие деца изработени тимски од стручната служба,специјален едукатор и рехабилитатор, наставниците и родителите, како и постои континуирана соработка. На 15.2.2018г. реализирана е интерна обука на наставниците од ООУ Аврам Писевски на тема изработка на ИОП. Обучувачи на обуката м-р Елизабет Солтирова и м-р Марија Трипуноска, дефектолог во ООУ Димо Хаџи Димов. Присутни на обуката – М-р Матилда Бајкова и 15 наставници од училиштето.<br>• Поголем дел од наставниците се обучени како професионално да се справат со овие деца кога им е потребна неопходна помош. На 8.2.2018г. реализирана е интерна обука на наставниците од ООУ Аврам Писевски на тема инклузивно образование. Обучувачи на обуката м-р Елизабет Солтирова и м-р Марија Трипуноска, дефектолог во ООУ Димо Хаџи Димов. Присутни на обуката – М-р Матилда Бајкова и 17 наставници од училиштето. |

| | |
|---|---|
| | • На 17.2.2018г. реализирана е обука за Инклузивно образование: поддршка на децата со посебни образовни потреби одржана во ООУ Лазо Ангеловски од 9.00 до 14.00. Обучувачи на обуката беа тимот за проекти од истото училиште. Присутни беа директорот на училиштето М-р Матилда Бајкова, психологот М-р Елизабет Солтирова, одделенскиот наставник Драгана Горковска Гавриловска и предметниот наставник по информатика Ана Дионисиева.<br>• На 24.2.2018г. оддржана е работилница за развивање на компетенцијата на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби со тема Поддршка на учениците со посебни образовни потреби во ООУ Лазо Ангеловски од 8.45 до 14.00. Присутни наставници – Љубица Манов, Наташа Томшиќ и Александра Гавриловска.<br>• На 1.10.2018 (понеделник) одржана е интерна обука на наставниците за поддршка на ученици со посебни образовни потреби на тема: „Дислексија, дисграфија и дискалкулија„ со гостин учесник Дамјан Николовски, претседател на здружението за дислексија „Ајнштајн„ и реализатор м-р Елизабет Солтирова, психолог.<br>• Училиштето има недостаток на стручни лица за дополнителна помош (логопед, специјален едукатор и рехабилитатор кој би бил постојано вработен во училиштетои би работел секојдневно со овие деца. )<br><br>**4.1.6. Грижа за ученици од социјално загрозени семејства**<br><br>• Училиштето има пропишана процедура за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици (на пример, заради недостиг од работен прибор) и кои поради ниската социјална состојба не се во материјална можност да обезбедат дополнителни средства за учество во одредени активности.. Родителите не ги известуваат одделенските раководители за социјалната сосотојба на семејството. Увид во социјалната состојба имаме врз основа на усно кажување, потврда за социјална помош и посета дома<br>• Од мај 2019 година децата од социјално загрозените семејства имаат право да додаток за образование заради покривање на дел од трошоците на домаќинството поврзани со образованието на децата во зависност од материјалната состојба на домаќинството како и за корисници на гарантирана минимална помош согласно Законот за социјална заштита.<br>• Кога учениците од социјално загрозените семејства не можат да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства (например, екскурзии, приредби и |

| | |
|---|---|
| | натпревари) понекогаш им се приоѓа во пресрет зависно од финансиските средства и во соработка со другите родители и нивна иницијатива, локална заедница и институции и невладини организаци и за пружање помош.<br>• Во рамките на локалната средина се организираат хуманитарни акции и продажни саеми кои би им помогнале на семејствата од социјално загрозени семејства. Претежно хуманитарните акции се организирани од страна на училиштето по потреба. Тука одзивот е задоволителен. Понекогаш иницијативата за помош е и од ниво на паралелка.<br>• На 2.6.2018г. се одржа хуманитарен базар организиран за децата со пречки во говорот и слухот, по повод Интернационалниот ден на детето. Нашите ученици од II, III и VII одд. учествуваа со изработка на мозаик од колаж и боење на камчиња. Настанот се одржа во ГТЦ.<br>• Има потреба од иницијатива за соработка со невладини организации кои пружаат дополнителна помош. |
| 4.2 Индивидуални разговори со ученици и фокус групи<br>• Годишни програми и извештаи за работата на училиштето во учебните 2017/18, до 2019/20 година<br>• Записничка тетратка од работата на Наставничкиот совет и Советот на родители<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Кодекс на однесување на наставници<br>• Правилник на дејствување во случај на елементарна и друга непогода<br>Прашалници за родители<br>Евидентни листи<br>Записници од разговори<br>Известувања од наставници<br>Годишната програма за работа на | **4.2.1 Хигиена и заштита од болест**<br>• Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Еднаш по потреба и два пати во годината се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. При епидемија на грип се засилуваат мерките за зачувување на хигиената и здравјето на учениците, се инсистира на медицински белешки за здрави деца, се врши чистење и повторна дезинфекција, се купува гел дезинфекциски сапун. Се чистат училниците-кабинетите најмалку 2 пати во денот, клупите и подот се бришат со дезинфекциско средство. Наставниците на паралелката со договор на родителите и учениците се договараат за средување на училницата и за потребни материјали за хигиена (сапун и вц хартија). Ходниците и скалите во училиштето се чистат два пати во денот. Подот во училниците и останатиот училишен простор се чистат еднаш во текот на денот, заедно со мебелот и клупите, а прозорците, вратите и другиот инвентар по еднаш во секое полугодие.<br>• Дворот на училиштето се чисти секојдневно, чист е од секаков вид на отпадоци. Во училиштето има корпи за отпадоц, во секоја училница и просторија. Ѓубрето се исфрла повеќе пати дневно од сите простории во училиштето. Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договор на процедура за заштита од нејзино ширење.<br>• Грижата за здравјето ги опфаќа следните содржини:<br>• Лична хигиени;<br>• Ментална хигиена;<br>• Одржување на здравјето; |

| | |
|---|---|
| училиштето<br>Куќниот ред<br>Правилникот за организација и систематизација на работата и работните места<br>Записниците од органите на училиштето<br>Записниците од надлежните органи за контрола на хигиената и здравјето на децата<br>Увидот во педагошката евиденција и во(Еко-стандардите)<br>• Индикатори за реализација на точките на акции од еко-стандардите | • Редовни систематски прегледи;<br>• Вакцинации;<br>• Типизирани предавања;<br>• Во однос на зравјето на учениците и заштита од заразни заболувања, училиштетето презема непосредни и посредни мерки на заштита.<br>• Непосредни: Систематски преглед на вработените секоја втора година, а санитарен преглед на вработените секоја година. Систематски, здравствени и стоматолошки прегледи, преглед на слух, говор и глас, вакцинација и ревакцинација на учениците.<br>• Посредни: Предавања и флаери, брошури и упатства за тоа како да се грижиме за сопствената и хигиената на нашата околина, како и за сексуално преносливите заразни заболувања, превенциија и заштита.<br>• Реализирани се предавања од стручни лица лекари, претставници на Црвениот крст на општина Карпош и МВР, за пубертет и полови разлики, болести на зависност од невладини организации.<br>• Организираните екскурзии се дел од активностите кои училиштето ги реализира во поглед на здравјето на учениците и здравата околина.<br>• Додека е ученикот на училиште и доколку му се влоши здравствената состојба, одделенскиот раководител веднаш му укажува помош и го ослободува од часови, а во исто време веднаш се информира родителот за настанатата состојба.<br>• Нашиот персонал одговорен за хигиената има лица определени за секој кат посебно, се чистат училниците и ходниците и секој вид на застоена храна се исфрла во текот на денот. При чистење се користат професионални средства за чистење.<br>• Производствената и општествено-корисната работа во училиштето е планирана активност со изготвена програма за работа која ги вклучува целите за здравје и почиста околина како и развивање позитивен став и однос кон трудот. Во оваа активност се вклучени сите ученици и вработени во Училиштето, низ собирни акции и акции на солидарност, еколошки акции и производствена дејност во соработка со локална самоуправа, еколошки друштва и други организации.<br>• Училиштето организира активност за собирање на пластични шишиња и батерии. Притоа се води евиденција колку шишиња се собираат во текот на месецот и кој клас има најмногу шишиња собрано.<br>• Училиштето ги реализира точките на акции од воспоставените еко-стандарди со цел постигнување на високо ниво на хигиена во училиштето и заштита на здравјето на учениците и вработените.<br>• Во секоја училница има сапун и се води грижа од страна на децата за негова употреба. |

<table>
<tr><td></td><td>

**4.2.2 Грижа за ученици со здравствени проблеми**

- Училиштето има повеќе постапки и процедури за оваа категорија деца во текот на целото основно образование. Идентификување на ученици со физички и здравствени проблеми и ученици со посебни образовни потреби се прави на повеќе нивоа: упис во прво одделение, мислење на лекар или друга релевантна институција: Завод за ментално здравје, специјализирана здравствена инстуција, информација од родител и одделенски раководител, наставник. Ако има физички или здравствени проблеми се разговара со родителот и се сугерира посета на специјализирана здравствена установа.
- За деца за кои со релевантен документ ќе се утврди дека има посебни образовни потреби се изготвува посебен образовен план во соработка со наставникот, родителите и стручната служба. Тие помагаат во пополнување на чек листа и изготвување на индивидуален образовен план.
- Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантните институции со кои соработува (здравствените установи, центарот за социјална работа, центар за ментално здравје). Доколку се работи за физички здравствен проблем или ученикот е подолго време на боледување, наставникот и стручната служба ја интензивираат соработката со родителот и наставниците и ученикот.

</td></tr>
<tr><td>

Подрачје 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

- Интервју со психолог
- Одделенски дневници
- Програма за работа на професионалната ориентација на учениците
- Досие на ученик
- Записниците од работилниците
- Записниците од родителските

</td><td>

**4.3.1. Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**

- Информациите за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување, што училиштето им ги обезбедува на учениците, се јасни и релевантни, и обично се доставуваат како во пишана форма преку промотивен материјал (брошури, отворени денови) каде се достапни сите податоци, така и во усна форма преку презентации, предавања и посета на високо образовни институции. Училиштето навреме и точно ги информира учениците за можностите за условите за упис во државни и приватни училишта за учениците поблиску да се запознаат со стручните насоки, функцијата, локациите, опременоста и наставниот кадар.
- Училиштето организира активности за професионална ориентација на идните средношколци. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование, доусовршување или вработување по завршувањето на основното и средното образование е во вид

</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| средби<br>• Анкетирањето и интервјуата со учениците и со родителите<br>• Програмата за професионална ориентација на учениците<br>• Флаерите<br>• Предавањата<br>• •Записниците од индивидуални разговори со родителите и со учениците | на работилници организирани од надворешни субјекти како и интерни кратки работилници. Училишта кои вообичаено доаѓаат и вршат презентации се СУГС” Владо Тасевски” , СУГС “ Лазар Танев”, ДМБУЦ” Илија Николовски Луј”, Приватна Гимназија “ Јахја Кемал” .<br>• Стручната служба како и предметниот наставник се на располагање преку своите приемни денови и отворени денови на училиштето редовно да ги известуваат родителите за способностите на нивните деца и идни можности и постигања.<br>• Училиштето ги информира учениците и нивните родители за помошта што можат да ја добијат од стручната служба при упис на нови ученици.<br>• Училиштето континуирано им помага на учениците во изборот на нивното понатамошно образование низ наставни содржини по наставните предмети (задолжителни и изборни), преку нудење на голем број слободни ученички активности и секцииии, како и учество на натпревари.<br>• Во холот на училиштето на Огласната Табла се известуваат за сите настани и текови во врска со образованите цели. Се истакнуваат и делат брошури од средните општи и стручни училишта и можности за користење стипендии. На огласната табла стои и објавен конкурс за учениците за влез во средните училишта.<br>СУГС- Кочо Рацин<br>СУГС -Георги Димитров<br>СГГУГС на град Скопје–Здравко Цветковски<br>Хемиско–технолошки струки–Димитар Влахов<br>СУГС-гимназија Никола Карев<br>СУГС-ВладоТасевски СУГС-Лазар Танев<br>СУГС- Марија Кири Склодовска<br>АСУЦ- Боро Петрушевски<br>СМУ-Панче Караѓозов<br><br>**4.3.2. Грижа за учениците со емоционални потешкотии**<br><br>• Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците со емоционални проблеми. За спроведување на процедурите е одговорен тимот за поддршка на децата со потешкотии стручната служба, успешно и навремено ги открива потешкотиите во врска со семејно насилство, негрижа, разводи и болест во семејството, трауми или отсуство на еден родител во социјалниот развој на учениците.<br>• Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или |

| | |
|---|---|
| | да ги упати до релевантните институции со кои соработува (здравствените установи, центарот за социјална работа, центар за ментално здравје, полицијата итн.) Првата проценка за емотивните, физички и социјални потреби ја прави стручната служба во училиштето при упис во прво одделение. Од опсервацијата, листата со податоци за детето и родителот, разговорот со детето и родителот, лекарска белешка и друга документација, стручната служба добива корисни информации за емотивниот, физичкиот и социјалниот развој на детето.<br>• Во одделенска настава одделенскиот наставник, а во предметна настава, одделенскиот раководител формира досие за секое дете. Наставникот ги запознава своите ученици, ги следи и доколку забележи промени ја известува службата, ги повикува родителите, се добиваат информации и врз основа на истите се превземаат понатамошни чекори, работа на стручната служба и вклучување други стручни лица надвор од училиштето.<br>• Детектирање на одредени емотивни, физички и социјални потреби на учениците се врши и преку тематски работилници од стручната служба и наставниците во рамките на реализацијата на образование за животни вештини со ученици од родителските и индивидуални средби на наставниците и стручната служба. Ако наставникот забележи одредени промени во изгледот и однесувањето на детето што укажуваат на можноста за физичко, психичко или сексуално злоупотребување на ученикот се известува стручната служба која ја проверува веродостојноста и во зависност од тоа кој е злоупотребувачот, се преземаат соодветни мерки и активности вклучувајќи ги ЦСР и МВР.<br>• Училиштето ги информира учениците и нивните родители за помошта што можат да ја добијат од стручната служба во училиштето преку директен контакт при упис на нови ученици, одделенски часови, Совет на родители.<br>• Некои наставници ги информираат учениците и нивните родители за помошта што им ја нуди стручната служба, во повеќето случаи психологот притекнува во помош за време на наставата.<br>• Се води педагошка евиденција-ученичко портфолио за индивидулниот напредок на учениците<br>• Се прави анализа на напредокот на учениците по паралелки за сите одделенија. |
| 4.4. Следење на напредокот<br>• Интервју со педагог, психолог, директор, наставници<br>• Ученички досиеа<br>• Одделенски дневници<br>• Евидентни листи | **4.4.1 Водење евиденција за индивидуалниот напредок на ученикот**<br>• Според Законот за основно образование на Република Македонија, постигањата на учениците во основното училиште се оценува описно и бројчано. Во првиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно и само на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки. Во вториот период, |

| | |
|---|---|
| • Мислења<br>• Забелешки<br>• Извештаи и анализи<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Евиденција на наставник, педагог, психолог, дефектолог<br>• Деловодна и матична книга<br>• Извештаи и анализи<br>• Разгледување на педагошката евиденција и документацијата<br>• Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преводници и др.)<br>• Разговори со наставниците и стручната служба | постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно и бројчано, а ученикот на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех. Во третиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува бројчано, а ученикот од крајот на прво полугодие добива евидентен лист за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.<br>• Наставниците водат целосна и уредна евиденција за напредокот постигањата, редовноста и поведението на секој ученик /ученичка, како и за неговиот/ нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој кој се бележи во дневниците, е-дневник, евиденцијата и документација на наставникот, досие на ученикот, евидентни и чек листи. Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на ученикот/ ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците, во соработка со стручната служба и родителите на ученикот/ученичката. Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенски раководители/ предметните наставници, родителите за постигањата на учениците.<br>• При следењето на воспитно-образовната дејност училиштето особено внимание посветува на квалитетот на изготвувањето на глобалните, тематските и дневните планирања во наставата, како и дидактичко-методскиот квалитет на наставните часови при што се забележува тековното напредување и се прават забелешки при отстапувањето од зададениот план. Се земаат во обзир можностите на учениците и нивните способности во дневното планирање. Што значи постои систематско бележење на запазување на развојот на интересите, мотивацијата и способностите во усвојувањето на воспитно-образовните содржини на предметите и подрачјата како и односот и реализирањето на задачите. Се води евиденција за постигнувања во воннаставните активности– натпревари, проекти и слично.<br>• Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерот за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката е должен за постигнатиот успех на учениците да ги известува родителите најмалку четири пати во текот на учебната година.<br>• Наставниците се обучени за формативното и сумативното следење на успехот на учениците и е направена дисеминација на останатите. Ваквата евиденција му помага на училиштето да изнаоѓа и применува нови форми и методи, наставни средства за подобрување на успехот и квалитетот на подучувањето и знаењата со кои се стекнуваат учениците. Воедно делува на промена на постојните обрасци на однесување и поттикнување на мотивацијата за промена. Оваа |

| | |
|---|---|
| | документација е добра основа за наставниците и стручната служба за помош при избор на идното занимање. Учениците се насочуваат да го градат своето портфолио со зачувување на своите најдобри изработки се со цел да се насочат професионално и да ги согледаат поцелосно своите можности и вештини.<br>• Одделенските дневници се достапни на сите наставници, заинтересирани родители и ученици. Овие години тимот за ЕМИС се потруди да ги евидентира сите потребни податоци и информации потребни согласно нет можностите се со цел оценувањето да биде попристапно и транспарентно.<br>• Од достапната евиденција на одделенскиот совет се констатира развојот на ученикот и ако се утврди појава на потешкотии во усвојувањето на содржините по некои предмети, одсуство од настава, неприлагодено однесување се предлагаат мерки и процедура на постапување (Индивидуална работа, ангажирање на стручната служба, известување на родителот, следење на ученикот)<br>• Во училиштето по редовната настава редовно се одржува дополнителна и додатна настава по сите предмети согласно дадената програма се со цел наставата да се индивидуализира и да се овозможи реализирање на наставата согласно темпото на напредување на децата и продлабочување на нивните интереси. Но се јавува проблем во предметната настава каде многу мал број од тие што имаат слаби оценки доаѓаат на дополнителна настава. Секогаш пројавуваат желба оние ученици кои имаат поголем успех а имаат нешто нејасно.<br>• Учениците се следат и поткрепуваат во вонаставните активности чија суштина се состои во проширување и продлабочување на знаењата, умеењата и навиките на учениците. Тука доаѓаат до израз интересите, желбите и афинитетите на учениците за одредени активности. Со овие активности се развива љубопитноста, истражувачкиот дух, дружењето со други одделенија и други училишта, меѓусебна соработка, солидарност и слично. Училиштето има многу успешни вакви активности и реализирани натпревари на повеќе нивоа со многу освоени награди и признанија.<br>•<br>**4.4.2. Анализа на напредокот на учениците по паралелка**<br>• Во училиштето постои интерно оценување на постигнувањата на учениците кое се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализи на состојбите во три класификациони периоди за кои наставниците подготвуваат извештаи за својата паралелка врз основа на евиденциите за ученикот (на секое тримесечие). Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во учебната 2017/2018 и учебната 2018/2019 во првиот период од ( I до III одделение) се оценува описно, во вториот период ( IV до VI одделение) постигањата на |

| | |
|---|---|
| | ученикот за задолжителни и изборни предмети се оценуваат описно и бројчано, на крајот на првото полугодие и крајот на учебната година оценувањето е бројчано, а по класифиционите периоди-тромесечја-описно. Учениците од третиот период (VI-IX) одд се оценуваат бројчано со оценки од (1) до (5). Во учебната 2019/2020 има промена во оценувањето во вториот период ( IV до VI одделение) постигањата на ученикот за задолжителни и изборни предмети се оценуваат описно и бројчано, на крајот на учебната година оценувањето е бројчано, а по класифиционите периоди-тромесечј и крајот на првото полугодие-описно.<br>• Анализите се однесуваат на следните педагошки појави: општ успех по предмети, редовност на учениците и поведението на учениците. Следењето се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени вежби, контролни задачи, есеи, проекти, набљудување и др) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат. Подготвените извештаи и анализи според паралелки се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за самоевалуација на училиштето и истражување за подобрување на состојбите. Стручната служба и одделенските раководители вршат анализа и изготвуваат извештај за постигањата на учениците, редовноста и поведението на ниво на одделение и училиште. Успехот, поведението и реализацијата на наставните планови и програми се согледуваат во една сеопфатна анализа што се презентира на Наставничките совети. Исто така се прави анализа и споредба со покажаните постигања, редовноста и поведението на учениците по паралелки, одделение и на ниво на училиште со претходната-те учебни години и се донесуваат заклучоци кои се имплементираат како акциони активности и планови за наредниот наставен квартал или наставна година за подобрување на воспитно-образовниот процес.<br>• Се води евиденција за отпишани и новодојдени ученици. При премин на ученик во друго училиште, се бара согласност од тоа училиште за прием на нашиот ученик, следува издавање преведница што се заведува во деловодната книга. По добивањето на информација дека ученикот е запишан во соодветното училиште се заведува во матичната книга и со тоа престанува да биде ученик на нашето училиште. За нов ученик во училиштето потребна е согласност од нашето училиште врз снова на кој му е овозможено да земе преведница од другото училиште. Со преведницата е обврзан да приложи свидетелство, извод од матична книга на родени, следствено се заведува во Одделенскиот дневник, во матичната книга и на крај се испраќа повратна информација до училиштето од кое доаѓа. Доколку ученик помине во друго училиште без |

| | |
|---|---|
| | преведница, а одделенскиот раководител има информација за училиштето, стручната служба се јавува и се постапува по закон. Кога ученик доаѓа од странство, документите за завршено одделение се нострифицираат во МОН и врз основа на нострификацијата се запишува во соодветно одделение, одделенски дневник и матичната книга. |

| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| --- | --- | --- |
| **1.2.5 Анкетен лист за наставници** | **18 одделенски и предметни наставници** | 1. Нашето училиште делува во склад со усвоени принципи штитејќи ги учениците од насилства, малтретирање и злоупотреби<br>- 66.7% од наставниците одговориле дека во потполно се согласуваат<br><br>2. На проблемите на учениците, во училиштето се реагира правовремено и на соодветен начин<br>- 77.8% од наставниците одговориле дека во потполно се согласуваат<br><br>3. Имам разбирање за емоционалните, физичките и другите потреби на учениците<br>- 77.8% од наставниците одговориле дека во потполно се согласуваат<br><br>4. Учениците кои се соочуваат со лични проблеми, во училиштето добиваат соодветна поддршка при што се води сметка за приватноста, доверливоста и достоинството на ученикот<br>- 83.3% од наставниците одговориле дека во потполно се согласуваат<br><br>5. Се чувствувам компетентен да дадам подршка во ситуација на емоционална и физичка злоупотреба<br>- 61.1% од наставниците одговориле дека во потполно се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат<br><br>6. Редовно го следам напредокот на учениците и ги евидентирам нивните постигања<br>- 77.8% од наставниците одговориле дека во потполно се согласуваат<br><br>7. Стручниот соработник им дава поддршка на учениците и родителите<br>- 72.2% од наставниците одговориле дека во потполно се согласуваат<br><br>8. На одделенските часови или во редовната настава вршам едукација на учениците за последиците од конзулирањето неквалитетна брза храна, пушење, алкохол, дрога и за начините за заштита од болестите како ХИВ, Сида итн.<br>- 61.1% од наставниците одговориле дека во потполно се согласуваат<br><br>9. Училиштето има механизам за вклучување на вработените во давање помош и водење грижа за непречени вклучување во наставата на ученици со посебни потреби<br>- 66.7% од наставниците одговориле дека во потполно се согласуваат<br><br>10. Во училиштето се безбедни сите простории и инвентарот во нив<br>- 50% од наставниците одговориле дека во потполно се согласуваат<br><br>Наставниците и учениците се грижат за учениците што имаат проблеми (подолго се болни или постигнуваат послаби |

| | | |
|---|---|---|
| | | резултати) |
| **1.2.6 Анкетен лист за родители** | **11 родители на ученици од различна возраст, етничка, верска и полова припадност** | 1.Моето дете е згрижено и заштитено во училиштето.<br>81.8% од родителите потполно се согласуваат.<br><br>2. Моето дете е малтретирано, вознемирувано и дискриминирано во училиштето.<br><br>- 90.9% од родителите одговориле дека воопшто не се согласуваат<br><br>3. Инфраструктурата (скалите, мебелот, подовите, покривот, прозорците, струјните места, тоалетите) во училиштето се безбедни и не претставуваат опасност.<br><br>- 54.5 % од родителите одговориле дека тоа е делумно и често така<br><br>4. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците.<br><br>- 63.6% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат<br><br>5. Хигиената на училиштето е на високо ниво.<br><br>- 45.5% од родителите одговориле дека делумно се согласуваат<br><br>6. Во училиштето се води грижа за здравјето на учениците.<br><br>- 54.5% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 7. Информиран/а сум дека во училиштето има стручна служба – психолог.<br><br>- 100% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат.<br><br>8. Наставниците покажуваат грижа и поддршка на моето дете.<br><br>- 81.8% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат<br><br>9. Психологот во училиштето е итвирен за соработка и помош на учениците.<br><br>- 90.9% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат<br><br>10. Психологот презема активности за спречување на насилството меѓу учениците во училиштето<br><br>- 81.8% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат<br><br>11. Учениците кои се соочуваат со лични проблеми, во училиштето добиваат соодветна поддршка при што се води сметка за приватноста, доверливоста и достоинството на ученикот.<br><br>- 81.8% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат<br><br>12. На проблемите кои се јавуваат кај учениците училиштето реагира навремено и на соодветен начин. |

| | | |
|---|---|---|
| | | -<br><br>- 72.7% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат.<br><br>13. Училиштето е отворено за соработкасо родителите<br><br>- 81.8% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат.<br><br>14. Училиштето ги бара Вашите мислења и ги зема предвид Вашите сугестии и интереси.<br><br>- 54.5% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат.<br><br>15. Информиран/а сум дека во училиштето постои забрана и санкционирање на учениците кои пушат, конзумираат алкохол и користат наркотични супстанции.<br><br>- 54.5% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат.<br><br>16. Моите потешкотии како родител на дете во ова училиште се<br><br>- 100% од родителите се изјасниле дека никогаш немале потешкотии |

| | | |
|---|---|---|
| **1.2.7 Анкетен лист за ученици** | **11 ученици од различни одделенија** | 1. Ми се допаѓа што учам во ова училиште<br>- 63,2 % од учениците одговориле дека во потполно се согласуваат<br>2. При извесни потешкотии во учењето наставниците ми се достапни и ми помагаат истите да ги надминам<br>- 57,9 % од учениците одговориле дека во потполно се согласуваат<br>3. Вклучен/а сум во воннаставните активности<br>- 63,2 % од учениците одговориле дека во потполно се согласуваат<br>4. Родителите/ старателите ја следат мојата работа и моите постигања во училиштето<br>- 84,2 % од учениците одговориле дека во потполно се согласуваат<br>5. Во училиштето има мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор<br>- 57,9 % од учениците одговориле дека во потполно се согласуваат<br>6. Сум бил/а малтретиран/а во моето училиште<br>- 78,9 % од учениците одговориле дека воопшто не се согласуваат<br>7. Во училиштето се санкционира секој облик на психичко и физичко насилство манифестирано од страна на ученици и возрасни<br>- 36,8 % од учениците одговориле дека во потполно се согласуваат<br>8. Училиштето води сметка за едукација на учениците за последиците од злоупотреба на зависности (пушење, алкохол и наркотици) и за сексуалното воспитување |

| | | |
|---|---|---|
| | | - 73,7 % од учениците одговориле дека во потполно се согласуваат<br>9. Во училиштето преку наставни содржини и активности на класните часови добивам информации за значењето на здравата исхрана во процесот на раст и развој<br>- 57,9 % од учениците одговориле дека во потполно се согласуваат<br>10. Училиштето има начини за вклучување на соучениците во давање помош и водење грижа за непречено вклучување во наставата на ученици и со телесни пречки во развојот и со други комбинирани пречки<br>- 52,6 % од учениците одговориле дека во потполно се согласуваат<br>11. Се чувствувам издвоено по основ на пол, возраст и етничка припадност во училиштето<br>- 89,5 % од учениците одговориле дека воопшто не се согласуваат<br>12. На проблемите на учениците, во училиштето се реагира правовремено и на соодветен начин<br>- 52,6 % од учениците одговориле дека во потполно се согласуваат<br>13. Учениците кои се соочуваат со лични проблеми, во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош<br>- 36,8 % од учениците одговориле дека во потполно се согласуваат<br>14. Во училиштето имам некое возрасно лице, кое добро ме познава и на кого можам да му се обратам кога имам некој проблем<br>- 47,4 % од учениците одговориле дека во потполно се согласуваат<br>15. Задоволен/на сум со дисциплината на часовите<br>- 9,3 % од учениците одговориле дека воопшто не се согласуваат<br>16. Наставниците се однесуваат со почит кон учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | - 68,4 % од учениците одговориле дека во потполно се согласуваат<br>17. Мислам дека причините за несоодветно однесување (недисциплина, некултурно однесување, тепачки) на учениците се<br>- 82% од учениците одговориле дека причините за несоодветно однесување е домашното воспитување |

**Резултати:** **Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Училишниот простор е безбеден за изведување на настава во една смена;
- Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор;
- Високо едуциран и професионален кадар, добро екипиран;
- Наставниот кадар постојано се обучува и едуцира;
- Училиштето има Кодекс на однесување за ученици кој е истакнат на видно место и Кодекс за наставници од понов датум кој е истакнат на видно место;
- Редовно се информираат родителите дека се упатуваат на советување учениците кои пројавуваат несоодветно и насилно однесување и антисоцијални појави и заслабнато учење. Советувањето се држи од страна на психологот на училиштето;
- Лиценцираната агенција за обезбедување – Перпетуум Мобиле постојано за време на наставата прави обиколки околу училиштето и доаѓаат во моментот кога има некој несакан инцидент во училиштето или училишниот двор;
- Во училиштето има поставено безбедносни камери како превентивна мерка;
- На одделенските часови редовно се обработуваат теми против насилство, конзумирање на алкохол, цигари, други видови на зависност;
- Организирана е исхрана за учениците од прво до петто одделение;
- Во училиштето се поттикнува здрав животен стил; се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците, се води дебата и дискусија на таа тема;
- Се водат доследно ИОП планови за деца со посебни потреби изработен од стручната служба, наставниците и родителите, како и постои континуирана соработка помеѓу истите;
- Имаме кутија за Прва Помош со примарни материјали за укажување прва помош;
- Хуманитарните акции за ученици од социјално загрозени семејства се организирани од страна на училиштето по потреба. Тука одзивот е задоволителен. Понекогаш иницијативата за помош е и од ниво на паралелка.
- Во однос на зравјето на учениците и заштита од заразни заболувања, училиштетето презема непосредни и посредни мерки на заштита.
- Училиштето навреме и точно ги информира учениците за можностите за условите за упис во државни и приватни училишта за учениците поблиску да се запознаат со стручните насоки, функцијата, локациите, опременоста и наставниот кадар.
- Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците со емоционални проблеми.
- Поттикнува ученици на голем број вон училишни активности;
- Училиште што негува хуманост и толеранција кај најмладите;

- Отворено е за прифаќање на деца со психички, физички и здравствени проблеми;
- Постојат повеќе постапки за идентификување на деца со физички, здравствени и емоционални проблеми и ученици со посебни образовни потреби;
- Децата и родителите имаат право да искажат мислење на посреден начин;
- Секоја година учениците се информираат за условите и видот на средните училишта и им се дава помош во правилниот избор на идното училиште и занимање;
- Се води редовна евиденција за напредокот на учениците и навремено информирање на родителите за напредокот на нивните деца;
- Наставниците водат целосна и уредна евиденција за напредокот постигањата, редовноста и поведението на секој ученик /ученичка, како и за неговиот/ нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој кој се бележи во дневниците, евиденцијата и документација на наставникот, досие на ученикот, евидентни и чек листи;

**Слабости**

- Учениците не се обучени за давање прва помош;
- Нема ограничување на достапност на нет медиумите кои негативно влијаат врз воспитувањето на децата и дел од нив фаворизираат насилство;
- Децата со физички пречки имаат потешкотии во движењето на горните катови;
- Има недостаток на стручни лица за дополнителна помош( специјален едукатор и рехабилитатор, логопед, социјален работник);
- Има потреба од едуцирање на наставниот кадар за работа со деца со специфични образовни потреби;
- Има потреба од иницијатива за соработка со невладини организации кои пружаат дополнителна помош на семејствата од социјално загрозени семејства;

**Анализа на резултатите:**

Во нашето училиште учениците без разлика на полот или потребите се чувствуваат безбедно, се воспитуваат, образуваат и социјализираат. Доколку се појави некој проблем во образовниот процес од која и да е природа, преку соработка со одделенските наставници, стручната служба и родителите се стремиме проблемот да го решиме или евентуално да го намалиме. Учениците кои го завршуваат основното образование при запишување во средно училиште добиваат потребни информации, помош и совет за запишување на истите. Евиденцијата за редовноста, поведението и развојот на учениците уредно се води во одделенските дневници, е-дневниците и матичните книги, и истата им е достапна на родителите.

Во училиштото постојано се води грижа за учениците без разлика на нивната полова и етничка припадност. Хигиената во училиштето континуирано се подобрува. Континуирано се следат и се идентификуваат емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците. Во училиштето се

води кампања за здрава исхрана на учениците.

Во училиштето се организираат хуманитарни акции за ученици од социјално загрозени семејства. За учениците кои завршуваат основно училиште со цел помагање во нивното натамошно професионално определување, им се дава инструктивно-советодавна помош од страна на класните раководители и стручните соработници и наставници, а исто така се остварува и соработка со средните образовни институции, кои имаат интерес за презентација на своите програми во училиштето. Меѓутоа меѓу училишната соработка е на ниско ниво, посебно кога станува збор за информации за учениците што преминале од едно во друго училиште. При преминот од основно во средно образование, на барање на училиштето, некои од средните училишта во градот даваат информација за успехот. Уписите на учениците и преминувањето на учениците од едно во друго училиште се спроведува по законска процедура.

Училиштето применува различни форми и активности за обезбедување грижа, благосостојба и заштита на сите ученици, без оглед на полинационална припадност вклучувајќи ги и децата со посебни образовни потреби преку непосреден разговор со нив и нивните родители, преку соработка со службата за социјални грижи и други асоцијации како и со вклучување на учениците во слободните ученички активности. Односите помеѓу учениците, наставниците и родителите се градат на взаемно почитување и доверба.

**Идни активности: Приоритетни под подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Да се реализира обука за родителите против насилство кај децата, да може да го препознаваат насилството, видовите насилство итн.
- Потребно е ангажирање на специјалниот едукатор и рехабилитатор и социјален работник за да имаме можност повеќе да се посветиме на работата на децата со посебни потреби.
- Потребни се почести обуки за наставниците за работа со деца со посебни потреби

# Подрачје 5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

| |
|---|
| Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:<br><br>**5.1. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** |
| **5.2. ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА** |
| **5.3. ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ** |
| **5.4. ПАРТНЕРСКИ ОДНОС СО РОДИТЕЛИТЕ СО ЛОКАЛНАТА И ДЕЛОВНАТА ЗАЕДНИЦА** |

## 5.1. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

**5.1.1. Углед/имиџ на училиштето**

**5.1.2. Кодекс на однесување**

**5.1.3. Училишна клима**

**5.1.4. Поведение и дисциплина во училиштето**

**5.1.5. Партиципација на учениците во решавањето проблеми донесувањето одлука**

| ***Наведете ги сите документи кои се прегледани*** | ***Добиени информации*** |
| --- | --- |
| **5.1 Училишна клима и односи во училиштето:**<br><br>Куќен ред на училиштето<br><br>Кодекс на однесување на учениците<br>Кодекс на однесување на наставниците<br><br>Упатство за начинот на изрекување на педагошки мерки за учениците<br><br>Правилник за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити на учениците<br><br>Статут на училиштето<br>Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br><br>Записници од работата на | **5.1.1. Углед/имиџ на училиштето**<br>Училиштето поседува куќен ред кој е истакнат во ходникот на приземје. Училиштето исто така поседува план за евакуација при елементарни непогоди, односно пожарен ред.<br><br>**5.1.2. Кодекс на однесување**<br>Училиштето поседува Кодекс на однесување за учениците кој е истакнат во ходникот на приземје и Кодекс за однесување на наставниците и со него се запознаени сите структури во училиштето.<br><br>**5.1.3. Училишна клима**<br>Во училиштето владее позитивна клима како резултат на континуираната соработка помеѓу наставниците, наставниците и учениците, родителите со наставниците и раководниот кадар, поттикнувањето на другарството и соживотот помеѓу учениците.<br><br>**5.1.4. Поведение и дисциплина во училиштето**<br><br>Раководителите на паралелките го применуваат Правилникот за изрекување педагошки мерки. Раководителите на паралелките ги изрекуваат навремено и постапно педагошките мерки. Педагошките мерки се запишани во дневник, има записници во досието на ученикот.<br>Училиштето има правилник за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити на учениците.<br>Постои педагошка евиденција за изречени педагошки мерки во досиеата на учениците.<br><br>**5.1.5. Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки** |

| | |
|---|---|
| Училишната заедница | Училиштето поседува Статут кој се применува соодветно.<br>Училишната заедница партиципира во донесувањето одлуки и решавање проблеми во текот на наставниот процес. |

| ***Техники*** | ***Добиени информации*** |
|---|---|
| **5.1. Училишна клима и односи во училиштето:**<br><br>Прашалник за родители<br><br>Прашалник за наставници<br><br>Прашалник за ученици | По спроведената анкета кај родителите ги добивме следниве резултати.<br>66,7% одговориле дека се информирани дека во училиштето постои кодекс на однесување за вработените,учениците и родителите а 28,6% не се информиран.<br>Интересен е податокот дека ист број број на проценти односно половина 50% сметаат дека училиштето е доволно безбедно за нивното дете и 50% сметаат дека училиштето не е безбедно за нивното дете.<br>Од одговорите може да забележиме дека,кога се работи за безбедноста во училиштето родителите се со поделено мислење.<br><br>Од спроведената анкета кај наставниците од нашето училиште ги добивме следниве резултати<br><br>91,7 % се изјасниле дека секогаш се трудат учениците да имаат добра комуникација меѓу нив.На прашањето дали учениците добро се однесуваат кон нив како наставници 16,7% одговориле дека секогаш е тоа така,8,3% дека често е така а 75% дека учениците често се однесуваат добро кон нив,но 8,3% мислат дека ретко учениците имаат добро однесување кон нив како наставници.<br><br>66,7% од наставниците сметаат дека во својот колектив секогаш се почитуваат,29,25 сметаат дека делумно има почитување,а многу мал процент сметаат дека ретко е почитувањето на колегите помеѓу себе.<br><br>На прашањето дали менаџментот влијае за создавање на добра клима во училиштето 37,5% сметаат дека секогаш е тоа така,33,3% сметаат дека менаџментот делумно влијае на позитивна клима за работа,20,8% сметаат дека ретко ,понекогаш менаџментот создава пријатна клима и 8,3% сметаат дека никогаш не се создава пријатна клима за работа.<br><br>Во однос на прашањето дали директорот ја почитува личноста на наставникот и неговите потреби 33,3% сметаат дека секогаш се почитувани како личност,37,5% дека често се почитувани од страна на директорот,255 сметаат дека ретко се слкучува тоа и многу мал процент сметаат дека директорот не ги почитува каколичност и не ги почитува нивните потреби.<br><br>Дали наставниците се однесуваат праведно и етички кон учениците ,75% сметаат дека секогаш е така,а 25% сметаат дека |

| | |
|---|---|
| | често се однесуваат праведно и етички кон своите ученици.Во однос на решавање на проблемите во врска со дисциплината 54,2% од наставниците сметаат дека често успеваат да се справат и да ги решат проблемите ,а 46,8% сметаат дека секогаш успеваат во тоа. |

| Техники | Добиени информации |
|---|---|
| | Половина или 50% од наставниците сметаат дека секогаш се безбедни во училиште,41,7% сметаат дека често се безбедни ,но 8,3% не се чувствуваат безбедни во училиште.<br><br>За соработката со библиоекарот 50% сметаат дека често соработуваат,20,8 % дека секогаш има соработка,16,7% дека ретко, и 12,55 сметаат дека воопшто немаат соработка со библиотекарот во училиштето.<br><br>За соработката со психологот 29,2% сметаат дека секогаш соработуваат , а 20%, дека често имаат соработка со психологот.<br><br>Впечаток остава тоа дека дел од наставниците не се чуствуваат секогаш безбедни на своето работно место во училиштето.Забележително е тоа што дури 12% сметаат дека немаат соработка со библиотекарот.и во однос на менаџментот на училиштетото има поделени мислења.<br><br>Од спроведената анкета кај учениците од нашето училиште ги добивме следниве резултати<br><br>88,9% од учениците сметаат дека секогаш се почитувани од страна на наставниците,а 11,1% дека често се почитувани.100% сметаат дека секогаш тие ги почитуваат наставниците<br><br>Дали се чувствуваат безбедно во училиште-55,6% одговориле дека секогаш се безбедни, а 44,4% дека често се чувствуваат безбедно во училиште.<br><br>61,1% сметаат дека педагошките мерки делумно имаат влијание кај нив,22,2% дека ретко имаат влијание и 16,7% дека секогаш педагочките мерки имаат влијание кај учениците.<br><br>Во однос дали учествуваат во донесување на одлуки за работата на училиштето 44,4% од учениците сметаат дека често учествуваат,33,3 5 дека делумно и 22,2 дека секогаш учествуваат во донесување одлуки за работата на училиштето.<br><br>66,7% се изјасниле дека секогаш се горди на своето училиште,33,3% дека често се горди на своето училиште.<br><br>77,7% сметаат дека секогаш наставниците се праведни кон нив ,а 22,2% се изјасниле дека често наставниците се праведни кон нив.44,4% сметаат ддека наставниците секогаш знаат да ги решат проблемите со дисциплината,33,3 % дека често се справуваат и 22,2 дека ретко ги решаваат проблемите со дисциплината |

## 5.2. ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА

### 5.2.1.Промовирање на личните постигања на учениците

### 5.2.2.Промовирање на постигањата во име на училиштето

| Наведете ги сите документи кои се прегледани | Добиени информации |
|---|---|
| **5.2. Промовирање на постигањата**<br><br>Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Изложени трудови на учениците и наставниците<br><br>Медиумско промовирање на постигањата на учениците<br>Прашалник за родители<br><br>Прашалник за наставници<br><br>Прашалник за ученици<br><br>Интервју со наставници, стручни соработници, ученици, родители | **5.2.1. Промовирање на личните постигања на учениците**<br>Има изложени трудови од ученици на ѕидовите по ходниците и во училниците..<br>Постигнувањата на учениците и професорите се истакнуваат на веб страната на училиштето, веб страната на општината и оштинскиот билтен.<br>**5.2.2. Промовирање на постигањата во име на училиштето**<br>Постигнувањата во име на училиштето се истакнуваат на веб страната на училиштето, веб страната на општината и оштинскиот билтен. Во однос на промовирањата на постигањата на учениците 61,9 % од родителите сметаат дека постигањата на нивните деца се често промовирани во училиштето и надвор од него,28,6% сметаат дека секогаш се промовирани ,а 9,5% сметаат дека ретко се промовирани постигањта на нивните деца.<br>За тоа дали во училиштето се применуваат пофалби и награди 47,6% сметааат дека често е тоа така,38,1 % сметаат дека секогаш во училиштето се применуваат пофалби и награди,а 9,5% сметаат дека понекогаш има пофалби и награди.<br>Во овој дел поголлем е бројот на родители кои сметаат дека нивните деца се пофалени и промовирани,помал е процентот на оние кои не мислат така.<br>Од спроведениот прашалник за наставници во нашето училиште ги добивме следниве резултати<br>66,7% од наставниците се изјасниле дека секогаш учествуваат во училишните активности,а33.3% дека често учествуваат во активностите во училиштето.41,7 5 сметаат дека секогаш се наградувани во училиштето за нивната заложба,20,8% дека често се наградени,20,8% дека ретко е тоа така и 16,7 % сметаат дека не се наградувани во училиштето за нивната заложба и работа.<br>Овде може да се каже дека наставниците во глобала се задоволни од тоа како се наградени за нивната работа,и поголем дел од нив секогаш учествуват во активности во училиштето (приредби,и слично)<br>Од прашалникот за ученици спроведен во нашето училиште заклучивме дека 38,9% одученицитгте секогаш се наградени за својот успех во училиштето,33,3% дека често се наградувани,16,7%дека ретко и 11,1% дека никогаш не се наградени за |

| | |
|---|---|
| | својот успех во училиштето.<br>44,4% од учениицитe се изјасниле дека секогаш учествуваат во активности во училиштето,исто толку дека често учествуваат,а11,1 дека ретко или понекогаш учествуваат во приредби,натпревари и слично. |

**5.3 ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ**

**5.3.1. Познавање на правата на децата**

**5.3.2. Еднаков и правичен третман на сите ученици**

**5.3.3. Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**

| Наведете ги сите документи кои се прегледани | Добиени информации |
|---|---|
| **5.3 Еднаквост и правичност**<br><br>Дневник за работа на стручната служба<br><br>Педагошка евиденција во однос на вклученост на учениците во воннаставни активности<br><br>Евиденција за структура на паралелките | **5.3.1. Познавање на правата на децата**<br>Училиштето ги информира учениците за сите акти, брошури и друг материјал во кои се промовираат правата на децата и човековите права.<br>Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.<br>Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.<br><br>**5.3.2. Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br>Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да препознаат случаи на нивно нарушување во пракса. Училиштето ги запознава учениците со нивните права и им овозможува да ги практикуваат.<br>Постои педагошка евиденција за структурата на паралелките по пол и етничка припадност.<br><br>**5.3.3. Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот** |

| Техники | Добиени информации |
|---|---|
| **5.3. Еднаквост и правичност**<br><br>Прашалник за родители<br><br>Прашалник за наставници<br><br>Прашалник за ученици<br><br>Набљудување | Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р.С. Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат. Училиштето организира заеднички наставни и/или воннаставни активности наменети за културно- јазички мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. За меѓусебното почитување и соработка говорат и одржаните и посетени отворени часови во кои спаѓаат и активностите од МИО. Учениците покажаа голема заинтересираност и успешност на отворените часови и со задоволство учествува во активностите. Може да се заклучи дека и учениците и родителите и училиштето се во непрекината комуникација и соработка. Тие се информирани за секојдневните активности и земаат активно учество во телата и органите на училиштето. Вработените се стремат кон тимска работа, негувајќи го мултикултурализмот, подржувајќи ја инклузивноста и градејќи професионален став.На прашањето дали нивното дете се дружи со ученици од различни националности 71.4% одговориле дека нивното дете секогаш се дружи ,23/6% дека делумно да , нивното дете се дружи со ученици од различна националност,но има и мал процент 6,8% кои сметаат дека нивното дете ретко се дружи со ученици од различна националност.<br><br>52,4% одговориле дека секогаш училиштето презема постапки со кои подеднакво ги застапува интересите на сите ученици,без оглед на етничката,родовата и социјалната припадност,38,1% често,а 9,5% сметаат дека ретко училиштето презема постапки со кои шодеднакво ги застапува сите ученици.<br><br>Кога станува збор за националните и верските,етничките ,културните и јазичните разлики 47,65 сметаат дека потполно се прифаќаат во училиштето а 52,4% сметаат дека често се прифаќаат.<br><br>На прашањето дали училиштето има дава еднакви можности на сите ученици за учење и развиток 66,7% сметаат дека секогаш учениците имааат еднакви можности а 33% одговориле со често.<br><br>76,2% сметаат дека на екскурзии секогаш одат сите ученици без оглед на етничта и социјална припадност,а 23,8%дека тоа се случува често.Знамеме дека нашето училиште е мултиетничко и затоа добар процент од родителите се изјасниле дека нивните деца се дружат со деца од други заедници,коко и дека училиштето подеднакво ги третира сите ученици без разлика на националност. |

| | |
|---|---|
| | Од анкетата спроведена кај наставниците во нашето училиште ги добивме следните резултати |

| Техники | Добиени информации |
|---|---|
| | 70,8% од наставниците сметат дека се спроведуваат проекти во кој учество земаат ученици од различни етнички состав,а 29,2 % сметаат дека проектите се спроведуваат често ,но не секогаш.<br><br>95,8% ги од наставниците се изјасниле дека секогаш ги почитуваат правата на децата,а многу мал процент одговориле со често.<br><br>Во однос на условите во училиштето за одржување настава дали се еднакви за сите ученици ,91,7% од наставниците мислат дека секогаш условите се еднакви ,а 8,3% сметаат дета тоа е често.<br><br>За постапките кои ги презема училиштето за учениците без оглед на етничка,полова и социјална припадност дури 95,% од наставниците сметаат деко секогаш е така,а многу мал процет сметаат дека често е тоа.<br><br>Кога станува збор за националните,верските,етничките ,културните,јазичните и половите разлики и како се прифаќаат во нашето училиште 91,7% од наставниците сметаат дека секогаш се прифатени и негувани,амал процент8,3% сметаат дека често се прифатени и негувани во училиштето.<br><br>И мислењето на наставниците и во позитивна насока кога станува збор за правата на децата,за одржување настава иста за сите ученици без разлика на етничка,полова,верска и јазична структура,значи за наставниците сите ученици се еднакви без предрасуди.<br><br>Од анкетата спроведена кај учениците во нашето училиште забележуваме дека 61,1 % сметаат дека секогаш постои почит помеѓу момчињата и девојчињата во нивниот клас,а38,9% дека често постои почит помеѓу нив во одделението.<br><br>Во однос на тоа дали прават дискриминација во однос на етничка основа кога се дружат 50% одговориле дека секогаш се дружат со сите без разлика на етничка припадност,38,9 дека не се дружат со другарчиња од друга етничка припадност.<br><br>94,4% одговориле дека секогаш се однесуваат со почит кон другарчето со различни потреби од неговите,а 5,6% дека често го прават тоа.<br>61,1% сметаат дека во училиштето секогаш владеат пријателски односи 33,3 % сметаат дека често има пријателски односи,а многу мал процент сметаат дека ретко владата пријателски односи во училиштето. |

| | |
|---|---|
| | Дури половина од анкетираните ученици сметаат дека секогаш заеднички учествуват во решавање на проблемите во училиштето 44,'% дека често и 5,6 % дека ретко заедно гги решаваат проблемите.Во однос на условите за настава и дали истите се исти за сите без разлика на етничка припадност дури 83,3% сметаат дека тоа екогаш е така,а 16,7 % дека често има еднакви услови за сите.66,'% сметаат дека училиштето секогаш еднакво ги застапува сите ученици,22,2% дека често и 11,1% дека ретко ги застапува сите ученици. |

**5.4. ПАРТНЕРСКИ ОДНОС СО РОДИТЕЛИТЕ И СО ЛОКАЛНАТА И ДЕЛОВНАТА ЗАЕДНИЦА**

**5.4.1. Соработка на училиштето со родителите**

**5.4.2. Соработка со локалната заедница**

**5.4.3. Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор**

| **Наведете ги сите документи кои се прегледани** | **Добиени информации** |
|---|---|
| 5.4. Партнерски однос со родителите и деловната заедница<br><br>• Извештај за работа на училиштето<br><br>• Записници од совет на родители и родителски средби | **5.4.1. Соработка на училиштето со родителите**<br>Училиштето изготвува полугодишни и годишни извештаи за работата и анализа на успехот по години и струки.<br>Наставничкиот совет на училиштето ги одржува редовните состаноци на кои беа разгледувани успехот по години и струки, редовноста и дисциплината на учениците. Беа изрекувани педагошки мерки, пофалби за учениците како и предлог мерки за надминување на одредени проблеми поврзани со подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на учениците.<br>На состаноците воедно беа разгледувани полугодишниот и годишниот извештај за работата на училиштето, годишната програма, правилници, измените во законот за основно образование, молби, разни информации за актуелни ситуации и слично.<br><br>Се водат записници од состаноците на Советот на родители и родителските средби.<br>Соработката со советот на родители се одвиваше континуирано во текот на целиот период. Родителите беа директно запознаени и вклучени во сите активности на училиштето.Советот на родители разгледуваше прашања од работата на училиштето, го разгледуваше успехот, редовноста, соработуваше со директорот, наставниците и педагогот, учествуваше во организација на екскурзиите,донесуваше одлуки итн. |

| | |
|---|---|
| • Записници и одлуки од состаноци од Училишниот одбор | Се водат Записници од состаноците на Училишниот одбор.<br>Училишниот одбор на училиштето се состануваше по потреба, учествуваше во донесувањето на на статутот на училиштето ,разгледување на годишна програма,полугодишен извештај ,годишен извештај и завршната сметка како и донесување на финасиски план за тековната година |

| Документи кои се прегледани | Добиени информации |
|---|---|
| • Педагошка евиденција и документација за оштествено корисна работа, за јавно културна дејност<br><br>• Извештаи од работата со деловната заедница и невладиниот сектор<br><br>• Увид во веб страната на училиштето | **5.4.2. Соработка со локалната заедница**<br>Педагошка евиденција и документација за општествено корисна работа, за јавно културна дејност се води во дневниците за работа**.**<br><br>**Евидентирани се следниве соработки:**<br>• Соработка со основните и средните училишта на ниво на Општина Карпош;<br>• Соработка со Домот за стари лица „Мајка Тереза“ во Злокуќани;<br>• Соработка со урбаните заедници Бардовци и Злокуќани;<br>• Соработка со Полициска станица Карпош;<br>• Соработка со Противпожарна единица-Карпош;<br>• Соработка со МОН, ДПИ, БРО, ДИЦ, ОБСЕ, МЦГО, СОС Детско Село USAID, British Council.<br>• Соработка за Меѓуопштински центар за социјална работа<br>• Соработка Центар за јавно здравје<br>• Соработка со Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања; УСАИД и ПМИО, Фондација Чекор по чекор; Сојуз на дефектолози; Народен правобранител на РМ и др.<br>• Соработка со ФАО и Министерство за земјодество<br><br>**Училишната веб страница континурано се надополнува и ажурира со сите активности на училиштето.**<br><br>**5.4.3. Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор**<br><br>• Соработка со Здравствен дом Ѓорче Петров<br>• Соработка со Здружение Актив на психолози;<br>• Соработка со здружение Центар за образовна поддршка Дендо Вас;<br>• Соработка со Здружение за дислексија „АЈНШТАЈН<br>• Соработка со Здружението на граѓани за културна иницијатива БУЛЛФРОГС БАЛЛЕТ, Скопје -„Блиску до мене 2.0“. |

| **Документи кои се прегледани** | **Добиени информации** |
| --- | --- |
| • Летописната книга | **Посети на театарски претстави, кинотека, музеи, саеми.**<br>• Учество на ФЕСТИВАЛОТ НА ЧАЈОТ<br>• Учество на меѓународен ликовен конкурс „13 Ноември”<br>• Учество на манифестацијата „Јас имам талент”<br>• Учество на литературни конкурси и натпревари: 50 Јубилејни Рацинови средби, литературен конкурс, литературен конкурс Св.Климент Охридски и учество во Вики камп<br>• Учество во проектот „Училишна градина, училница на иднината„ кој беше работен во соработка со НВО „Слоу фуд Водно“ како проект на град Скопје<br>• Училиште домаќин во одбележување на Светскиот ден на спортот- во соработка со Општина Карпош и МОК под името „Олимпизмот и спортот„<br>• Посета на МНТ и следење на претставата „ Силјан Штркот”<br>• Проследување на анимираниот филм ,,Карирaн нинџа” во кинотека ,,Другарче”<br>• Посета на локалитетот Скупи<br>• Учество во заедничка активност со ООУ ,, Лиман Каба”- посета на Археолошки музеј и Стара чаршија<br>• Посета на Порта Македонија и трибина ,,Сведоштва од НОБ’’<br>• Игри од спортски карактер во Музеј на македонската борба под мотото,,Градиме мостови а не бариери’<br>• Учество на предавање во подвижната училницuа ,,Una vita Social” од страна на Експертската екипа на Одделението за Комуникациска полиција од Италија<br>• Учество на училиштето на Ликовната меѓународна колонија „Св. Пантелејмон“,<br>• Соработка со Слоу фуд Водно<br>• Соработка со Детската амбасада” Меѓаши”<br>• Учество на филмскиот фестивал за деца и млади „Џифони Македонија<br>• Посета на НУ на Македонска борба за изработка на ,,Истражувачки споменар”<br>• Учество во еко камп на млади претприемачи<br>• Посета на саемот на книгата во спортскиот центар Борис Трајковски<br>• Посета на Кинотека „Џиновската круша“ детски филм<br>• Посета на Драмски театар и проследување на новогодишна претстава „Дедо Мраз и Црвенкапа” |

| Техники | Добиени информации |
|---|---|
| **5.4. Партнерски однос со родителите и деловната заедница**<br><br>• Прашалник за родители<br><br>• Прашалник за наставници<br><br>• Прашалник за ученици<br><br>• Набљудување | Од одговорите на родителите на прашалникот увидовме дека поголем дел од родителите секогаш имаат соработка со раководителот на паралелката-76,2%,а 19% често .61,9% потполно се задоволни од соработката со наставниците,а 33,3% делумно се задоволни од соработката со наставниците.Повеќе од половината односно 52,4% од родителите се задоволни од соработката со психологот во училиштето,28,6% често се задоволни и 14,3 % никогаш не биле задоволни од соработката со психологот.<br>Исто така 47% од родителите одговориле дека често се информитрани за активностите во училиштето,а 38,1% одговориле дека секогаш се информирани,но има и 14,3% кои одговориле дека ретко се информирани. 71,4 % потполно се задоволни од односот на наставниците кон нивното дете,а 28,6 % се делумно да задоволни од одностот на настваникот кон нивното дете.<br>85,7% од родителите сметаат дека нивното дете ги почитува наставниците и вработените во училиштето,14,3 %сметат дека делумно да нивното дете ги почитува наставниците и вработените во училиштето<br>Поголем процент од родителите имаат соработка со раководителите на паралки и наставниците и учествуваат во промовиирање на училиштето,и се информирани за работата на училиштето.Во овој дел од анкетата може да забележиме дека повеќето родители се задоволни од односот на наставниците,исто така поголем број сметаат дека нивното дете ги почитува наставниците.<br>Од прашалникот за наставвници спроведен во нашето училиште забележавме дека<br>Наставниците сметаат дека родителите се заинтетресирани за соработка со нив како наставници 54,2% ,дека секогаш има заинетресираност кај родителите за соработка ,а 45,8% дека често се соработува.<br><br>Кај прашалникот за ученици забележавме дека<br><br>Учениците одговориле дека 55,6% секогаш учествуват во спроведување на активности од областа на екологијата,а 44,4% дека често се вклучени во еколошки проетки.<br><br>Во однос на училишниот двор 77,8% се задоволни од негобввиот изглед,а 22,2% делумно се задоволни.<br><br>Од овие податоци можеме да заклучиме дека учениците се задоволни од своето училиште .И родителите и учениците се задоволни од наставниците и вработените во училиштето. |

| **Анкетирање на родители; подрачје Училишна клима** | |
|---|---|
| **Техники** | **Добиени информации** |
| **5.4. Партнерски однос со родителите и деловната заедница**<br><br>• Прашалник за родители<br>• Анкети на наставници<br>• Прашалник за ученици<br>• Набљудување | Спроведен е Анкетен прашалник меѓу родителите за петтото подрачје/ Училишна клима и според одговорите прашалникот го пополниле 21 испитаник.Подолу се прикажани описните ставови на родителите за секое прашање поединачно . |

## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ-

| **прашања** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4. Секогаш, потполно, да** | 15 | 18 | 10 | 15 | 6 | 8 | 5 | 16 | 13 | 11 | 3 | 8 | 11 | 14 | 10 | 14 | 16 | 14 | 5 | описно дополнето 19 |
| **3. Делумно да, често** | 6 | 3 | 10 | 5 | 13 | 10 | 8 | 4 | 7 | 6 | 12 | 10 | 8 | 6 | 11 | 7 | 5 | 6 | 11 | 0 |
| **2. Делумно не, ретко, понекогаш** | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 2 | 7 | 1 | 1 | 3 | 5 | 3 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 4 | 0 |
| **1. Никогаш, воопшто не** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | празно 2 |
| **се** | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 |

| Анкетирање на родители; подрачје Училишна клима |
| --- |
| Статистички податоци од анкетниот прашалник за родители-подрачје Училишна клима |



**Анкетирање на наставници; подрачје Училишна клима**

**Статистички податоци од анкетниот прашалник за наставници-подрачје Училишна клима**

Анкетирани се анонимно 24 наставници на ученици од прво до деветто одделение. Прашалникот содржи 23 прашања со кои од наставниците се прибираа информации за активностите во училиштето превземени во овој период.Наставниците дадоа описни ставови за секое прашање поврзано со Училишната клима и сликата изгледа вака:

## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ

| прашања | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4. Секогаш, потполно, да** | 17 | 23 | 22 | 4 | 22 | 23 | 16 | навеле особини 21 | 9 | 18 | 11 | 22 | навеле форми 18 | 22 | 8 | 12 | 18 | 5 | 16 | 10 | 13 | 5 | 19 |
| **3. Делумно да, често** | 7 | 1 | 2 | 18 | 2 | 1 | 7 | 0 | 8 | 6 | 13 | 2 | 0 | 2 | 9 | 10 | 6 | 13 | 8 | 5 | 11 | 12 | 5 |
| **2. Делумно не, ретко, понекогаш** | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 2 | 0 | 6 | 0 | 5 | 0 | 4 | 0 |
| **1. Никогаш, воопшто не** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | не навеле особини 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | нема форми 6 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 3 | 0 |
| **се** | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 |

**Анкетирање на наставници; подрачје Училишна клима**

**Статистички податоци од анкетниот прашалник за наставници-подрачје Училишна клима**



**Анкетирање на ученици;подрачје Училишна клима**

**Статистички податоци од анкетниот прашалник за ученици-подрачје Училишна клима**

**Анкети на ученици**

Анкетирани се анонимно 19 ученици од петто до деветто одделение. Прашалникот содржи 20 прашања со кои од учениците се прибираа информации за ***Училишна клима***. Во прашањето 20. Кај наставниците најмногу ги ценам особините: требаше описно да ги набројат особините и сите 19 испитаници дале свое мислење.Од анкетниот прашалник Добиени се следниве резултати:

## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗНА АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ

| **прашања** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4. Секогаш, потполно, да** | 17 | 19 | 12 | 9 | 10 | 18 | 8 | 3 | 12 | 9 | 9 | 16 | 13 | 5 | 12 | 15 | 8 | 11 | 15 | сите описно 19 |
| **3. Делумно да, често** | 2 | 0 | 7 | 1 | 8 | 1 | 6 | 12 | 6 | 8 | 9 | 3 | 4 | 6 | 7 | 4 | 7 | 8 | 4 | 0 |
| **2. Делумно не, ретко, понекогаш** | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 3 | 4 | 1 | 2 | 1 | 0 | 2 | 8 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 |
| **1. Никогаш, воопшто не** | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| се | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 |

| Анкетирање на ученици;подрачје Училишна клима |
| --- |
| Статистички податоци од анкетниот прашалник за ученици-подрачје Училишна клима |

## ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК



| ***Резултати:*** |
| --- |
| **Клучни јаки страни**<br>- Чувство на родителите дека децата им се задоволни и среќни во училиштето и дека се почитуваат правата на учениците;<br>- Одличен углед на училиштето во општеството;<br>- Добра комуникација помеѓу вработените;<br>- Соработката со родителите и локалната заедница е на високо ниво<br>- Наставниците подеднакво се однесуваат со сите ученици<br>- Односите меѓу вработените и наставниците се на позитивно ниво и наставниците имаат професионален однос кон работата.<br>- Односите помеѓу педагошко – психолошката служба е тимска и перманентна<br>- Наставните проблеми се решаваат меѓу наставниците во училиштето.<br>- Училишниот двор е естетски уреден и тоа придонесува за целокупниот изглед на училиштето |
| **Слаби страни:**<br>- Честите отсуствувања на одреден број ученици и непримерното однесување<br>- Постои поделено мислење меѓу учениците во изборот на другарчиња;се водат од критериумот за полово ,етничко и социјално потекло. |

**Анализа на резултатите:**

**Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје**

Според направениот увид во педагошката докуемнтација дојдовме до заклучок дека дел од учениците неесодветно се однесуваат и ја нарушуваат Училишната клима ,кон тие ученици се превземени педагошки мерки според правилникот за педагошки мерки, но се гради соработка со постоечките фактори во училиштето; педагошката служба наставниците и директорот на училиштето..
Училиштето континуирано учествува на конкурси(од сите подрачја) ,натпревари,настапи на различни манифестациии на кои што се промовираат постигањата на учениците и наставниците.

Водењето грижа продолжува со постојана соработка на ниво на наставници, наставници–психолог, соработка со ученици и родители, активностите на Детската организација и Ученичкиот парламент

Соработката со родителите за вклучување во училишниот живот на нивните деца се остварува преку вклучување на истите во работата на органите на училиштето -Совет на ротители, Училишен одбор, програмски планирани посети, набљуденија, стручни предавања и други работилниц кои ги организираат наставниците и психологот.
Родителите се навремено известуваат за постигањата на своите деца преку: индивидуални и заеднички родителски состаноци, а информациите што ги добиваат се во контекст на случувањата во училиштето и напредокот на децата по успех и поведение.

Училиштето соработува со локалната заедница, Градоначалникот на Општина Карпош,невладинот сектор –разлини здруженија .
Една од задачите на развојната политика на училиштето е подигање на еколошката свест кај учениците преку соработката во заеднички активности и проекти со ПАКОМАК и НУЛТА ОТПАД

Соработката со други институции и организации се базира на заеднички организирани посети по повод различни манифестации ,заеднички проекти .
Училиштето соработува и со основни училишта од Република Србија ; според заедничко потпишаните Меморандуми; на заеднички проекти и манифестации на меѓународно ниво.

Учениците земаат активно учество во училишниот живот , но училиштето не секогаш ги зема во предвид мислењата на учениците при решавање на проблеми и донесување на одлуки.

| Анализа на резултатите:<br><br>Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје |
|---|
| **Идни активности:**<br><br>**Приоритетни под подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>- Да се организираат едукативни предавања ,работилници и дружења меѓу учениците независно од половата ,етничката и социјалната подвоеност<br><br>- Надминување на честите отсуствувања на одреден број ученици и непримерното однесување на одредени ученици во училиштето кои ја нарушуваат Училишната клима. |

# ПОДРАЧЈЕ 6. РЕСУРСИ

| *бр.* | *Индикатори за квалитет* | *Т е м и:* |
|---|---|---|
| **6.1** | Сместување и просторен капацитети | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети<br>• Реализација на точките на акција од воспоставените еко-стандарди |
| **6.2** | Наставни средства и материјали | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>- Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала од областа на еколошкото образование и заштитата на животната средина<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |
| **6.3** | Обезбедување на потребниот наставен кадар | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефикасност и распоредување на кадарот<br>• Стручната служба како подршка на наставниот кадарот<br>• Соодветност и распоредување на наставниот кадар и стручната служба во вклучување и реализација на еколошката програма |
| **6.4** | Следење на на развојните потреби на наставниот кадар | -Професионален развој на наставниците<br>- Професионален развој (обука) на наставниците-кооридинатори на еколошката програмата во училиштата |
| **6.5** | Финансиско работење во училиштето | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет<br>- Планирање и трошење на училишниот буџет согласно еколошката програма и воспоставените еко-стандарди |

<table>
<tr><th colspan="2">6.1 Сместување и просторни капацитети<br><br>Ниво на евалуација - многу добро</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Кои информации се собрани</th></tr>
<tr><td>• план за развој на училиштето<br>• непосреден увид<br>  ○ годишна програма за работа на училиштето<br>  ○ записници од просветна и санитарна инспекција<br>  ○ основни податоци за дејноста<br>  ○ полугодишен и годишен извештај<br>  ○ записници од работата на стручните активи<br>  ○ анкета со наставници и родители<br>  ○ Месечен финансиски план за потребите на училиштето<br>• Анализа на состојбата и План на активности (втор и трет чекор од еколошката програма) ; Индикатори за реализација на точките, План за следење и евалуација на напредокот 2019/2020 (четврт чекор од еколошката програма), Еко-стандарди ; Индикатори за реализација на точките на акции од еко-стандардите, Извештаите за реализираните</td><td>Училиштето “Аврам Писевски” се наоѓа во централното градско подрачје.<br><br>Сите училници се со големина која соодветствува на бројот на учениците во паралелките. ООУ Аврам Писевски е сместено во зграда тврда градба на површина од 2250$m^2$ со училници од 55$m^2$,библиотека од 28,11 $m^2$, наставничка канцаларија, фискултурна сала од 560 $m^2$, административни простории, ходници, санитарни простории, училишна трпезарија , подрум , котлара, скривници, спортски полигон и училишен двор од 7600$m^2$. Училиштето располага со 14 училници, а во подготовка е сензорна соба и медијатека , 3 кабинети , фискултурна сала . Салата за физичко образование поседува посебен санитарен чвор со туш кабина. Училиштето располага со санитарни простории за наставниците и учениците одделно кои во 2019год се целосно реновирани. Истите комплетно ги исполнуваат условите за употреба.<br><br>Училишниот двор е бетониран , а енергетската ефикасност на училишната зграда е подобрена со поставување надворешна –демит фасада, на старата училишна зграда. Со тоа естетскиот изглед на училиштето е значително подобрен. И ентериерот во истата (внатрешните скали и ходниците )се според Норматив.<br><br>Во учебната 2018/2019год во тревниот дел од училишниот двор, како проект, е изградена училишна градина која претставува училница на отворена .<br><br>Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активности , со што ги</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| еколошки проекти и акции | задоволува потребите на учениците.<br><br>Училиштето ги реализира сите точки на акции од воспоставените еко-стандарди кои придонесуваат за подобрување на условите за работење и престој во училишната зграда и училишниот двор. Во полугодишниот и годишниот извештај се вметнати извештаите за реализираните еколошки проекти и акции. |

| **6.2 Наставни средства и материјали**<br><br>**Ниво на евалуација - многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала<br>• анкета со наставниците<br>• разговор со стручната служба и директорот (попис на училишен инвентар)<br>• увид во библиотечната евиденција<br>• разговор со библиотекар<br>• анкета со родители<br>• разговор со техничкиот персонал<br>• увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали<br>• Прирачник- Како да се стане еко-училиште; Листа на стручна литература и наставни средства од областа на еколошкото образование и заштитата на животната средина; Еко-календар | Училиштето располага со стручна литература и наставни средства кои соодветствуваат со современите наставни текови.Училиштето перманентно ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и истите континуирано ги обновува. Компјутерите и интернетот редовно се користат во наставата, како и ЛЦД проектори и ЦД плеерите со кои можат да располагаат наставниците по потреба . Училиштето располага со пет штампачи кои се сместени кај директорот, секретарот , психологот и во наставничка канцаларија и фотокопир (во неисправна состојба) сместен во библиотеката. Утврдена е потребата за набавка на нови технички уреди кои треба да ги заменат дел од постоечките за поуспешно реализирање на ИКТ во наставата.<br><br>Училишната библиотека располага со голем број литературни и лектирни изданија, но дел од нив се стари наслови кои повеќе не се во употреба. Во последните неколку години литературните изданија редовно се обновуваат. Евиденцијата во библиотеката се води уредно.<br><br>Училиштето располага со стручна литература и наставни средства од областа на еколошкото образование и заштитата на животната средина што делумно соодвестуваат со наставните процеси. Сите еко активности се изведуваат според однапред изготвениот Еко-календар.<br><br>Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал (креди) во потребната количина за непречена реализација на наставните и воннаставните активности, согласно со планот и програмата на училиштето . Спортските реквизити ги задоволуваат потребите на училиштето . Училиштето ја следи ефективната и |

| | |
|---|---|
| | ефикасната употреба на наставните средства и материјали преку посета на часови од Директорот, психолог и од увидот на дневните подготовки на наставниот кадар. |

**6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**

**Ниво на евалуација - одлично**

<table>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Кои информации се собрани</th></tr>
<tr><td>
<ul>
<li>увид во досиејата на вработените</li>
<li>увид во Правилникот за систематизација</li>
<li>разговор со директорот</li>
<li>анкета со наставниците</li>
<li>годишна програма за работа на училиштето</li>
<li>анкета за секретарот</li>
<li>програма за работа на стручната служба</li>
<li>годишната програма за работа на училиштето од еколошката програма; Тематските планирања на наставниците со вметнати содржини од еколошката програма; Формулар за членови на еко-одбор (прв чекор од еколошката програма), Анализа на состојбата и План на активности (втор и трет чекор од еколошката програма).</li>
</ul>
</td><td>
Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес во редовните паралелки .<br><br>
Наставниот кадар во целост е квалификуван за одговорностите во наставата, а неговата работа е надополнета и од страна на административно – техничкиот персонал.<br><br>


</td></tr>
</table>




*Квалификација на персоналот

| | Машки | Женски |
|---|---|---|
| Директор | | магистар |
| Психолог | | магистар |
| Секретар | | ВШС |

| | | |
|---|---|---|
| Професор | ВСС | ВСС и 4 магистри |
| Наставник | | ВШС |
| Ложач | ССС | |
| Хигиеничар | | ССС и ОУ |




Наставниот кадар континуирано посетува обуки и семинари со цел за нивно

| | |
|---|---|
| | професионално усовршување и подобрување на квалитетот на наставата и наставниот процес. Во рамките на стручните активи наставниците работат тимски, а со тоа ефективно придонесуваат за поквалитетна настава во училиштето.<br><br>При распределба на кадарот, во предвид се земаат квалитетите, искуството и стручноста на наставниците. Училиштето има механизми за замена на отсутен наставник на пократко или подолго отсуство.<br><br>Училиштето обезбедува услови за редовно доаѓање на наставниците на работа како и изведување на наставата и воннаставните активности.<br><br>Стручната служба во училиштето им помага на наставниците во организација на наставата, го следи напредок на учениците. Исто така се справува со проблемите на индивидуално и групно ниво , дава советодавна помош на учениците, како и на нивните родители ( советувања , работилници, индивидуални и групни). Стручната служба во својата програма за работа, планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците, како и секогаш е отворена за соработка.<br><br>Наставниците и стручната служба се известени за активностите и целите на еколошката програма. Училиштето има план за распоредување на наставниот и стручниот кадар за реализација на активностите од еколошката програма. Во тематските планирања на наставниците има вметнати содржини од еколошката програма кои континуирано се реализираат во текот на учебната година. |

| **6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар**<br><br>**Ниво на евалуација - одлично** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| - интерни акти<br>- разговор со стручната служба и директорот<br>- анкета со наставниците<br>- досие на наставници<br>- тим за сертификација<br>- листи од спроведени интерни обуки<br>- Сертификати за учество на обуки од еколошката програма (на директор, педагог/психолог и наставник), План на наставникот координатор на еколошката програма за десиминација на другите наставници | Училиштето ги согледува потребите на наставниците за професионално унапредување и им овозможува учество на обуки, семинари и професионални надградби во земјава. Знаењата и искуствата стекнати на ваквите обуки, секогаш се пренесуваат и на останатиот наставен кадар преку интерни обуки, дисеминации и семинари.<br><br>На сите нововработени наставници – приправници им се доделува ментор кој ја следи и потпомага нивната работа и стекнување на искуство.<br><br>Во рамките на подобрување на ефективноста и креативноста на работата, наставниот кадар ажурира портфолија за професионален развој.<br><br>Според Закон за основно образование, Закон за работни односи и колективниот договор, се овозможува стручно оспособување на наставниот кадар .<br><br>Наставниците активно учествуваат во сите организирани обуки од страна на МОН, БРО , USAID и обуки одобрени од општината , според своите потреби за стручна надградба.<br><br>Обуки кои ги посетиле наставниците:<br><br>-Математика “Cambridge”<br><br>-Природни науки “Cambridge”<br><br>- обука за наставниците кои предаваат граѓанско образование во организација на МИМО |

| | |
|---|---|
| | -Меѓуетничка интеграција во образованието<br><br>-Обука за претприемнишво во образованието<br><br>-Воведување на електронски содржини во наставата<br><br>-Обука за формативно оценување и сумативно оценување и многу други обуки соодветни за секој наставен предмет кои би ги поттикнале и повеќе би ги мотивирале учениците<br><br>-Заедница за учење –“Со читање до лидерство”<br><br>-Erasmus + (природни науки и математика)<br><br>-Microsofte office 365<br><br>- Обука ,, Водич за наставници - премин од одделенска во предметна настава за работа со деца со ПОП,,<br><br>- Обука” Врсничко насилство- Bulling” организирана од Детската амбасада” Меѓаши”<br><br>-Обука на наставниците за поддршка на ученици со посебни образовни потреби на тема: „Дислексија, дисграфија и дискалкулија„<br><br>- Европас Конференцијата за програмата Erasmus + мобилност организирано од Агенцијата за европски образовни програми и мобилност<br><br>- Обука -,,Протокол за укажување на прва помош и грижа на децата во училиштата. Педијатарска прва помош за учители и негователи,,<br><br>- Обука за инклузивно образование на лица со оштетен вид<br><br>- Обука за наставниците од ООУ Аврам Писевски за заштита при работа од страна на ОПУС<br><br>- Унапредување на социјалната кохезија во Македонија во организација на НВО - |

| | |
|---|---|
| | Потрага по заедничка основа и USAID<br><br>- Обука за критичко мислење и употреба на микро бит во наставата<br><br>Наставниците во најголем дел се задоволни од насоките кои им ги даваат на обуките.<br><br>Секој наставник има свое професионално досие кое редовно го дополнува со сертификати за посетени обуки и потврди за интерни обучувачи.<br><br>Училиштето има план и програма за професионален развој на професионален кадар како и тим за професионален развој на наставниците.<br><br>Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој и има назначено наставник-координатор на еколошката програма кој редовно и активно учествува на обуките за професионален развој од еколошката програма. Наставник-координаторот на еколошката програма врши десиминација на наставниот кадар. |

<table>
<tr><th colspan="2">6.5 Финансиско работење во училиштето<br><br>Ниво на евалуација - многу добро</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Кои информации се собрани</th></tr>
<tr><td>➢ увид во финансов план, развоен план и годишна програма за работа на училиштето<br>➢ анкета со секретар<br>➢ разговор со наставниците, директорот и УО<br>➢ записници и одлуки од УО<br>➢ записници од ревизија<br>➢ склучени договори, тендери за јавни набавки и понуди<br>➢ Web-страна<br>➢ Еко-стандарди, План на активности со предвиден буџет за реализација на активностите од еколошката програма</td><td>Училиштето работи во согласност со законските норми за финансиско работење и раководството ги користи сите механизми за стекнување на дополнителни финансиски средства со кои се овозможува подобрување на условите за настава во училиштето, како и тековно одржување на училишната зграда и обезбедување да се подобрат условите за престој во истата. Училишниот одбор е запознат со сите финансиски активности во училиштето. Управата на училиштето врши распределба на средства која е економична, ефикасна и правична. Фокусот на планирањето и трошењето на буџетот е подобрување на наставата и учењето, но и покрај тоа, има простор за набавка на уште ресурси кои би го унапределе наставниот процес. Локалната заедница е исто така информирана преку своите членови во УО како и преку доставување завршни сметки ,месечни планови и извештаи за потрошени средства на месечно ниво до локалната самоуправа. Локалната самоуправа ја информира локалната заедница.<br><br>Училиштето во финансискиот план предвидува и финасиски средства за реализација на еколошките проекти и точките на акции од воспоставените еко-стандарди. Раководниот кадар ги зема предвид насоките и препораките за реализација на активности од еколошката програма согласно изработениот План на активности за тековната учебна година и нивно вклучување во буџетското планирање на училиштето. Предвидените финансиски средства за реализација на еколошката програма се трошат рационално и наменски.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Училишниот простор ги задоволува условите за изведување на настава<br>• Во училишната зграда има поставени насоки за евакуација на видни места<br>• Тоалетите се реновирани<br>• Училишниот двор е бетониран , при влезот е поставена патека за лица со посебни потреби и поставено е паркиралиште за велосипеди<br>• Училишната зграда има софистицирана термоизолација<br>• Во училишниот двор е изградена училишна градина како природна опсераваторија- училница на отворено, училница на иднината<br>• Во изградба е сензорна соба и медијатека<br>• Училиштето е препознатливо по добра хигиена и презема јасни мерки за одржување на состојбата<br>• Наставниот кадар е соодветен, а училиштето редовно ги идентификува потребите од нивно професионално усовршување<br>• Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи<br>• Работата на наставниот кадар соодветно е надополнета од страна на административно-техничкиот персонал<br>• Сите постапки поврзани со финансиското работење кои ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи<br>• Раководството ги користи сите механизми за стекнување на дополнителни финансиски средства и го следи наменското трошење<br>• Во училиштето постои Комисија за јавни набавки и работи според сите правила |

| | |
|---|---|
| | и прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки<br>• Буџетот се користи наменски, за цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и развојот на училиштето во целина<br>• Приближување кон институциите во општината (институти, локална заедница, театар, кино и.т.н) |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Училиштето има потреба од редовно вработување на наставник – дефектолог и педагог<br>• Недостаток од технички уреди и помагала за поуспешно реализирање на креативна настава (принтери, фотокопир, ЛЦД проектори, ЦД плеери)<br>• Библиотеката има потреба од набавка на лектирен фонд и стручна литература<br>• Застареност на компјутери<br>• Дотраен мебел во некои училници<br>• Дотрајани врати на училниците<br>• Поправка на олуците поради протекување во внатрешноста на зградата |

## Анализа на резултатите:

Во училиштето просториите се користат оптимално за изведување на воспитно – образовниот процес, кој се одвива во една смена, а училиштето превзема конкретни активности за подобрување на состојбата. Училишето е опремено со стручна литература и наставни средства. Примената на компјутерите и проекторите кои се дел од ИКТ наставата се применуваат по наставни предмети во училиштето според техничките можности.

Во училиштето се утврдуваат потребите за наставни помагала и истите се составен дел од наставната програма. Ефективната и ефикасната употреба на наставните средства и материјали, раководната и стручната служба ја следат катадневно , преку посета на час, најубаво средени паноа и училници. Училишната библиотека располага со лектирни изданија и белетристика кои редовно се дополнуваaат според потребите. Потрошниот материјал за хигиена го има во доволна количина, а набавката се врши редовно преку овластениот орган во училиштето.

Наставниот кадар е редовен на работа и совесно, исполнително се однесува кон пропишаните работни задачи. Наставниот кадар според стручната подготовка соодветствува на критериумите пропишани со Законот за основно образование. Наставниците поседуваат квалификации и искуства, стекнати низ процесот на нивното стручно оспособување и усовршување.

**Идни активности**: Приоритетни под подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Училиштето да посвети внимание за обезбедување на средства за финансиска подршка на наставниот кадар за учества на конгреси, семинари и други професионални манифестации;
- Училишната библиотека да се збогатува континуирано со стручна литература;

# Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1 | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Спроведување на методологијата на седум чекори еко-менаџмент од еколошката програма |
| 2 | Цели и креирање на училиштата | • Јасност и соодветност на целите<br>-Јасност и соодветност во поставување на целите за реализација на Планот на активности од еколошката програма<br>• Процедури за креирање на училишната политика<br>-Вклучување на еколошкото образование и заштитата на животната средина во креирањето на училишната политика |
| 3 | Развојно планирање | • Цели на развојното планирање<br>• Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>• Материјално-технички сретства<br>• Инфраструктура |
| 4 | Сместување и просторни капацитети | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |

| Управување и раководење со училиштето | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| **Деловник за работа на Училишниот одбор,**<br>**Статут на училиштето,**<br>**Записници, одлуки, покани и извештаи од работата на училишниот одбор**<br>**Анкетен прашалник: Училишен одбор** | **Управување со училиштето**<br>Училишниот одбор е колективен орган на управување Одборот на ООУ „ Аврам Писевски“ е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. УО по новиот закон за основно образование има 7 члена тројца родители од избрани од Советот на родители, тројца наставници,избрани од Наставничкиот совет на училиштето , еден преставник од општина . Претседателот е од редот на родителите.На седниците се поканувaат и два представника од редот на ученици избрани на ученички парламент на почетокот од годинта без право на глас. Училишниот одбор е орган на управување во чија работа учествува и директорот по покана од УО. Училишниот одбор работи и одлучува на седници кои се свикуваат по потреба, а по иницијатива на: Претседателот на УО, на барање на директорот и на барање на најмалку 1/3 од членовите на УО. Работата на УО е регулирана со Деловник за работа кој го усвојува<br><br>Со Деловникот се регулираат прашањата поврзани со :<br><br>❖ начинот и роковите на свикување седници,<br>❖ постапката за избор на претседател на УО ,<br>❖ правата и обврските на членовите на УО,<br>❖ начинот на повикување на други лица да присуствуваат на седниците<br>❖ начинот на формирање постојани и повремени комисии во училиштето за прашања од значење на училиштето<br>❖ други прашања поврзани со работата на седниците на УО.<br>❖ Состаноците се свикуваат со доставување лични покани, најмалку два дена пред одржување на состаноците.предлог дневен ред и предлог- |

| Управување и раководење со училиштето | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани** |
| **Деловник за работа на Училишниот одбор,<br>Статут на училиштето,<br>Записници, одлуки, покани и извештаи од работата на училишниот одбор<br>Анкетен прашалник: Училишен одбор** | одлуки до членовите на УО. Седниците се одржуваат и полноправно се одлучува доколку е обезбеден законски утврдениот кворум за работа.<br><br>Училишниот одбор води записник за својата работа и во него се внесуваат сите важни елементи од седницата како и донесените одлуки и заклучоци. Записниците се усвојуваат на следната седница , а потоа се заведува во деловодникот. Усвоениот и заведен записник од седницата претставува правна основа за постапување како на училишниот одбор така и на директорот, стручните служби, наставниците и другиот персонал во училиштето.<br><br>**УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски односи со раководниот орган на училиштето и други образовни структури.** |
| **Програма за работа на директорот,<br>Програма за професионален развој на директорот;<br>Интервјуа со наставниците, родителите и учениците<br>Записничка книга од состаноците на Училишен одбор и Наставнички совет,** | **Раководење со училиштето**<br>Раководниот орган (директорот) има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и промовира добрата пракса што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на работата на училиштето. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница. |

| **Управување и раководење со училиштето** | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани** |
| | Директорот го заснова своето работење преку вклучување на вработените во процес на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет. **Одлуките што ги носи раководниот тим се во писмена форма , донесени од мнозинството членови присутни на состаноците, се евидентираат во Записничката книга од Наставнички и Одделенски совет, а потоа се истакнуваат на огласната табла, како би можеле вработените и родителите навреме да бидат информирани за прашањата што биле предмет на расправа. Одлуките кои се донесуваат по разгледување оглас за пополнување работни места се доставуваат по писмен пат, на домашна адреса, лично до лицата што конкурирале на огласот.** |
| **Прирачник Како да се стане еко-училиште,<br>Формулар за членови на еко-одбор (прв чекор од еколошката програма),<br>Интегрирање во наставата (петти чекор од еколошката програма),<br>Прилози од медиумска промоција (шести чекор од еколошката програма),<br>Еко-кодекс (седми чекор од еколошката програма)<br>Интервјуа со наставниците, родителите и учениците<br>Записничка книга од состаноците на Наставнички совет<br>Увид на место** | **Спроведување на методологијата на седум чекори еко-менаџмент од еколошката програма**<br><br>Раководниот орган на училиштето редовно се грижи за реализација на активности согласно еколошката програма според индивидуалните годишни планирања на наставниците.Тој исто така и придонесува за ефективно и ефикасно спроведување и донесување одлуки.<br><br>Во училиштето постои дворна зелена површина од која јасно може да се видат еколошките активности кои се одржуваат истите се поткрепени од ученици, родители и персоналот од училиштето.Постои и градина каде учениците изведуваат дел од воспитно образовните активности. |

<table>
<tr><th colspan="2">Цели и креирање на училишната политика</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Кои информации се собрани</th></tr>
<tr><td>Годишна програма за работа на училиштето за учебната<br>Самоевалуација<br>Развоен план на училиштето<br>Акциони планови<br>Анкети/Интервјуа со директор, стручна служба, наставници родители ученици, Записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет ; Записник од состаноци на одд. заедници и ученичка организација</td><td>Јасност и соодветност на целите<br><br>Целите на училиштето се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Тие пред се, се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата , максимизирање на постигањата на сите ученици,меѓуетничка интеграција, намалување на насилството во училиштата, намалување на семејното насилство, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност, еколошко образование,грижа за здравјето и исхраната на учениците, безбеден пристап до интернет , безбедно користење на фотографиите на учениците , однесувањето и дисциплината на учениците ,евакуирање во случај на опасност , следење и оценување на учениците ,промовирање на постигањата на учениците ,грижа за учениците од социјално загрозени семејства ,реализирање на хуманитарни акции , градење на соработка со заедницата (медиуми, институции, соседи, други училишта, невладини организации...)<br><br>Вработените, родителите и учениците учествуваат во активностите за остварување на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето.</td></tr>
<tr><td>Годишна програма за работа на училиштето<br>Самоевалуација<br>Развоен план на училиштето</td><td>Процедури за креирање на училишната политикаПри креирањето на политиките училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците. Политиката на училиштето како збир на сите посебни политики постојано се истражува, надополнува и надградува низ интеракцијата помеѓу директорот, наставниците, стручната служба, персоналот, учениците, родителите и надворешното опкружување, секако во согласност со промените на законската регулатива</td></tr>
</table>

| Извори на податоци | Кои информации се собрани |
|---|---|
| | . Креирањето и обликувањето на политиките е евидентно од дискусиите односно записниците на Советот народители, Училишниот одбор, Наставничките совети, Советите на одделенски и предметни наставници. Политиките се согледуваат од бројните пишани процедури, упатства, правилници и како пишани политики во форма на посебни документи.<br><br>**Вклучување на еколошкото образование и заштитата на животната средина во креирањето на училишната политика**<br><br>Јасност и соодветност во поставување на целите во индивидуалните годишни планирања за реализација на еколошките активности од страна на наставниците. |

| Развојно планирање | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани** |
| **Годишна програма за работа на училиштето Развоен план на училиштето** | **Цели на развојното планирање**<br><br>Составен дел на развојниот план на училиштето се сите елементи потребни за реализација на воспитно - образовниот процес, поткрепени со јасната мисија и визија на училиштето, целите, задачите и активностите на евалуацијата.<br><br>Во развојните цели јасно е дефинирана промената кон која стремиме како и придобивките од неа. Сите приоритетни области кои се обработени во развојниот план потекнуваат од проценката на состојбата во училиштето. Во нив се презентирани носителите на активностите, чекорите и времето на реализација |
| **План за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови**<br><br>**План за професионален развој**<br><br>**Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**Интервју со наставници**<br><br>**Летописна книга** | **Професионален развој/стручно усовршување на кадарот** Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Има изготвено програма за стручно усовршување на вработените,<br><br>Раководниот орган перманентно ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите укажувања од Просветниот инспекторат од Бирото за развој и секоторот за основно образование при МОН. Училиштето обезбедува средства за обука на наставниот и ненаставен кадар.Континуирано во текот на минатата учебната година се реализираа обуки и семинари во организација на Бирото за развој на образованието за директорот, стручната служба, наставниците од предметна и одделенска настава, како и за останатиот административен кадар, со што се стекнуваа со нови знаења и професионално се усовршуваа и надоградува. Примената на стекнатите знаења континуирано се следи од директорот и раководниот тим.Овие години училиштето учествуваше на бројни меѓународни проекти .Со реализацијата на сите проекти, семинари, зафати, училиштето ја остварува својата мисија, која всушност е и целта на неговото постоење“ таа е искажана во изјавата на мисијата: |

| Развојно планирање | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани** |
| | Нашето училиште е здрава и пријатна средина која им овозможува на учениците, како главни субјекти на сите активности, да се здобијат со основните знаења, умеења и вештини неопходни за продолжување на образованието и секојдневното функционирање, а наставниците реализираат современа и квалитетна настава со примена на современи наставни методи и техники и континуирано професионално усовршување<br><br>односно ќе се стреми кон својата визија која гласи:<br><br>„ обезбедување на еднакви можности на учениците од сите етнички групи да ги искористат своите капацитети за да стекнат знаења, способности и вештини преку модернизација на наставата, осовременување на наставните средства и усовршување на наставниот кадар ". |
| Увид во опремата | Материјално - техничките средстваТие се значаен фактор за успешно реализирање на воспитно - образовните цели и задачи.Опременоста со наставни средства , помагала и материјали придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на нивото и квалитетот на наставата и реализирање на програмските барања, а со тоа и за постигнување на подобри резултати.Училниците и кабинетите се опремени со голем дел од наставните средства. Училиштето ќе продолжи со доопремување на кабинетите и замена на нефункционалните со нови. |
| Годишна програма за работа на училиштето Развоен план на училиштето | Цели на развојното планирање<br>Составен дел на развојниот план на училиштето се сите елементи потребни за реализација на воспитно - образовниот процес, поткрепени со јасната мисија и визија на училиштето, целите, задачите и активностите на евалуацијата.<br><br>Во развојните цели јасно е дефинирана промената кон која стремиме како и придобивките од неа. Сите приоритетни области кои се обработени во развојниот план потекнуваат од проценката на состојбата во училиштето. Во нив се презентирани носителите на активностите, чекорите и времето на реализација |

| Развојно планирање | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани** |
| **План за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови**<br><br>**План за професионален развој**<br><br>**Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**Интервју со наставници**<br><br>**Летописна книга** | **Професионален развој/стручно усовршување на кадарот** Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Има изготвено програма за стручно усовршување на вработените,<br><br>Раководниот орган перманентно ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите укажувања од Просветниот инспекторат од Бирото за развој и секоторот за основно образование при МОН. Училиштето обезбедува средства за обука на наставниот и ненаставен кадар.<br><br>Континуирано во текот на минатата учебната година се реализираа обуки и семинари во организација на Бирото за развој на образованието за директорот, стручната служба, наставниците од предметна и одделенска настава, како и за останатиот административен кадар, со што се стекнуваа со нови знаења и професионално се усовршуваа и надоградува. Примената на стекнатите знаења континуирано се следи од директорот и раководниот тим.<br><br>Овие години училиштето учестуваше на бројни меѓународни проекти .<br><br>Со реализацијата на сите проекти, семинари, зафати, училиштето ја остварува својата мисија, која всушност е и целта на неговото постоење“ таа е искажана во изјавата на мисијата:<br><br>Нашето училиште е здрава и пријатна средина која им овозможува на учениците, како главни субјекти на сите активности, да се здобијат со основните знаења, умеења и вештини неопходни за продолжување на образованието и секојдневното функционирање, а наставниците реализираат современа и квалитетна настава со примена на современи наставни методи и техники и континуирано |

| | |
|---|---|
| | професионално усовршување<br><br>односно ќе се стреми кон својата визија која гласи:<br><br>„ обезбедување на еднакви можности на учениците од сите етнички групи да ги искористат своите капацитети за да стекнат знаења, способности и вештини преку модернизација на наставата, осовременување на наставните средства и усовршување на наставниот кадар “. |

| Извори на податоци | Кои информации се собрани |
|---|---|
| **Увид во опремата** | **Материјално - техничките средства**<br><br>Тие се значаен фактор за успешно реализирање на воспитно - образовните цели и задачи.Опременоста со наставни средства , помагала и материјали придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на нивото и квалитетот на наставата и реализирање на програмските барања, а со тоа и за постигнување на подобри резултати.<br><br>Училниците и кабинетите се опремени со голем дел од наставните средства. Училиштето ќе продолжи со доопремување на кабинетите и замена на нефункционалните со нови. |
| **Записници од Наставнички совет и фактури** | Библиотечниот фонд последниве години е збогатен со , лектирни изданија и направена е хуманитарна акција за збогатување на истиот со друга литература во која учествуваа ученици ,наставници и надворешни соработници. Стручната литература за наставниците повремено се надополнува според интересот и понудите од издавачките куки. |
| **Увид во инфраструктурата**<br><br>**Апликации на училиштето за обезбедување на средства од локалната самоуправа, заедница, донатори** | **Инфраструктура**<br><br>Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето.Училиштето има воспоставена соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата.<br><br>Во текот на оваа учебна година има градежни зафати со кои се реновираат тоалетите во училиштето, а со цел да се подобрат во голема мера хигиенските услови и сензорна соба која ке има голем придонес во работата со деца со посебни потреби.<br><br>Најголемо внимание заслужува обновата на зелениот дел на дворот кој допринесе за поголем број на образовни активности во градината на нашето училиште. Исто така големо внимание и активност кај учениците побуди и спортскиот полигонот кој беше направен пред влезот на училиштето . |

| Сместување и просторни капацитети | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани** |
